Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 251, 1 април 2020 година

април 2020 година
Штип

## СОДРЖИНА

Р Е Ф Е Р А Т ЗА ИЗБОР НА 1 (ЕДЕН) НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА УМЕТНИЧКА ОБЛАСТ ВИДОВИ НА ИНСТРУМЕНТИ - ПИЈАНО НА МУЗИЧКАТА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП ........ 3

Р Е Ф Е Р А Т ЗА ИЗБОР НА 1 (ЕДЕН) НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА УМЕТНИЧКА ОБЛАСТ МЕТОДИКА НА НАСТАВА ПО НАРОДНИ ОРА НА МУЗИЧКАТА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП ........ 10

Р Е Ф Е Р А Т ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ КЛАСИЧНА АРХЕОЛОГИЈА: ГРЧКА И РИМСКА КУЛТУРА; РИМСКА ПРОВИНЦИСКА КУЛТУРА НАФАКУЛТЕТОТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ 22

Р Е Ф Е Р А Т ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ ИСТОРИЈА НА МАКЕДОНИЈА И НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА НА XIX ВЕК ДО 1918 ГОД. НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ 55

Р Е Ф Е Р А Т ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ ИСТОРИЈА НА МАКЕДОНИЈА И ОПШТА ИСТОРИЈА НА НОВИОТ ВЕК НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ 70

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Уредник на издавачка продукција: проф. д-р Лилјана Колева Гудева
Главен и одговорен уредник: проф. д-р Блажо Боев
Уредници: проф. д-р Мишко Цидров, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Виолета Карагунова
Техничко уредување: Кире Зафиров
Печати: Печатница „2- Август“ - Штип
**ISSN: 1857- 8497**

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА 1 (ЕДЕН) НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА УМЕТНИЧКА ОБЛАСТ ВИДОВИ НА ИНСТРУМЕНТИ - ПИЈАНО НА МУЗИЧКАТА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП**

Со Одлука бр. 1402-115/4 од 11.12.2019 година донесена на 60-тата седница на Наставно-научниот и уметнички совет на Музичката академија, одржана на 11.12.2019 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на 1 (еден) наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област Видови на инструменти - пијано на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во следниот состав:

1. **Проф. д-р Татјана Џорлева,** редовен професор, од наставно - научната област Видови на инструменти - пијано, вработена на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип – претседател.
2. **Проф. д-р Милица Шкариќ,** редовен професор од наставно - научната област Видови на инструменти - пијано вработена на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип – член.
3. **Проф. д-р Емилија Потевска Попивода**, редовен професор од наставно - научната област Видови на инструменти - пијано, вработена на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“, на 30.11.2019 година и во предвидениот рок се пријави кандидатот д-р Ангеле Михајловски, вонреден професор по Пијано на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, Рецензентската комисија констатираше дека се доставени сите потребни документи, согласно со објавениот конкурс, и чест ни е на Наставно-научниот и уметнички совет на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Биографски податоци**:

**Д-р Ангеле Михајловски** е роден на 15 октомври 1982 година во Охрид, Р. Македонија. Основно и средно музичко образование завршува во ДМУЦ „Сергеј Михајлов“ во Штип, во класата на проф. Јасминка Бикова - Стојанова. Дипломира пијано во класата на проф. м-р Стела Слејанска на Факултетот за музичка уметност во Скопје, со просечен успех 8,96. Во март 2010 година, магистрира Пијано кај проф. Стела Слејанска на истиот факултет и се стекнува со научен назив - магистер по Пијано, со просечен успех 9,20. По магистрирањето, Ангеле Михајловски го продолжува своето усовршување на Факултетот за музичка уметност во Скопје каде што и ги завршува докторските студии по Пијано интерпретација под менторство на проф. д-р Ана Гацева, додека научниот труд под наслов „Пијанизмот во три избрани сонати од композиторите на XX век“ го работи под менторство на проф. д-р Викторија Коларовска - Гмирја.

Од септември 2005 до јуни 2007 година, д-р Ангеле Михајловски е вработен во ДМУЦ „Сергеј Михајлов“ во Штип, како наставник по Пијано со корепетиција. Неговиот професионален ангажман опфаќа настава по Пијано во основните и средните одделенија, и уметничка соработка на Пијано во класите по Труба, Флејта и Хорна. Со учениците од овие класи настапува на бројни концерти и натпревари во земјата и во странство, при што некои од учениците се здобиваат и со награди.

Од јуни 2007 година се вработува како асистент по Пијано, Камерна музика и Методика на наставата по клавишни инструменти на Музичката академија во Штип. Во овој период д-р Ангеле Михајловски, совесно и квалитетно ги извршува своите работни обврски и изготвува пет интерни скрипти од вежби за предметот Пијано 1, 2, 3, 4, 5, кој се слуша на Одделот за музичка теорија и педагогија. Во периодот од октомври 2007 до септември 2008 година е ангажиран како асистент на Педагошкиот факултет во Штип по предметите Музички инструмент и Основи на музичко образование и воспитување со методика.

За квалитетно изведување на вежбите по предметот Музички инструмент д-р Ангеле Михајловски изготвува две наставни помагала во електронска форма (ЦД и ДВД), со цел на студентите да им се олесни совладувањето на содржините по овој предмет.

На 5. 6. 2010 година д-р Ангеле Михајловски од страна на Наставно научниот - уметнички совет на Музичката академија е избран за доцент по предметот Пијано. Во периодот што следи, проф. д-р Ангеле Михајловски совесно и стручно ја извршува својата професионална обврска како наставник, за што доказ е и приложената позитивната евалуација при спроведената анонимна анкета помеѓу студентите на кои тој им предава. Во исто време, во периодот 2010 - 2015 година, освен на Музичката академија, д-р Ангеле Михајловски е ангажиран како наставник на Факултетот за образовни науки при УГД - Штип по предметот Музичко образование и воспитание со методика и Музика и движење на студиските програми на Одделенска настава и Предучилишно воспитување. Во овој период издава една рецензирана скрипта и еден практикум за студентите од Факултетот за образовни науки, како и една рецензирана скрипта за студентите по Пијано на Вокално - инструменталниот оддел на Музичката академија со наслов „Прсната техника - клучен фактор за пијанистичката интерпретација.“

Во јуни 2015 година е избран за вонреден професор по Пијано на Музичката академија. Во периодот до декември 2019 година извршува низа активности, како од областа на педагошката работа, така и на уметничко поле, остварувајќи низа успешни концерти активности како солист, корепетитор и камерен изведувач. Имено, во овој период под негово менторство дипломираат 4 студента на насоката Пијано на Вокално - инструменталниот оддел, а на Одделот за музичка теорија и педагогија повеќе од 10-тина студенти чиј професор по Пијано бил Михајловски. Во ноември 2015 година е избран за продекан на Филмската академија при УГД - Штип, функција која ја извршува до октомври 2019 година кога е назначен за продекан на Музичката акадмија при УГД - Штип. Значајно е тоа што како продекан на Филмската академија во октомври 2018 година помага во акредитирањето на новата студиска програма Современ танц, која како таква во изминатите две години прогресивно се развива и денес претставува носечки двигател на Филмската академија со повеќе од 20 студента.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање редовен професор од областа на музичката уметност за стручно-уметничките предмети***

1. Вонреден професор од научната област во која се избира со диплома за завршено соодветно високо образование од втор степен.
   Кандидатот проф. д-р Ангеле Михајловски е избран во звањето вонреден професор по наставно-научната област Пијано на Музичката академија при УГД на 7.4. 2015 година од страна на Наставничкиот совет на МА во Штип сметано од 5. 6. 2015 година до 5. 6. 2020 година;

2. Изведба на осум целовечерни концерти (во земјава или странство)

| Бр. | Изведувач | Вид на концерт | Наслов на концертот | Датум на изведба |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Ангеле Михајловски | целовечерен концерт | Пијано рецитал, ФМУ Скопје | 14.11.2017 год. |
| 2 | Ангеле Михајловски | целовечерен концерт | Пијано рецитал, Ниш, Р. Србија | 7.10.2017 год. |
| 3 | Ангеле Михајловски | целовечерен концерт | Пијано рецитал, Парачин, Р. Србија | 22.9.2017 год. |
| 3 | Ангеле Михајловски | целовечерен концерт | Пијано рецитал, ШКЛ 2017, Штип | 30.7.2017 год. |
| 4 | Ангеле Михајловски | целовечерен концерт | Пијано рецитал, Ќустендил, Р. Бугарија | 8.7.2017 год. |
| 5 | Ангеле Михајловски | целовечерен концерт | Пијано рецитал, Париз, Р. Франција | 27.5.2017 год. |
| 6 | Ангеле Михајловски со музичкиот состав Портал | целовечерен концерт | Свечена академија по повод 1100 години од упокојувањето на Св. Климент Охридски | 5.12.2016 год. |
| 7 | Ангеле Михајловски со музичкиот состав Портал | целовечерен концерт | Настап на фестивалот „Есенски Музички Свечености“ 2017 | 28.11.2017 год. |
| 8 | Ангеле Михајловски и Баже Костадинов | целовечерен концерт | Концерт во МЦ Галерија во Њујорк, САД | 5.12.2019 год. |

3. Под негово менторство се изработени дипломски или магистерски трудови
   - Под менторство на проф. д-р Ангеле Михајловски се изработени 4 дипломски труда.
4. Покажал способност во изведувањето на сите видови високообразовна дејност –
   - проф. д-р Ангеле Михајловски покажува способност во изведувањето на сите видови високообразовна дејност; успешно изведува настава на додипломските студии на Вокално-инструменталниот оддел при Музичката академија во Штип по предметот Пијано.
5. Има придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници
   - проф. д-р Ангеле Михајловски има придонес во оспособувањето на соработници и помлади наставници; дипломираните пијанисти веќе работат како наставници по Пијано во музичките училишта во државата, но и надвор од неа.
6. Има издаден универзитетски учебник или стручна книга или монографија или це де или ДВД.
   - проф. д-р Ангеле Михајловски има издадено авторско ЦД со наслов „Сонатна приказна“, издавач Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.
7. Има преодна просечна оценка од официјалните анкети на студентите реализирани на соодветни единици на Универзитетот. –
   -проф. д-р Ангеле Михајловски има преодна просечна оценка од официјалните анкети на студентите реализирани на соодветните единици на Универзитетот.
8. Има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето: (НО)=40; (НИ)=45; (САОР)=15 или вкупно 100 поена.

***Наставно - образовна дејност***

Во периодот од 2014 до 2019 година студентите од класата по Пијано на проф. д-р Ангеле Михајловски одржаа повеќе целовечерни групни и солистички концерти како дел од тековните активности од наставно - образовна дејност:

1. Март/април 2014, концертна турнеја на студентите од клавирската класа во рамките на проектот „Младите пијанисти на македонскиот подиум“ во градовите Кавадарви, Кочани и Штип (проект поддржан од Министерството за култура на Р. Македонија), (линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/12184).
2. Декември 2014, Мултимедијален центар, Штип, Новогодишен концерт на студентите од Вокално - инструменталниот оддел од Музичката академија при УГД – Штип, (линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/12156).
3. Јуни 2015, уметничка галерија Безистен – Штип, концерт на студентите од Катедрата по пијано при УГД, (линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/13939).
4. Декември 2015, уметничка галерија Безистен – Штип, концерт на студентите од Катедрата по пијано при УГД Штип, (линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/15081)
5. Април 2015, ОМУ „Боро Џони“, „Младите пијанисти на македонскиот подиум 2015”, (линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/15054).
6. Април 2015, НУЦК „Ацо Шопов“ – Штип, „Младите пијанисти на Македонскиот подиум 2015”, (линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/15056).
7. Јуни 2015, Штипско културно лето, „Вечер на пијаното”, Уметничка галерија „Безистен“, Штип, (линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/13939).
8. Септември 2016, дипломски испит на Бојана Михајловска, Музичка академија – Штип, (линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/16465).
9. Февруари 2017, Музичка академија – Штип, дипломски испит на Деспина Филова – пијано, (линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/17420).
10. Мај 2017, Музичка академија – Штип, концерт на Матеа Стошиќ – пијано, (линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/19071).
11. Декември 2018, Музичка академија – Штип, новогодишен концерт на студентите по Пијано, (линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/21349) и други.

***Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности***

Од јануари 2015 година до декември 2019 година проф. д-р Ангеле Михајловски изведува 19 целовечерни солистички, камерни концерти во признати сали и настапи на групни концерти. Целовечерните концерти се наведени подолу (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под реден број 6 за вкупен број поени од овие концерти):

1. 3.7.2015 Целовечерен концерт со музичкиот состав „Портал” во Охрид, (http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/15030).
2. 4.2.2016 Едночасовен музички портрет на телевизија „Канал 8”, со музичкиот состав „Портал”, (http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/14647).
3. 1.5.2016 Целовечерен концерт и изведба во живо на музичкиот проект „Радост моја, Христос Воскресе!”, од авторот Марјан Јанкоски на Македонската телевизија (МТВ1) со музичкиот состав „Портал”, ( http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/16322).
4. 11.7.2016 Целовечерен концерт во рамки на „Духовна академија” по повод празникот св. Петар и Павле во Кочани, центар за култура „Бели Мугри”- Кочани, (http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/16199).
5. 5.12.2016 Целовечерен концерт по повод јубилејот „1100 години од упокојувањето на

Свети Климент Охридски", Штип, (http://eprints.ugd.edu.mk/17331/).

6. 27.5.2017 Пијано рецитал во рамките на проектот „Штип и Париз на фреквенцијата на уметноста", Ателје на Амбасадата на РСМ во Франција, Париз, (http://eprints.ugd.edu.mk/19425/).
7. 8.7.2017 Пијано рецитал во рамките на Меѓународниот музички фестивал „Пауталиа 2017", во концертната сала на читалиштето „Братство 1869", Ќустендил; (http://eprints.ugd.edu.mk/19429/).
8. 30.07.2017 пијано рецитал во рамките на фестивалот "Штипско Културно Лето 2017", во концертната сала на Музичката академија при УГД – Штип; (http://eprints.ugd.edu.mk/19431/)
9. 22.9.2017, Пијано рецитал во концертната сала на Музичкото училиште „Миленко Живковиќ" во Парачин, Р. Србија, (http://eprints.ugd.edu.mk/19432/).
10. 7.10.2017 Пијано рецитал во Ниш, Р. Србија, (http://eprints.ugd.edu.mk/19589/).
11. 14.11.2017 Пијано рецитал во концертната сала на ФМУ – Скопје, (http://eprints.ugd.edu.mk/22836/).
12. 28.11.2017, Целовечерен концерт со музичкиот состав „Портал" на фестивалот „Есенски музички свечености 2017", Музеј на Македонската борба, Скопје, (http://eprints.ugd.edu.mk/18852/).
13. 7.12.2017, Целовечерен концерт со музичкиот состав „Портал", Центар за Култура „Мирка Гинова", Демир Капија, (http://eprints.ugd.edu.mk/18854/).
14. 15.5.2018, Целовечерен концерт со музичкиот состав „Портал" на 19-та Литературна манифестација „Илинден 2018", (о. Илинден, Скопје), (http://eprints.ugd.edu.mk/21244/).
15. 11.7.2018, Целовечерен концерт со музичкиот состав „Портал" на манифестацијата „Петровденски духовни конаци 2018" во Кочани, (http://eprints.ugd.edu.mk/21245/).
16. 16.11.2018, Концерт во рамките на Интернационалната вечер од Меѓународниот пијано фестивал ВВ Фест 2018 во Брно, Р. Чешка, (http://eprints.ugd.edu.mk/22838/).
17. 21.12.2018, Концерт за пијано и оркестар (транскрипција за две пијана) во концертната сала на ФМУ – Скопје, (http://eprints.ugd.edu.mk/21353/).
18. 7.11.2019, Хуманитарен концерт во организација на Музичката академија во Штип, Мултимедијален центар на Економски факултет, Штип, (http://eprints.ugd.edu.mk/22837/).
19. 3.12.2019 Концерт во МЦ Галеријата во Њујорк, (линк од репозиториум https://www.facebook.com/1401558470146689/photos/p...).

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Во периодот од 2014 до 2019 година проф. Михајловски, покрај тоа што ја извршува функцијата продекан, активно е вклучен во повеќе факултетски и универзитетски органи и тела каде што значајно придонесува во развојот и прогресот на Универзитетот. Член е на Универзитетската комисија за самоевалуација, а активно учествува во повеќе факултетски комисии како што се: Комисијата за упис на студенти, претседател на Одборот за соработка и доверба со јавноста итн. Во декември 2019 го објавува своето аудио ЦД под наслов „Сонатна приказна" под издаваштво на УГД.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Во согласност со Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, како и по подеталното разгледување на доставената документација наведена во Конкурсот, Рецензентската комисија констатираше дека кандидатот вонреден професор д-р Ангеле Михајловски ги има остварено потребните поени кои се однесуваат на наставно-образовната дејност, научноистражувачката дејност и стручно-уметничките активности, стручно-апликативната и организациско-развојната дејност или вкупно 158 поени (НО+НИ+САОР = 40+89+29 = 158) од неопходниот минимум од 100 поени.

Преку анализата и оценката на сите наведени постигнувања во периодот од јуни 2015 година до денес д-р Ангеле Михајловски остварува континуиран развој и постигнува значајни резултати во неговите наставни области.

Имајќи ја предвид наведената аргументација, чест ни е, како членови на Рецензентската комисија, **да му предложиме на Наставно-научниот и уметнички совет на Музичката академија да го избере кандидатот д-р Ангеле Михајловски во наставно-научното звање редовен професор за наставно-научната уметничка област Видови на инструменти -** ***пијано*** **на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип и одлуката да ја достави до Универзитетскиот сенат за потврдување на изборот на д-р Ангеле Михајловски во звање редовен професор за наставно-научната уметничка област Видови на инструменти - пијано на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**1. проф. д-р Татјана Џорлева**, редовен професор, од наставно - научната област Видови на инструменти - пијано, вработена на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип - претседател. с.р.

**2. проф. д-р Милица Шкариќ**, редовен професор од наставно - научната област Видови на инструменти - пијано вработена на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип - член, с.р.

**3. проф. д-р Емилија Потевска Попивода**, редовен професор од наставно - научната област Видови на инструменти - пијано, вработена на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип - член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјата | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 5. | Избор во звање вонреден професор | 40 | | | | 40 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **40** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | | | | | | |
| **2.** | Дел од монографија или научна книга | 1х6 | 6 | | | 6 |
| **6.** | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт, учество на ликовна изложба 19 целовечерни концерти (13 концерти во земјава и 6 концерти во странство) | 13х3 | 39 | 6х6 | 36 | 75 |
| **8.** | Одбранета докторска теза | 1х8 | 8 | | | 8 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **89** |
| | | | | | | |
| **Р. бр.** | **Стручно апликативна дејност и организационо развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1.** | Книга/ЦД (издаден аудио компакт диск со наслов „Сонатна приказна“ за издавачот УГД) | 1х10 | 10 | | | **10** |
| **24.** | Продекан | 1х8 | 8 | | | **8** |
| **27.** | Член на универзитетски или владини тела (член на Универзитетска Комисија за самоевалуација 2011-2015 и 2015-2019) | 1х5 | 5 | | | **5** |
| **28.** | Член на факултетски орган, комисија (член на Одборот за соработка и доверба со јавноста, член на Комисија за спроведување на приемни испити, членна Комисија за упис на студенти) | 3х2 | 6 | | | **6** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **29** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **158** |

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА 1 (ЕДЕН) НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА УМЕТНИЧКА ОБЛАСТ МЕТОДИКА НА НАСТАВА ПО НАРОДНИ ОРА НА МУЗИЧКАТА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**

Со Одлука бр. 1402-115/19 од 11.12.2019 година донесена на 60-тата седница на Наставно-научниот и уметнички совет на Музичката академија, одржана на 11.12.2019 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на 1 (еден) наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област *Методика на настава по народни ора* на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во следниот состав:

- **Проф. д-р Родна Величковска**, редовен професор - научен советник од областа *етномузикологија*, вработена при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј”, Институт за фолклор „Марко Цепенков“ во Скопје- претседател.
- **Проф. д-р Зоранчо Малинов**, редовен професор - научен советник од областа *материјална култура*, вработен при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј”, Институт за фолклор „Марко Цепенков“ во Скопје- член.
- **Проф. д-р Гоце Гавриловски**, редовен професор, од областа *фолклористика*, вработен при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип- член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ на 30.11.2019 година и во предвидениот рок се пријави кандидатот

д-р Владимир Јаневски, вонреден професор по Методика на настава по народни ора на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, Рецензентската комисија констатираше дека се доставени сите потребни документи, согласно со објавениот Конкурс, и чест ни е на Наставно-научниот и уметнички совет на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип му го поднесува следниов:

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

**Д-р Владимир Јаневски** е роден во Скопје 1969 година. Основно и средно образование завршува во Скопје. Дипломската работа ја одбранува во 2002 година на тема *Народната носија во Овче Поле*. Степенот магистер го стекнува во 2010 година на тема *Етнолошки и етнокореолошки карактеристики на македонските традиционални народни ора по избрани примери*. Во 2011 година е запишан на докторски студии на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ каде и докторира на тема: *Еткореолошка класификација на македонските народни ора*.

Кандидатот д-р Владимир Јаневски своето професионално искуство почнал да го оформува во 1986 година во Ансамблот за народни игри и песни „Танец“, како професионален играч – пејач. Од 2001 до 2007 година кандидатот е вработен во ДМБУЦ „Илија Николовски – Луј“, Скопје, на насоката за Традиционална музика и игра. Од 2007 година кандидатот е вработен на Универзитетот „Гоце Делчев“, Факултет за музичка уметност во Штип на Одделот за етнокореологија, како асистент. Од 2010 година е избран во звање доцент на Факултетот за музичка уметност, а од 2012 година е назначен и за продекан за настава на истиот факултет, сè до 2019 година. Од 2012 година е уметнички менаџер на Ансамблот „Македонија.“

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање редовен професор од областа на музичката уметност за стручно-уметничките предмети***

**Општи услови за избор:**

1. Вонреден професор од научната област во која се избира со диплома за завршено соодветно високо образование од втор степен.

- Кандидатот проф. д-р Владимир Јаневски е избран во звањето вонреден професор по наставно-научната област *Методика на настава по народни ора* на Музичката академија при УГД на 7.4. 2015 година од страна на Наставничкиот совет на МА во Штип сметано од 5. 6. 2015 година до 5. 6. 2020 година.

2. Изведба на единаесет целовечерни концерти (во земјава или странство)

**Концертни активности во земјата**

| ***Р б*** | ***Место*** | ***Дата*** | ***Повод*** | ***Наслов*** | ***Нстап/<br><br>Целовечерен концерт*** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Македонски народен театар – Скопје | 29.4.2015 | Едукативни концерти за основните училишта во Македонија | Чувари на традицијата | целовечерен концерт |
| 2 | Македонски народен театар, Скопје | 11.12.2015 | годишен концерт на ансаблот | На аскер ќе одам | целовечерен концерт |
| 3 | Македонски народен театар, Скопје | 29.11.2016<br><br>(втора претстава) | годишен концерт | Махмуд се готви | целовечерен концерт |
| 4 | Хераклеа, Битола | 1.8.2017 | 47. Републички фестивал на народни игри и песни Илинденски денови 2017 | / | целовечерен концерт |
| 5 | Музеј на македонската борба | 2.6.2019 | Меѓународна ревија на народни носии | Меѓународна ревија на народни носии | ревија и целовечерен концерт |

*Концертни активности во странство*

| Р б | Место | Дата | Повод | Наслов | Настап/<br><br>Целовечерен концерт |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Република Турција – Ахисар, Маниса и Измир | 26. – 31.5.2015 | концертна турнеја во Турција | / | 2 целовечерни концерти |
| 2 | Бјалисток, Република Полска | 19.7.-28.7.2015 | учество во интернационален фоклорен фестива „The Podlasque“, Octave of cultures 2015 | / | настапи, целовечерни концерти, дефиле |
| 3 | Корча, Република Албанија, Театар А.З. | 23.10.2015 | 23 Октомври Ден на македонската револуционерна борба, „Фолклорен фестивал Сонце“ | / | целовечерен концерт |
| 4 | Загреб, Република Хрватска | од 20.7.2017 до 24.07.2017 | Меѓународна смотра фолклора – Хрватска | / | ревија на носии/ настапи (5)/ целовечерни концерти (4) |
| 5 | Клаипеда , Литванија | 19.7.-29.7.2018 | Фестивал PARBEG LAIVELIS! | | концертна турнеја<br><br>5 |
| 6 | Кикинда – Србија, Трњани и Загреб – Хрватска | 16.10.22.10.2018 | концертна турнеја | / | работилници, семинари, настапи и целовечерни концерти |

3. Под негово менторство се изработени дипломски и магистерски трудови

- Под менторство на проф. д-р Владимир Јаневски се изработени 25 дипломски труда и 5 магистерски труда.

4. Покажал способност во изведувањето на сите видови високообразовна дејност –

- Проф. д-р Владимир Јаневски покажува способност во изведувањето на сите видови високообразовна дејност; успешно изведува настава на додипломските студии, како и на посдипломските студии на Катедрата по етнокореологија при Музичката академија во Штип по група предмети.

5. Има придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници

- Проф. д-р Владимир Јаневски има придонес во оспособувањето на соработници и помлади наставници; дипломираните етнокореолози веќе работат како наставници по народни ора во музичките училишта во државата, стручни соработници во Центрите за култура, како и во Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје.

6. Има издаден универзитетски учебник или стручна книга или монографија или це де или ДВД

- Проф. д-р Владимир Јаневски има издадено авторско ЦД со наслов „Махмуд се готви…“ и „На аскер ќе одам“, издавач: Здружение на етнокореолози на Македонија, Скопје 2016.

7. Има преодна просечна оценка од официјалните анкети на студентите реализирани на соодветни единици на Универзитетот

- Проф. д-р Владимир Јаневски има преодна просечна оценка од официјалните анкети на студентите реализирани на соодветните единици на Универзитетот.

8. Има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето: (НО)=40; (НИ)=45; (САОР)=15 или вкупно 100 поена.

**Наставно- образовна и научноистражувачка дејност**

**Концертни активности во земјата**

| ***Р б*** | ***Место*** | ***Дата*** | ***Повод*** | ***Наслов*** | ***Настап/<br><br>Целовечерен концерт*** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Македонски народен театар – Скопје | 29.4.2015 | едукативни концерти за основните училишта во Македонија | Чувари на традицијата | целовечерен концерт |
| 2 | Македонски народен театар – Скопје | 29.4.2015<br><br>(втора претстава) | едукативни концерти за основните училишта во Македонија | Чувари на традицијата | целовечерен концерт |
| 3 | Македонски народен театар – Скопје | 30.4.2015 | едукативни концерти за основните училишта во Македонија | Чувари на традицијата | целовечерен концерт |
| 4 | Македонски народен театар – Скопје | 30.4.2015<br><br>(втора претстава) | едукативни концерти за основните училишта во Македонија | Чувари на традицијата | целовечерен концерт |
| 5 | Македонски народен театар – Скопје | 4.5.2015 | едукативни концерти за основните училишта во Македонија | Чувари на традицијата | целовечерен концерт |
| 6 | Македонски народен театар – Скопје | 4.5.2015<br><br>(втора претстава) | едукативни концерти за основните училишта во Македонија | Чувари на традицијата | целовечерен концерт |
| 7 | Дом на култура, Кавадарци | 16.10.2015 | Есенски културни денови | / | целовечерен концерт |
| 8 | Дом на култура, Демир Капија | 18.10.2015 | / | / | целовечерен концерт |
| 9 | Македонски народен театар, Скопје | 11.12.2015 | годишен концерт на ансаблот | На аскер ќе одам | целовечерен концерт |
| 10 | Салон на МНТ – нов објект | 13.3.2016<br><br>(втора претстава) | / | На аскер ќе одам | целовечерен концерт |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 11 | Отворена сцена, Берово | 26.8.2016 | концертна турнеја на Ансамблот низ Македонија/<br><br>Етно плоштад фестивал | / | целовечерен концерт |
| 12 | Македонски народен театар, Скопје | 29.11.2016 | годишен концерт | Махмуд се готви | целовечерен концерт |
| 13 | Македонски народен театар, Скопје | 29.11.2016<br><br>(втора претстава) | годишен концерт | Махмуд се готви | целовечерен концерт |
| 14 | Дом на култура Бели мугри, Кочани | 1.12.2016 | концертна турнеја низ Македонија | / | целовечерен концерт |
| 15 | Завод и Музеј на град Штип | 23.3.2017 | 10 години јубилеј од постоење на Унуверзитетот „Гоце Делчев“ – Штип | / | целовечерен концерт |
| 16 | Хераклеа, Битола | 1.8.2017 | 47. Републички фестивал на народни игри и песни Илинденски денови 2017 | / | целовечерен концерт |
| 17 | Македонски народен театар – Скопје | 2.4.2018 | годишен концерт | / | целовечерен концерт |
| 18 | Центар за култура – Битола | 9.5.2018 | годишен концерт | / | целовечерен концерт |
| 19 | НУ. Центар за култура „Марко Цепенков“ – Прилеп | 6.11.2018 | / | / | целовечерен концерт |
| 20 | Центар за култура – Битола | 1.6.2019 | Меѓународна ревија на народни носии | Меѓународна ревија на народни носии | ревија и целовечерен концерт |
| 21 | Музеј на македонската борба | 2.6.2019 | Меѓународна ревија на народни носии | Меѓународна ревија на народни носии | ревија и целовечерен концерт |

*Концертни активности во странство*

| Р б | Место | Дата | Повод | Наслов | Настап/<br><br>Целовечерен концерт |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Република Турција – Ахисар, Маниса и Измир | 26. – 31.5.2015 | концертна турнеја во Турција | / | 2 целовечерни концерта |
| 2 | Република Турција, Бурса | 5.7 – 14.7.2015 | учество во 29 Интернационален фолклорен натпреварувачки фестивал | / | целовечерен концерт/ настап/ дефиле |
| 3 | Бјалисток, Република Полска | 19.7.-28.7.2015 | Учество во интернационален фоклорен фестива „The Podlasque“, Octave of cultures 2015 | / | настапи, целовечерни концерти, дефиле |
| 4 | Лесковац, Качарево, Белград, Панчево, Република Србија | 12.10.-16.10.2015 | концертна турнеја | / | четири целовечерни концерта |
| 5 | Корча, Република Албанија, Театар А.З. | 23.10.2015 | 23 Октомври Ден на македонската револуционерна борба, „Фолклорен фестивал Сонце“ | / | целовечерен концерт |
| 6 | Отворена сцена Врбени – Екшису – Грција | 17.7.2016 | / | / | целовечерен концерт |
| 7 | Црна Гора, Србија, Хрватска | од 5.5.2017 до 12.5.2017 | концертна турнеја | / | 5 целовечерни концерти |
| 8 | Загреб, Република Хрватска | од 20.7.2017 до 24.7.2017 | меѓународна смотра фолклора – Хрватска | / | ревија на носии/ настапи (5)/ целовечерни концерти (4) |
| 9 | Ковачевац, Србија | 31.6.-2.7.2018 | Балкански сусрети | | концертна турнеја |
| 10 | Клаипеда , Литванија | 19.7.-29.7.2018 | Фестивал PARBEG LAIVELIS! | | концертна турнеја<br><br>5 |
| 11 | Црна Гора | 10.10.-12.10.2018 | концертна турнеја | Tradicija spaja | ревија на народни носии, концерт |
| 12 | Кикинда – Србија, Трњани и Загреб – Хрватска | 16.10.22.10.2018 | концертна турнеја | / | работилници, семинари, настапи и целовечерни концерти |

**Активности како предавач**

- **08 / 2015 -** *Семинар за традиционална музика и игра,* Илинденски денови, Битола.
- **08 / 2016 -** *Семинар за традиционална музика и игра,* Илинденски денови, Битола.
- **08 / 2017 -** *Семинар за традиционална музика и игра,* Илинденски денови, Битола.
- **08 / 2018 -** *Семинар за традиционална музика и игра,* Илинденски денови, Битола.
- **08 / 2019 -** *Семинар за традиционална музика и игра,* Илинденски денови, Битола.

**Проекти**

- Концертна турнеја во Македонија, Ансамбл „Македонија“, Министерство за култура, 2016 год.
- Набавка на женски и машки обувки за сценско- уметничка дејност, Ансамбл „Македонија“, Министерство за култура, 2016 год.
- Концерт на традиционална музика и игра: СКОПЈЕ – КУЛТУРНА ТУРИСТИЧКА АТРАКЦИЈА, Ансамбл „Македонија“, град Скопје, 2017 год.
- Учество на Ансамбл „Македонија“ на Интернационален фестивал во Клаипеда, Литванија, Ансамбл „Македонија“, Министерство за култура, 2018 год.
- Меѓународна ревија на народни носии, Ансамбл „Македонија“, град Скопје, 2018, год.
- Курт Хејлишер во Македонија,  Ансамбл „Македонија“, град Скопје, 2019, год.
- Подвижна традиционална уметност, Ансамбл „Македонија“, град Скопје, 2019, год.
- Кошулите од Скопската котлина според Ангелина Крстева, Ансамбл „Македонија“, Министерство за култура, 2019, год.
- Низ годишните циклуси, Ансамбл „Македонија“, Министерство за култура, 2019, год.
- Меѓународна ревија на народни носии, Ансамбл „Македонија“, Министерство за култура, 2019, год.
- Традиционалната музичка култура во Штип, УГД, Музичка академија – Штип, 2018 – 2019.
- Popeska, Biljana, Jovanova - Mitkovska, Snezana and Barbareev, Kiril and Janevski, Vladimir (2016) HOPSports On Line Streaming (OLS) Brain Breaks (BB) Research Project.

**Учество на конференции**

- XVIII International Symposium on Balkan Folklore, *Institutionalized Folkloristic and Ethnologymin Macedonia and Balkans – Theory and Empiricism,* Institute for folklore „Marko Cepenkov“ – Skopje, 20 – 21. 11. 2015.
- IV  International Conference Processes of Cultural Interference, *The Balkans between the east and the weast,* PSI Institute of old slavic culture – Prilep, 10 – 12. 09.2017.
- Дани Владе С. Милошевића, *Женски обредни поворки во Македонската етнокореолошка класификација,* Универзитет у Бањој Луци, Академија Уметности, 12 – 14. 4.2019.
- Учество на меѓународен симпозиум, *Традиција и современост во фолклорот на балканските народи,* ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје, 24 – 25. 11. 2017.
- Учество на XX меѓународен симпозиум, *Фолклористика: Предизвици и перспективи*, Институт за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје, 22 – 23. 11. 2019.

**Објавени трудови**

- **Владимир Јаневски**, Реквизити при изведба на орската традиција, Балканската култура низ призмата на фолклористичко – етнолошките истражувања, ИФ, Скопје, 2015.

Резиме: Во македонската традиционална култура, особено во изведбата на традиционалните ора, како културен феномен, често се користат и реквизити. Овие реквизити можат да бидат изработени од различни материјали како: дрво, стакло, волна итн. Терминолошки овие реквизити носат повеќе имиња: к'лчка, балта, чадр, стапче, шервета, китка, ќустек, крпа, змија, ризле, миндиљ, шамивче и др. Истите се користат за насочување на правецот на орото, темпото и формата на орото. Тие имаат одредено апотропејско значење, но, исто така, ја имаат моќта за истакнување на индивидуалци во поголема социјална група.

- **Владимир Јаневски**, *Народната носија суштинска одлика во сценските адаптации*, Зборник на трудови *VII*, Битола, 2015.

Резиме: Културата на облекување кај македонскиот народ претставува специфика и богатство во колористични решенија и симболи. Во изведбата на игроорните ансамбли таа е првиот контакт со публиката и ја отсликува сценската адаптација давајќи ѝ белег на национална припадност, естетика, национално чувство итн.

- **Владимир Јаневски**, Водичарки во планинските села од Скопска Блатија, Македонски фолклор, ИФ, XXXVIII, бр. 71, Скопје, 2016.

Резиме: Обредните женски поворки се среќаваат во неколку планински села во етничкиот предел Скопска Блатија. Се изведувале до средината на 20 век. Специфика на овие обредни поворки е девојки, пред нивното мажење, во зимскиот циклус, поточно на 19 и 20 јануари, од куќа до куќа да пеат песни во чест на домаќините или на членовите на семејството. Специфика за овие поворки е и податокот дека за време на празнувањето се среќава и орска традиција, која има многу стари елементи во методските елементи. Носијата што најчесто ја носат овие девојки има атрибути од невестинскиот период.

- **Владимир Јаневски**, Играта калачоина во Западна Македонија, *Македонците со исламска религија во историски и современ контекст, Комисија за односи со верски заедници и религиски групи*, Скопје, 2016.

Резиме: Играта калачоина се среќава во неколку етнички предели во западниот дел на Македонија. Оваа игра претставува раритет во македонската игроорна култура само поради фактот што веќе во некои етнички предели е на заборав или потполно исчезнување. Истражувајќи во неколкуте предели и тоа: Гора, Љума, Голо Брдо, Горна Река и Долна Река, можат да се проследат најразлични примери и остатоци од оваа културна појава. Проследувајќи го овој културен феномен, но, исто така, следејќи и други традиционални културни вредности, како: народната носија, дијалектите, етничноста, пределските целини, може да се следи и обединувачкиот фактор што некогаш ја имала оваа културна појава, поточно играта калачоина.

- **Владимир Јаневски**, *Накитот и китењето суштинска одлика во сценските адаптации*, Зборник на трудови *VIII*, Битола, 2016.

Резиме: Културата на китењето на народните носии може да се согледа од неколку аспекти: накитот може да биде од природно потекло, животинско потекло, метален накит, како и стаклен накит – мониста. Игроорните ансамбли, кои се презентери на сценската култура, ретко кога обрнуваат внимание на китењето и украсувањето на народните носии.

- **Владимир Јаневски**, *Класификација на ората во Македонија*, Зборник на трудови *IX*, Битола, 2017.

Резиме: Класификацијата на народните ора, главно, може да се подели на два дела и тоа обредни игри и соборски ора. Двата аспекта се разгледувани, анализирани и систематизирани од аспекти на етнокореолошката наука, со што се добиени соодветни резултати.

- **Владимир Јаневски**, *Теориско – методолошки аспекти во етнокореологијата*, Годишен зборник *број 4*, УГД – Факултет за музичка уметност, Штип, 2017.

Резиме: За да се добијат релевантни податоци за ората во Македонија беа извршени неопходни истражувања кои се темелат врз пишани извори, врз материјал собран лично со терenski истражувања, како и од теренските истражувања вршени од страна на еминентни истражувачи од Институтот за фолклор: Ганчо Пајтонџиев и Михајло Димоски (од етнокореолошки аспект на ората), Александар Линин и Боривоје Џимревски (од етноорганолошки аспект на ората) и Родна Величковска (од етномузиколошки аспект на ороводните песни). При истражувањата беше применета компаративна метода на: интервјуа, слободни разговори, опсервации и слично.

- **Владимир Јаневски**, *Женските обредни поворки според етнокореолошката класификација*, Зборник на трудови *X*, Битола, 2018.

Резиме: Женските обредни поворки во Македонија, како дел од календарскиот циклус на обичаи претставуваат „обреди на иницијација“, поточно воведување на девојчињата во еден поинаков свет, а тоа е светот на возрасните, односно претставување на иницијантите во општествената средина како зрела личност.

- **Владимир Јаневски**, *Свадбени игри во македонската етнокореолошка класификација*, Зборник на трудови *XI*, Битола, 2019.

Резиме: Свадбата како обред на премин претставува жива традиција, која чува многубројни и разни докази за општествените односи на традиционалната заедница. Во овие истражувања посебно ќе се обработуваат обредните ора, чие функционално значење е од голема важност за традиционалната заедница при обавувањето на свадбените обредни пстапки.

- **Владимир Јаневски**, *Машки обредни поворки во македонската етнокореолошка класификација*, Годишен зборник 5, УГД – Факултет за музичка уметност, Штип, 2018.

Резиме: Текстот укажува за машките обредни поворки во македонската етнокореолошка класификација. Со одредени примери се дава објаснување за маскираните поворки, Русалиите и Кумовите и нивните главни карактеристики, етничките поставености и обредните обележја.

- **Vladimir Janevski**, Gradska kultura odevanja u Makedoniji, *Makedonske narodne nosije I tekstilno rukotvorstvo u Etnografskom muzeju Split*, Split, 2018.

Резиме: Градската култура на облекување како дел од секојдневната традиција во Македонија. Градската носија може, во главно, да се подели на два типа и тоа: Ала Франга и Ала Турка. И двата типа имаат специфики во елементите на облекување според кои може да се согледа автентичноста на предметите како и надворешните културни влијанија.

- **Владимир Јаневски**, *Етнокореолошка класификација на ората во Македонија*, Здружение на етнокореолози на Македонија, Скопје, 2019.

Резиме: Класификацијата на народните ора, главно, може да се подели на два дела

и тоа: обредни игри и соборски ора. Двата аспекта се разгледувани, анализирани и систематизирани од аспекти на етнокореолошката наука, со што се добиени соодветни резултати. Главната класификација на ората во Македонија е според игроорни подрачја и тоа: Западно, Југозападно, Јужно, Источно и Северно игроорно подрачје.

**Концертна продукција (ЦД – изданија)**

- НА АСКЕР ЌЕ ОДАМ, Ансамбл „Македонија“, издавач: Здружение на етнокореолози на Македонија, Скопје 2016.
- МАХМУД СЕ ГОТВИ, Ансамбл „Македонија“, издавач: Здружение на етнокореолози на Македонија, Скопје 2016.

**Награди**

- X DANCE НАТПРЕВАР – *ОСВОЕНА ГРАД ПРИ НАГРАДА, Македонски народен театар, 19.06.2017.*
- Сојуз на стопански комори на Република Македонија доделува награда ПРИЗНАНИЕ ЗА МАКЕДОНСКИ КВАЛИТЕТ 2016 ГОДИНА, Музеј на македонската борба, 2.12.2016.

**Ментор на дипломски и магистерски труд**

Во текот на активната едукација до сега под негово менторство имаат дипломирано 25 студента од прв циклус и 5 студента од втор циклус, сите на студиската програма по етнокореологија на УГД, Музичка академија – Штип.

**Стручно – апликативна и организационо-развојна дејност**

Во периодот од 2014 до 2019 година проф. д-р Владимир Јаневски, покрај тоа што ја извршува функцијата продекан, активно е вклучен во повеќе факултетски и универзитетски органи и тела каде што значајно придонесува во развојот и прогресот на Универзитетот. Претседател е на Универзитетската комисија за упис на студенти и претседател на Комисијата за проверка на знаењето и умеењето на студентите. Во декември 2016 ги објавува видео ЦД под наслов „Махмуд се готви...“ и „На аскер ќе одам“, издавач: Здружение на етнокореолози на Македонија, Скопје 2016. Посебно би сакале да ја истакнеме книгата „Етнокореолошка класификација на ората во Македонија“, Здружение на етнокореолози на Македонија, Скопје 2019, која е од огромно општествено, научно и едукативно значење за етнокореолошката наука кај нас, па и пошироко.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Членовите на Комисијата за избор на наставник во сите звања за наставна научна – уметничка, област – *Методика на настава по народни ора* на Музичка Академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Од целокупната наведена активност на кандидатот д-р Владимир Јаневски, детално е претставено дека ги исполнува сите предвидени услови за избор во звање редовен професор за наставно - научната уметничка област *Методика на настава по народни ора* на Музичката академија, а воедно ги има остварено потребните поени кои се однесуваат на наставно-образовната дејност, научно-истражувачката дејност и стручно-уметничките активности, стручно-апликативната и организациско-развојната дејност или вкупно 307 поени (НО+НИ+САОР = 40+209+58 = 307) од неопходниот минимум од 100 поени.

Кандидатот, преку остварените досегашни активности, покажа способности за развивање на наставно-образовната дејност, за стручно-уметничките активности преку активно концертирање и за организационо-развојните дејности на Универзитетот „Гоце Делчев“.

Поради претходно наведеното чест ни е како Рецензентска комисија да **му предложиме на Наставно-научниот и уметнички совет на Музичката академија да го избере кандидатот д-р Владимир Јаневски во наставно-научното звање редовен професор за наставно-научната уметничка област Методика на настава по народни ора на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип и одлуката да ја достави до Универзитетскиот сенат за потврдување на изборот на д-р Владимир Јаневски во звање редовен професор за наставно-научната уметничка област Методика на настава по народни ора на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**проф. д-р Родна Величковска**, редовен професор - научен советник од областа *етномузикологија*, вработена при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј”, Институт за фолклор „Марко Цепенков“ во Скопје, за претседател, с.р.

**проф. д-р Зоранчо Малинов**, редовен професор - научен советник од областа *материјална култура*, вработен при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј”, Институт за фолклор „Марко Цепенков“ во Скопје, за член, с.р.

**проф. д-р Гоце Гавриловски**, редовен професор од областа *фолклористика*, вработен при Универзитетот „Гоце Делчев”, во Штип, за член,с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **Поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **5.** | Избор во звање вонреден професор | 40 | | | | 40 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **40** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **Поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | | | | | | |
| **5.** | Труд објавен во зборник од трудови на научен собир | 11x2 | 22 | | | 22 |
| **6.** | Музички настап на официјален концерт | 21x3 | 63 | 12x6 | 72 | 135 |
| **10.** | Одбранета докторска дисертација | 1x8 | 8 | | | 8 |
| **14.** | Учесник во проект | 12x2 | 24 | | | 24 |
| **17.** | Уредник на зборник на трудови | 5x2 | 10 | | | 10 |
| **22.** | Награди и признанија | 2x5 | 10 | | | 10 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **209** |
| | | | | | | |
| **Р. бр.** | **Стручно апликативна дејност и организационо развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **Поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1.** | Книга – *Етнокореолошка клсаификација на ората во македонија*, Скопје 2019, издавач: Здружение на етнокореолози на Македонија;<br><br>ЦД - издаден аудио компакт диск со наслов „Махмуд се готви...“ и „На аскер ќе одам“, издавач: Здружение на етнокореолози на Македонија, Скопје 2016. | 3x10 | 30 | | | **0** |
| **24.** | Продекан | 1x8 | 8 | | | **8** |
| **22.** | Претседател на универзитетско тело (претседател на Комисија за спроведување на приемни испити, претседател на Комисија за упис на студенти) | 2x10 | 20 | | | **20** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **58** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **307** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА**
**ЗА НАСТАВНО- НАУЧНАТА ОБЛАСТ КЛАСИЧНА АРХЕОЛОГИЈА: ГРЧКА И РИМСКА КУЛТУРА; РИМСКА ПРОВИНЦИСКА КУЛТУРА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1602-54/5 од 11.3.2020 година донесена на 143-та седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки, одржана на 11.3.2020година, определени сме за членови на Рецензентската комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно - научната област *Класична археологија: грчка и римска култура;римска провинциска култура* на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, во следниот состав:

- проф. Виктор Лилчиќ Адамсен, редовен професор на Филозофски факултет при Универзитет „Кирил и Методи“ - Скопје (претседател).
- проф. д-р Елица Манева, редовен професор во пензија - Скопје (член).
- проф. д-р Бошко Ангеловски, научен советник/редовен професор во ЈНУ Институт за старсловенска култура – Прилеп, (член).

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ од 18.2.2020 година и во предвидениот рок се пријави проф. д-р Трајче Нацев, вонреден професор на факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ Штип.

Пријавата внимателно ја разгледавме и утврдивме дека кандидатот вонр. проф. д-р Трајче Нацев, врз основа на распишаниот Конкурс, уредно, навремено и во комплет ги има доставено следниве документи: 1. Пријава, 2. Диплома за одбранет докторски труд (еден примерок од дипломата оригинал и три копии заверени кај нотар), 3. Диплома за завршени додипломски студии (заверена кај нотар), 4.Диплома за магистерски студии (заверена кај нотар), 5. Кратка биографија (во четири примерока), 6. Список на објавени научни и стручни трудови (по еден примерок од трудовите),7. Список на реализирани проекти, 8. Потврда дека се служи со еден странски јазик, 9. Еден примерок од докторскиот труд и 10. Уверение за државјанство.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно - научниот совет на Факултетот за образовни науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Биографски податоци**

Кандидатот **проф. д-р Трајче Нацев** е роден на 1 октомври 1959 година во Неготино. Основно и средно гимназиско образование завршува во Штип. Во учебната 1979/80 година се запишува на Институтот за историја на уметноста и археологија на Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Во 1987 година дипломира и се стекнува со звање **дипломиран историчар на уметноста со археологија**.

Во учебната 2001/2002 година се запишува на постдипломските студии по археологија на Институтот за историја на уметноста и археологија на Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. На 30.10.2006 година го брани магистерскиот труд под наслов *Доцноантичкиот град Баргала* и се стекнува со академско звање **магистер на археолошки науки**.

Во 2008 година пријавува тема за изработка на докторска дисертација на Институтот за историја на уметноста и археологија при Филозофски факултет во Скопје под менторство на проф. д-р Виктор Лилчиќ под наслов *Атиката во Брегалничкиот басен*. Во мај 2010 година успешно ја одбранува докторската дисертација, со што се стекнува со академско

звање **доктор на археолошки науки**.

Од неговото вработување од 1988 па сѐ до 2011 година во НУ Завод за заштита на спомениците на културата и народен музеј Штип, има раководено со над двеста проекти финансирани од Министерство за култура на Р.Македонија (од областа на музеологијата и конзервација на недвижно култутно наследство), во над дваесет проекта од областа на заштитни археолошки истражувања, во над 40 проекта како член на стручна екипа и изработка на над 50 елаборати за конзервација на недвижно културно богатство.

Во истиот период како раководител и член на стручна екипа бил ангажиран од повеќе институции од областа на музеологијата и заштитата: НУ Музеи на Македонија – Скопје, Нацонален конзерваторски центар – Скопје, НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј Струмица, Народен музеј Св.Николе, НУ Музеј Гевгелија и НУ Стоби.

Во периодот од 2010 до 2015 година беше ангажиран како раководител и член на проекти од научноистражувачка работа и заштита на културното наследство во Р.Македонија и Р.Бугарија.

- Погребување под могили во долината река Крива Лакавица, Општина Конче.
- Пајонски утврдување населби и некрополи по долината река Брегалница.
- Археолошко истражување на локалитетот Исар Марвинци.
- Изработка на проект за конзервација и реставрација на објект Куќа со триклиниум со триклиниум на археолошкиот локалитет Стоби.
- Изработка на проект за конзервација и реставрација на објект Храм археолошкиот локалитет Стоби.
- Изработка на проект за конзервација и реставрација на Фонтана на објект Перистерија на археолошкиот локалитет Стоби.
- Изработка на проект за конзервација и реставрација на објект Скенска зграда на археолошкиот локалитет Скупи.
- Изработка на основен Проект за конзерваторско реставраторски работи на објектите од сектор 1 на археолошкиот локалитет Кале, Скопје.
- Изработка на проект за конзервација и реставрација на внатрешни преградни бедеми на археолошкиот локалитет Кале, Скопје.
- Изработка на проект за конзервација и реставрација на објект од 14-16 век и објект од рано отоманско време фаза 2 од 17-18 век на археолошкиот локалитет Кале, Скопје.
- Конзервација и реставрација на објект Куќа со триклиниум на археолошкиот локалитет Стоби.
- Конзервација и реставрација на објект Храм на археолошкиот локалитет Стоби.
- Конзервација и реставрација на објект Антички театар на археолошкиот локалитет Стоби.
- Консултант за конзервација, реставрација и реконструкција со црковен комплекс и фортификацијата на утврдувањето Цари Мали Град село Белчин Општина Самоков Р.Бугарија (проектот е финансиран од Европска Унија).
- Учество како партнер во локален проект за локација и обработка на нови археолошки локалитети во Општина Самоков во Р.Бугарија.
- Консултант при изработка на прокет за конзервација и реставрација на новотокриени објекти на археолошкиот локалитет Цари Мали Град село Белчин Општина Самоков Р.Бугарија.

Во истиот период, кандидатот проф. д-р Трајче Нацев е автор на една монографија, дел од научна книга во странтсво, на тринаесет научни труда во меѓународни и домашни списанија и автор и коавтор на археолошки поставки во странство и во Р.Македонија.

Во периодот од 2015 до 2020 година беше ангажиран како раководител и член на проекти од научноистражувачка работа и заштита на културното наследство во Р.Македонија и Република Бугарија:

- Универзитет „Гоце Делчев“ (Пајонски утврдувања, населби и некрополи по долината на река Брегалница и Палеолитот во Источна Македонија).
- Завод за заштита на споменците на културата и музеј Струмица ( изработка на проекти за: конзерваторксо реставраторски работи на средновековната црква на локалитетот Мал Кајсии, село Банско, Св. Четириесет маченици село Банско и Средновековната црква во подножјето на Цареви Кули – Струмица).
- НУ Народен музеј Гевгелија (изработка и реализација на проект: Конзерваторско реставраторски работи на бедемот и кулите на акрополот на археолошкиот локалитет Вардарски Рид – Гевгелија).
- Локален музеј Демир Капија (изработка и реализација на проект Конзерваторско реставраторски работи на одбранбената кула на Стрезов Град, село Челевец).
- НУ за управување со археолошкиот локалитет Стоби ( изработка и реализација на проекти, Плоштад Виа Сакра, Римски театар и скена).
- НУ Центар за конзервација – Скопје ( изработка и реализација на проекти за конзерваторско реставраторски рабти: Скопско Кале; Римски театар на археолошкиот локалитет Скупи) и Р.Бугарија

**Општи услови за избор:**

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање редовен професор***

1. Вонреден професор од научната област во која се избира: Кандидатот д-р Трајче Нацев е доктор на археолошки науки. Јавно ја одбранил докторската дисертација на 25.5.2010 година на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Кирил и Методи“ во Скопје, на тема: „Антиката во Брегалничкиот Басен“, работен под менторство на проф. д-р Виктор Лилчиќ - Адамс. Со одлука бр. 1662-194/9 од 19.8.2015 година, кандидатот е избран за вонреден професор во наставно научни области: Класична археологија, грчка и римска култура, римска провинциска култура на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.
2. Објавени најмалку шест научноистражувачки труда во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации.

| Бр | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1. | 1.***Nacev Trajce*** (2015). | Fortification of the Medieval Fort Isar – Stip | Folia Archaeologica Balkanica, 3. pp. 455-476. ISSN 1857-5307 | 2015 |
| 2. | ***Нацев Трајче*** Веселинов Д. (2015) | Потенцијални ризици и опасности врз археолошките локалитети во горниот тек на река Брегалница. | Зборник на трудови од Меѓународниот симпозиум „Денови на Јустиниан I“. ISSN ISBN: 978-608-4714-13-2 | 2015 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3. | ***Нацев Трајче.,*** Веселинов Драган (2015) | Загрозување на недвижното културно наследство во Република Македонија од елементарни непогоди и потребата од мапирање и елаборирање на критични места. | Knowledge - International Journal, 11.1. pp. 361-364. ISSN 1857-92 | 2015 |
| 4 . | ***Нацев Трајче.,*** Веселинов Драган (2015) | Одбранбениот систем на градот Баргала. | *Гласник,* Институт за национална историја, 59 (1). pp. 27-34. ISSN 0583-4961 | 2015 |
| 5. | ***Нацев Трајче.,*** Веселинов Драган . (2015) | Трансформација на доцноантичките во средновековни утврдувања во Брегалничкиот Басен. | Зборник на трудови од Меѓународниот симпозиум „Денови на Јустиниан I". ISSN ISBN: 978-608-4714-13-2 | 2015 |
| ***6.*** | ***Нацев Трајче*** Веселинов Д. (2016) | Едукацијата на младата популација во основното и средното образование за заштита на недвижното културно наследство. | Зборник на трудови - Состојби, предизвици и перспективи во воспитанието и образованието во Република Македонија. ISSN 978-608-242. | 2016 |
| ***7.*** | ***Nacev Trajce.,*** Sekulov P. Vane., (2016) | The tumulus of the domina from Gaynov Dol | Institute for Protection of the Monuments of Culture and Museum StrumicaActa musei, Tiberiopoltani vol.1 Strumica pp. 27-34. ISSN 0583-4961 | 2016 |
| 8. | ***Nacev Trajce*** and Veselinov Dragan (2016) | Protection of the economic places in the late antique period in the regions of the Malesevo and Pijanec. | Review of the Institute of History and Archaeology RIHA. ISSN 2671-3144 | 2016 |
| 9. | ***Нацев Трајче*** Веселинов Д. (2016) | Неутврдени доцноантички населени места во Брегалничкиот Басен. | ИСТОРИЈА, год. L/LI, СКОПЈЕ, 2015/2016, бр.1, Здружение на историчарите на Република Македонија. ISSN 0579-0263 | 2016 |
| 10. | ***Нацев Трајче*** Веселинов Д. (2016) | Вински региони во провинција Македонија Втора. | Годишник на асоцијација "Онгъл". ISSN 1311-493X | 2016 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 11. | ***Нацев Трајче.,*** Веселинов Драган (2016) | Културната историја на Штип во праисторијата. | Зборник на трудови, Прва меѓународна научна конференција „ФИЛКО" - филологија, култура и образование. ISSN ISBN 978-608-244-308-9 | 2016 |
| 12 . | ***Нацев Трајче.,*** Веселинов Драган (2016) | Потенцијални ризици и опасности од елементарни непогоди врз средновековните православни цркви во Штип. | Knowledge - International Journal, 12.1. pp. 417-420. ISSN 1857-92 | 2015 |
| 13. | ***Нацев Трајче.,*** Веселинов Драган (2016) | Потребата, значењето и придонесот на „Проценaта на загрозеноста на безбедноста од сите ризици и опасности" кај недвижното културно наследство во Република Македонија. | Knowledge: International Journal Scientific Papers, 13.2. pp. 175-178. ISSN 1857-92 | 2016 |
| 14. | ***Нацев Трајче.,*** Веселинов Драган (2016). | Градежни техники во античкиот период во Брегалничкиот Басен. | Knowledge - International Journal, 14.2. pp. 720-723. ISSN 1857-92 | 2016 |
| 15. | ***Нацев Трајче*** Веселинов Д. (2016) | Одбранбени елементи кај доцноантичките утврдувања во Брегалничкиот Басен. | *Гласник*, Институт за национална историја, 60 (1). pp. 71-80. ISSN 0583-4961 | 2016 |
| 16. | Stojanovski Darko, and ***Trajce Nacev*** and Marta Arzarelo (2014) | Pottery typology and the monochrome Neolithic phase in the Republic of Macedonia. | 28 The Neolithic and Eneolithicin Southeast Europenew Approaches to Datring and Cultural Dynamisc in the 6th to 4th Milennium BC,28.pp 9-19. ISSN 0723 - 172 | |
| 17. | ***Нацев Трајче.,*** Веселинов Драган (2017) | Possible risks and dangers on archaeological sites along the lower flow of the river Bregalnitsa. | Зборник на трудови од Четвртиот меѓународен симпозиум „Денови на Јустинијан I". ISSN ISBN: 978-608-4714-17-0. | 2017 |
| 18. | **Nacev Trajce** and Atanasova, Ilinka (2017) | New findings regarding the economic part of Bargala. | Review of the Institute of History and Archaeology RIHA. ISSN 2671-3144 | 2017 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 19. | ***Нацев Trajче.,*** Дарако Стојановски (2017) | Градот Баргала од 7 до 12 в. | Годишник на асоцијација "Онгъл".том.15 год.XI 2017, ISSN 1311-493X | 2017 |
| *20.* | ***Нацев Трајче.,*** Веселинов Драган (2017) | Праисториски и раноантички утврдени места во Брегалничкиот Басен. | *Гласник*, Институт за национална историја, год 61, бр.1. ISSN 0583-4961 | 2017 |
| 21. | Атанасова. Илинка., ***Нацев Трајче.,*** (2017) | Новооткриена работилница за стакло во Баргала. | Balcanoslavica,46. ISSN 2545-4358 | 2017 |
| 22. | ***Нацев Трајче*** Веселинов Д. (2017) | Одбраната и заштитата во Македонија од антиката до Првата светска војна. | Годишник на асоцијација "Онгъл". Том.15, год.XI. ISSN 1311-493X | 2017 |
| 23. | ***Нацев Трајче*** | Конзерваторско-реставраторски работи на објект Стоа, на археолошкиот локалитет Вардарски Рид – Гевгелија. | Balcanoslavica, 45 (1-2). ISSN 2545-4358 | 2017 |
| 24. | ***Нацев Трајче.,*** Звонимир Николовски, Веселинов Драган (2018) | Античката патната комуникација Астибо-Визианум | *Гласник*,год.62, бр.1 и 2. ISSN 0583-4961 | 2018 |
| 25. | ***Нацев Трајче.,*** Веселинов Драган. (2018) | Ризици и опасности од елементарни непогоди кај објектите и местата прогласени за културно наследство на територијата на | Источниот регион. Зборник на трудови од Петтиот меѓународен симпозиум Денови на Јустинијан I. ISSN 978-608-4714-99-6 | 2018 |
| 26. | ***Нацев Трајче.,*** Веселинов Драган. (2018) | Културната историја на градот Штип од антиката до доаѓањето на османлиите. Годишник на асоцијација "Онгъл", 12 (16). ISSN 1311-493X | Годишник на асоцијација "Онгъл", Том.16. год.XII. ISSN 1311-493X | 2018 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 27. | Petrova, Svetla and **Nacev, Trajce** (2019) | The Sarcophagus with Amazonomachy from Bargala. | Folia Archaeologica Balkanica,IV.. ISSN 1857-5307 | 2019 |
| 28. | ***Нацев Трајче.,*** Веселинов Драган. (2019) | Влијанијата и последиците од елементарните непогоди кај спомениците од османлискиот период во Источниот регион. Меѓународен симпозиум „Денови на Јустинијан" . | Зборник на трудови од Шестиот меѓународен симпозиум Денови на Јустинијан I. ISSN 978-608-4714-99-6 | 2019 |
| 29. | ***Нацев Трајче*** Веселинов Д. (2019) | Заштита на стопанските места во доцноантичкиот период во виничкиот, кочанскиот, штипскиот и светиниколскиот регион. | Годишник на асоцијација "Онгъл". Том.17, год. XIII. ISSN 1311-493X. | 2019 |

3. **или три научни труда во научно списание со импакт фактор во последните пет години:**

| Ред.бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Импакт фактор |
|---|---|---|---|---|
| 30. | Stojanovski, Darko and Arzarello, Marta and ***Nacev, Trajce*** (2018) | Middle Palaeolithic stone-tool technology from the Central Balkans: The site of Uzun Mera (eastern Republic of Macedonia). | Quaternary International, 476. pp. 63-69. ISSN 10406182 | 2.5 |

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**
***2010 -2015***

**Доц. д-р Трајче Нацев** е избран во **доцент** на Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип во 2010 година. Рефератот за неговиот избор е објавен во *Универзитетски билтен* бр. 50 од 1 декември 2010 година.

Кандидатот активно учествува во реализацијата на наставата за прв циклус студии на Филолошки факултет и Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев" Штип.

Во периодот од 2010 до 2015 година доц. д-р Трајче Нацев е автор на тринаесет (13) научни и стручни труда објавени во домашни и странски списанија, автор на една монографија и дел од научна книга објавена во странство.

Во истиот период раководи со два научни проекта:

1. Погребување под могили по долината на река Крива Лакавица.
2. Пајонски утврдувања и некрополи по долината на река Брегалница.

**Д-р Трајче Нацев** бил ментор на еден магистерски труд одбранет на Конзорциум универзитети (Италија, Шпанија, Португалија) на м-р Дарко Стојановски.

Во периодот од 2010 до 2015 година бил член во Комисија за одбрана на 7 дипломски труда

***2015 - 2020***

Во 2015 година, кандидатот е избран за вонреден професор на Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип. Рефератот за неговиот избор е објавен во *Универзитетски билтен* бр. 150 од 1.07.2015 година.

Кандидатот активно учествува во реализацијата на наставата за прв циклус студии на: Факултетот за образовни науки (студиска програма по археологија и историја), Филолошкиот факултет (студиска програма по македонски јазик и книжевност) и Ликовната академија( студсика програма за класично сликарство и вајарство) при Универзитет „Гоце Делчев" Штип. Воедно учествува и во реализацијата на универзитетскиот испит Историја на уметноста.

Во периодот од 2015 до 2020 година д-р Трајче Нацев е автор на: 1. еден труд (1) објавен во списание со импакт фактор, 2. дваесет и девет (29) научни - стручни труда објавени во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации, 3. шест (6) научни - стручни труда објавени во домашни списанија, 4. автор на две (2) научни книги, една (1) монографија објавена на македонски и англиски јазик и еден (1) рецензиран учебник.

**Објавени трудови во периодот од 2015 до 2019 година во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации (со реден број од 1 до 30)**

1. **Nacev Trajce,**2015**,** Fortification of the Medieval Fort Isar – Stip, Folia Archaeologica Balkanica, 3. pp. 455-476. ISSN 1857-5307.
2. **Нацев Трајче** Веселинов Драгана (2015), *Потенцијални ризици и опасности врз археолошките локалитети во горниот тек на река Брегалница*, Зборник на трудови од Меѓународниот симпозиум „Денови на Јустиниан I". ISSN ISBN: 978-608-4714-13-2.
3. **Нацев Трајче** Веселинов Драгана (2015), *Загрозување на недвижното културно наследство во Република Македонија од елементарни непогоди и потребата од мапирање и елаборирање на критични места*, Knowledge - International Journal, 11.1. pp. 361-364. ISSN 1857-92
4. **Нацев Трајче.,** Веселинов Драган, (2015) *Одбранбениот систем на градот Баргала*, *Гласник*, Институт за национална историја, 59 (1). pp. 27-34. ISSN 0583-4961.
5. **Нацев Трајче.,** Веселинов Драган., (2015), *Трансформација на доцноантичките во средновековни утврдувања во Брегалничкиот Басен*, Зборник на трудови од Меѓународниот симпозиум „Денови на Јустиниан I". ISSN ISBN: 978-608-4714-13-2
6. ***Нацев Трајче.,*** Веселинов Драган, (2016), *Едукацијата на младата популација во основното и средното образование за заштита на недвижното културно наследство*, Зборник на трудови - Состојби, предизвици и перспективи во воспитанието и образованието во Република Македонија. ISSN 978-608-242.
7. ***Нацев Трајче.,*** Секулов П. Ване., (2016), The tumulus of the domina from Gaynov Dol, Institute for Protection of the Monuments of Culture and Museum StrumicaActa musei, Tiberiopoltani vol.1 Strumica pp. 27-34. ISSN 0583-4961.
8. ***Nacev Trajce*** and Veselinov Dragan (2016), Protection of the economic places in the late antique period in the regions of the Malesevo and Pijanec, Review of the Institute of History and Archaeology RIHA. ISSN 2671-3144.
9. ***Нацев Трајче.,*** Веселинов Драган., (2016), *Неутврдени доцноантички населени*

*места во Брегалничкиот Басен*, ИСТОРИЈА, год. L/LI, СКОПЈЕ, 2015/2016, бр.1, Здружение на историчарите на Република Македонија. ISSN 0579-0263.

10. *Вински региони во провинција Македонија Втора*, Годишник на асоцијација „Онгъл". ISSN 1311-493X.
11. ***Нацев Трајче.,*** Веселинов Драган., (2016), *Културната историја на Штип во праисторијата*, Зборник на трудови, Прва меѓународна научна конференција „ФИЛКО" - филологија, култура и образование. ISSN ISBN 978-608-244-308-9.
12. ***Нацев Трајче.,*** Веселинов Драган., (2016), *Потенцијални ризици и опасности од елементарни непогоди врз средновековните православни цркви во Штип*, Knowledge - International Journal, 12.1. pp. 417-420. ISSN 1857-92 .
13. ***Нацев Трајче.,*** Веселинов Драган., (2016),Потребата, значењето и придонесот на „Проценатa на загрозеноста на безбедноста од сите ризици и опасности" кај недвижното културно наследство во Република Македонија, Knowledge: International Journal Scientific Papers, 13.2. pp. 175-178. ISSN 1857-92.
14. ***Нацев Трајче,*** Веселинов Драган., (2016), *Градежни техники во античкиот период во Брегалничкиот Басен*, Knowledge - International Journal, 14.2. pp. 720-723. ISSN 1857-92.
15. ***Нацев Трајче,*** Веселинов Драган, (2016), *Одбранбени елементи кај доцноантичките утврдувања во Брегалничкиот Басен*, *Гласник*, Институт за национална историја, 60 (1). pp. 71-80. ISSN 0583-4961.
16. **Stojanovski Darko, and *Trajce Nacev*** and Marta Arzarelo (2014), Pottery typology and the monochrome Neolithic phase in the Republic of Macedonia, 28 The Neolithic and Eneolithicin Southeast Europenew Approaches to Datring and Cultural Dynamisc in the 6th to 4th Milennium BC,28.pp 9-19. ISSN 0723 - 172
17. ***Нацев Трајче.,*** Веселинов Драган, (2017), Possible risks and dangers on archaeological sites along the lower flow of the river Bregalnitsa, Зборник на трудови од Четвртиот меѓународен симпозиум „Денови на Јустинијан I". ISSN ISBN: 978-608-4714-17-0.
18. **Nacev Trajce** and Atanasova, Ilinka (2017), New findings regarding the economic part of Bargala, Review of the Institute of History and Archaeology RIHA. ISSN 2671-3144.
19. ***Нацев Trajче.,*** Д.Стојановски (2017), градот Баргала од 7 до 12 век, Годишник на асоцијација „Онгъл".том.15 год.XI 2017, ISSN 1311-493X.
20. ***Нацев Трајче.,*** Веселинов Драган, (2017), *Праисториски и раноантички утврдени места во Брегалничкиот Басен*, Гласник, Институт за национална историја, год 61, бр.1. ISSN 0583-4961.
21. **Атанасова. Илинка., *Нацев Трајче,*** (2017), *Новооткриена работилница за стакло во Баргала*, Balcanoslavica,46. ISSN 2545-4358
22. ***Нацев Трајче.,*** Веселинов Драган, (2017), *Одбраната и заштитата во Македонија од антиката до Првата светска војна*, Годишник на асоцијација "Онгъл". том.15, год.XI. ISSN 1311-493X.
23. ***Нацев Трајче,*** (2017), *Конзерваторско-реставраторски работи на објект Стоа, на археолошкиот локалитет Вардарски Рид – Гевгелија*, Balcanoslavica, 45 (1-2). ISSN 2545-4358.
24. ***Нацев Трајче.,*** Звонимир Николовски, Веселинов Драган., (2018), *Античката патната комуникација Астибо – Визианум*, *Гласник*,год.62, бр.1 и 2. ISSN 0583-4961.
25. ***Нацев Трајче.,*** Веселинов Драган., (2018), *Ризици и опасности од елементарни непогоди кај објектите и местата прогласени за културно наследство на територијата на Источниот регион,* Зборник на трудови од Петтиот меѓународен симпозиум „Денови на Јустинијан" I. ISSN 978-608-4714-99-6.
26. ***Нацев Трајче.,*** Веселинов Драган., (2018), *Културната историја на градот Штип од антиката до доаѓањето на османлиите,* Годишник на асоцијација „Онгъл", 12

(16). ISSN 1311-493X, Годишник на асоцијација "Онгъл", Том.16. год.XII. ISSN 1311-493X.

**27.** **Petrova, Svetla and Nacev, Trajce** (2019), The Sarcophagus with Amazonomachy from Bargala, Folia Archaeologica Balkanica,IV.. ISSN 1857-5307.

***28.*** ***Нацев Трајче.,*** Веселинов Драган., (2019), *Влијанијата и последиците од елементарните непогоди кај спомениците од османлискиот период во Источниот регион*. Меѓународен симпозиум „Денови на Јустинијан", Зборник на трудови од Шестиот меѓународен симпозиум „Денови на Јустинијан I". ISSN 978-608-4714-99-6.

***29.*** ***Нацев Трајче.,*** Веселинов Драган., *(2019Заштита на стопанските места во доцноантичкиот период во виничкиот, кочанскиот, штипскиот и светиниколскиот регион*, Годишник на асоцијација "Онгъл". Том.17, год. XIII. ISSN 1311-493X.

**Објавени трудови со импакт фактор во периодот од 2015 до 2020 година**

**30.** Stojanovski, Darko and Arzarello, Marta and ***Nacev, Trajce*** , Middle Palaeolithic stone-tool technology from the Central Balkans: The site of Uzun Mera (eastern Republic of Macedonia), Quaternary International, 476. pp. 63-69. ISSN 10406182.

**Објавени трудови во периодот од 2015 до 2020 година во домашни научни списанија или публикации (со реден број од 31 до 36)**

**31.** ***Нацев Трајче*** (2017) Конзерваторско реставраторски работи на објект Мала терма на археолошкиот локалитет Баргала. Археолошки информатор бр.1. ISSN 2545-4536.

**32.** ***Нацев Трајче***., Секулов П. Ване (2017) *Археолошки истражувања на Могила „На Манастир" с. Габревци општина Конче* Археолошки информатор бр. 1. ISSN 2545-4536.

**33.** ***Нацев Трајче*** (2018) Конзерваторско реставраторски работи на подот во малата црква на археолошкиот *локалитет Баргала*, село Горен Козјак. Археол. информатор, 2***. pp. 165-172, ISSN 2545-4536.***

**34.** ***Нацев Трајче.,*** Стојановски Дарко (2018) *Археолошките истражувања на локалитетот Киселичка Пештера, с.Киселица, Делчево*, Археол. инф, 2. pp. 27-34. ISSN 2545-4536.

**35.** ***Nacev, Trajce*** and Angelovski, Bosko (2019) *Атриуми во ранохристијанските епископски центри во Република Македонија*, Зборник на трудови Струмица.

**36.** Atanasova, Ilinka and ***Nacev, Trajce*** (2019) *Нови сознанија за стопанско-економскиот дел во Баргала*, Macedoniae acta archeological,21. ISSN 0350-1639.

**Одржано предавање по покана на научна институција**

**2019**

**Факултет за историја при Универзитет „Кирил и Методи" во Велико Трново, Република Бугарија**

1. **Ранохристијанска архитектура во источните области на Република Македонија.**
2. **Антиката во Брегалничкиот Басен.**

**Презентирани трудови во периодот од 2015 до 2020 година на меѓународни и домашни конференции или симпозиуми**

1. **Stojanovski**, Darko and ***Nacev, Trajce*** (2015) *Неолитскиот локалитет Грнчарица,* In: Археолошката конференција „Неолитот во Македонија", 23 Dec 2015, Skopje, Macedonia.
2. ***Нацев Трајче,*** Веселинов Драгана (2015) *Заштита на недвижното културно наследство преку едукација на учениците од основното и средното образование*, In: Меѓународна научна конференција на Факултетот за образовни науки, 24-25 Sept 2015, Stip, Macedonia.
3. ***Нацев Трајче,*** Веселинов Драгана (2015) *Потенцијални ризиците и опасностите врз археолошките локалитети во горниот тек на река Брегалница,* In: Трет меѓународен научен симпозиум „Денови на Јустинијан I", 30–31 Oct 2015, Skopje, Macedonia.
4. ***Нацев Трајче***, Веселинов Драгана (2015) *Одбраната и заштитата во Македонија од антиката до Првата светска војна,* In: Девети Цар-Шишманови дни в Самоков, 2-4 Oct 2015, Samokov, Bulgaria.
5. ***Нацев Трајче,*** Веселинов Драгана (2016) *Културната историја на градот Штип од антиката до доаѓањето на Османлиите*, In: Десети Цар-Шишманови дни в Самоков (тридесет и шести научни четения на асоциация за антропология, етнология и фолклористика „Онгъл").
6. ***Нацев Трајче***, Гордан Николов (2017) Procession of the icon of Virgin Mary from the Monastery of St. Stephen in the village Konce. In: Меѓународен научен собир „Процеси на културна интерференција. Балканот помеѓу Истокот и Западот", 10-12 Sept 2017, Negotino, Macedonia.
7. ***Нацев Трајче,*** Веселинов Драгана (2017) *Ризици и опасности од елементарни непогоди кај објектите и местата прогласени за културно наследство на територијата на Источниот регион*, 5th International Scientific Symposium Days of Justinian I.
8. ***Нацев Трајче,*** Веселинов Драгана и Хаџиангелов Веселин (2017) *Античката патна комуникација Астибо – Шишманово Кале*, In: Единадесети Цар-Шишманови дни в Самоков - Тридесет и седми научни четения на Асоциация за антропология, етнология и фолклористика „Онгъл", 2017, Samokov, Bulgria.
9. ***Нацев Трајче,*** Веселинов Драгана (2018) *Влијанијата и последиците од елементарните непогоди кај спомениците од османлискиот период во Источниот регион,* In: 6th International symposiuim "Days of Justinian I" .
10. ***Нацев Трајче*** и Бошко Ангеловски (2018) *Атриуми во ранохристијанските епископски центри во Република Македонија*, In: Научен собир култот за Св. Петнаесет тивериополски свештеномаченици во средновековната и во поновата епоха – историја, култура и традиција, Струмица.
11. ***Нацев Трајче*** и Дарко Стојановски (2018) *Економијата во Брегалничкиот Басен во римскоантичкиот период* In: Меѓу Истокот и Западот. Стоби и градовите во римските провинции на Балканот, 27-30 Sept 2018.
12. ***Нацев Трајче,*** Веселинов Драгана (2018) *Заштитата на стопанските места во доцноантичкиот период во виничкиот, кочанскиот, штипскиот и светиниколскиот регион,* In: Дванаесети Цар-Шишманови дни в Самоков , 05-07 Oct 2018, Samokov, Bulgaria
13. ***Нацев Трајче*** Дарко Стојановски (2019) *Археолошки истражувања на Узун Мера, локалитет од Среден палеолит во централниот дел на Овче Поле* – 2017 и 2018. In: Симпозиум на МАНД.
14. ***Нацев Трајче*** и Андреј Мачковски (2019) *Палеолитската камена индустрија од локалитетот Узун Мера, с. Мустафино: утврдување на постдепозиционите*

*промени и техно-типолошка анализа,* In: Симпозиум на МАНД.

15. ***Нацев Трајче*** и Стојановски Дарко (2019) *Нови сознанија за праисторијата во Централна и Источна Македонија: прелиминарни резултати од истражувањата во пештера Топлата (Велес) и Барутница (Амзабегово)*, In: Конференција Неолитот во Македонија.
16. ***Нацев Трајче*** и Ангеловски Бошко (2019) *Рударството во антиката во РС Македонија,* In: Меѓународна научна конференција.
17. **Веселинов Драган и *Нацев Трајче*** (2019) *Процена на загрозеност од елементарни непогоди кај христијанските верски храмови во Општина Штип,* In: Меѓународен симпозиум „Денови на Јустиниан I".
18. ***Нацев Трајче,*** Дарко Стојановски (2019) *Ранохристијански центри во источните области на Република Северна Македонија*, In: Тринаесети Цар-Шишманови дни Самоков.

**Објавени научни книги и монографии за периодот 2015 -2020 година:**

**Научни книги:**

1. ***Нацев Трајче*,(2019)** *Ранохристијанска архитектура во источните делови на Република Македонија*, ISBN 978-608-245-428-3.
2. ***Нацев Трајче*,** Митко Штерјов и Гордана Јанева, Звонко Белдедовски, **(2014),** *Музејски водич за археолошка поставка*, НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј, Штип. ISBN 978-608-65636-4-6
3. ***Nacev Trajche,*** Bargala, 2016 (The most signifactnt values of the cultural and natural heritage). ISBN 978-608-4549-34-5
4. ***Нацев Трајче*,** Баргала, 2017 (*Најзначајните вредности од областа на културното и природното наследство на Република Македонија*) ISBN 978-608-4549-44-4

**Објавени учебни помогала во е – библиотека за студентите на факултетите: Факултет за образовни науки (студиски програми: Археологија и историја), Ликовна академија(студиски програми: Класично сликарство и вајарство) и Факултет за природни и технички науки (студиски програми: Пејзажна архитектура) при Универзитет „Гоце Делчев" Штип за периодот 2015 -2020 година.**

1. **Нацев Трајче,** *Античка архитектура,Археологија*, учебник, Факултет за образовни науки, при Универзитет „Гоце Делчев" Штип, стр.256, ISBN 978-608-244-624-0(рецензиран учебник, е – библиотека УГД http://e-lib.ugd.edu.mk/825)

**Кратка евалуација на научноистрачувачката дејност на кандидатот проф. д-р Трајче Нацев, за периодот од 2015 до 2020 година (објавени научни книги, монографија, учебни помагала, научни трудови со фактор на влијание во меѓународни и домашни списанија**

**Научни книги**

1. **Трајче Нацев,** *Ранохристијанска архитектура во источните делови на Република Македонија*, ISBN 978-608-245-428-3.

Територијата во фокусот на студијата ја чини, главно, големата долина на прастарата река Астибо (Брегалница), но и соседните долини на Струмешница и Крива Река на север.

Научната книга претставува оригинална и корисна научноистражувачка студија во која авторот преку шест поглавја нѐ запознава со скапоцениот и огромен ранохристијански трезор на недвижното културно наследство во источните делови на Република Македонија.

Авторот најпрво нѐ воведува во историско-црковните рамки и истражувачки состојби во доцната антика со фокус на истражуваното подрачје. Понатаму ги изнесува архитектонските објекти во контекстите на нивната намена и местоположба, потоа нивната основна типологија во контекстот на архитектонските форми. Притоа се осврнува детално на придружните простории врз основа на постоечките примери, како и на градежните техники што ги воочил и студирал.

Авторот изнесува детален и досега најобемен преглед на ранохристијанските базилики и цркви во територијалните рамки на општините: Берово, Виница, Делчево, Демир Капија, Гевгелија, Кочани, Кратово, Крива Паланка, Куманово, Пробиштип, Свети Николе, Струмица и Штип. Додека во петтото поглавје авторот ги презентира и интерпретира ранохристијанските баптистерии и гробници и тоа, баптистериите во општините: Демир Капија, Струмица и Штип и гробниците во општините Демир Капија, Кочани, Кратово, Струмица и Штип.

Во завршните согледувања авторот ги сумира собраните сознанија и искуства за ранохристијанската архитектура во Источна Македонија претежно низ аспектите на општите историски случувања, за концизно да ги истакне бројките: 28 базилики со лонгитудинална форма, две со кружна форма, 75 еднокорабни, 3 баптистерии, две епископски резиденции и 8 гробници, при што истакнува дека најомилени планиметрии во периодот биле еднокорабните и трикорабните храмови. Ја нотира варијанатата на поткуполен тип базилика во рамките на хеленистичкиот тип базилики. Потоа трансепталниот тип го бележи како редок во истражуваното подрачје. Ја воочува варијабилата во должината на наосот. Мошне интересни се неговите согледувања по однос на еднокорабните храмови кои се и најмногубројни, односно градени вон опфатот на епископиите, што би значело дека ги подигало руралното население, според авторот, во периодот на петтиот и шестиот век од н.е. Оформувањето на ретките евидентирани примери на ранохристијански храмови со централен план со кружна поткуполна форма авторот го лимитира во рамките на втората половина од петтиот и првите децении од шестиот век од н.е. Авторот се осврнува и на сѐ уште дискутабилната петокорабна базилика од Крупиште, која што сѐ уште не е до крај археолошки отворена, интерпретирајќи ја како ретка форма.

Во продолжение авторот се осврнува на процесот на местоположбите и дисолокациите на ранохристијанските баптистерии како и на нивната форма. Тој ги интерпретира и епископските резиденции како и типологијата на ранохристијанските гробници обично лоцирани во или околу ранохристијанските храмови.

2. **Нацев Трајче,** Митко Штерјов и Гордана Јанева. Звонко Белдедовски, **(2014),** Музејски водич за археолошка поставка, НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј, Штип. ISBN 978-608-65636-4-6

Праисторијата во Р. Македонија до крајот на првата деценија од ослободувањето не беше позната за светската и европската археолошка наука. Првите сознанија за праисторијата во Брегалничкиот Басен се случуваат со археолошките ископувања на локалитетот Вршник кај село Таринци, изведени во 1953 година под раководство на П. Гоцкова, а во 1958 година на истиот локалитет археолошки истражувања се изведени под раководство на М. и Д. Гарашанин. На локалитетот Криви Дол, село Радање во 1956/57, исто така, се изведени мали археолошки истражувања под раководство на М. и

Д. Гарашанин. Од особено значење за праисториската археологија, а посебно за неолитот во Брегалничкиот Басен, се археолошките истражувања изведени во перидот од 1971 до 1980 година во средниот тек на река Брегалница, односно на локалитетите Вршник кај село Таринци, Барутница кај село Аназабегово и Руг Баир кај село Горобинци. По овој период, на територијата во долината на река Брегалница сè до 2007 година не се вршени археолошки ископувања на неолитски населби. Во 2007 и 2008 година во рамките на проектот Заштитни археолошки истражувања на локалитети загрозени со изградбата на хидросистемот Злетовица, беа изведени заштитни археолошки истражувања на неолитската населба Грнчарица кај село Крупиште (Трајче Нацев и Трајанка Јовчева). Археолошките истражувања на енеолитските локалитети се започнати во осмата деценија на 20 век на енеолитската населба Пиљаво, сè ло Бурилчево (Ирена Колиштркова). При крајот на 20 век истражувањата се прошируваат и на археолошкиот локалитет Св. Атанасие, село Спанчево (Илинка Атанасова), а во првата деценија на 21 век во два наврата археолошки истражувања се изведуваат и на археолошкиот локалитет Градиште, село Град (Трајче Нацев 2001 и Ирена Колиштркова 2002), а во рамките на проектот Заштитните археолошки истражувања на локалитети загрозени со изградбата на повеќенаменскиот хидросистем Злетовица, истражувањата во 2007 и 2008 година на археолошкиот локалитет Богослов Камен (Трајче Нацев и Емил Сламков)

3. **Nacev Trajche,** Bargala, 2016 (The most signifactnt values of the cultural and natural heritage). ISBN 978-608-4549-34-5

4. **Нацев Трајче,** Баргала, 2017 (*Најзначајните вредности од областа на културното и природното наследство на Република Македонија*). ISBN 978-608-4549-44-4

Во развојот на градот Баргала во периодот од 3 век до првата деценија на 7 век констатирани се три главни градежни фази. Првата градежна фаза го опфаќа периодот на подигањето на воениот логор - каструм во 3 – 4 век. Втората градежна фаза е периодот кога од каструм преминува во цивитас, и кога станува главно епископско седиште по течението на реката Брегалница крајот на 4 почетокот на 5 век. Последната или третата градежна фаза во Баргала е периодот на големата обнова која, најверојатно, се случила во втората половина на 5 или првите децении на 6 век.

Објектите во Епископиумот после тривековното опстојување сите биле уништени со аваро - словенските напади кон крајот на 6 или почетокот на 7 век кога биле запалени и срушени. Дали големата обнова кон крајот на 5 или во почетокот на 6 век била извршена како резултат на претходно уривање на објектите во градот Баргала, е покажат резултатите кои ќе бидат добиени со понатамошните археолошки истражувања на другите делови од градот.

Животот во градот Баргала и територијата околу него, со мал прекин по аваро словенските напади во крајот на 6 век и првата деценија од 7 век, продолжил сè до доцниот среден век, односно крајот на 19 или почетокот на 20 век кога жителите од селото Горен Козјак се иселиле на просторот на денешното село Долен Козјак.

**Учебни помагала - универзитетски учебник**

5. **Нацев Трајче,** *Античка архитектура,* Археологија, учебник, Факултет за образовни науки, при Универзитет „Гоце Делчев“ Штип, стр.256, ISBN 978-608-244-624-0 (рецензиран учебник, е – библиотека УГД http://e-lib.ugd.edu.mk/825)

Учебникот „Античка архитектура" е наменет за студентите на Факултетот за образовни науки, Факултет за архитектура и за студентите од Ликовната академија. Во учебникот е опфатена архитектурата од крајот на 6 почетокот на 5 век пред н.е па сѐ до крајот на 6 почетокот на 7 век кога со аварословенските напади на Балканот, била целосно уништена античката цивилизација.

Во учебникот е обработен еден краток преглед на архитектурата кај егејските цивилизации, потоа развојот и основните карактеристики на архитектурата во период од еден милениум, поделен во два дела. Во првиот дел е обработена архитектура во раната антика, која ги опфаќа грчката и римската архитектура. Во вториот дел авторот се осврнува на архитектурата во доцната антика, во која покрај новините во фортификациите се појавува ранохристијанската архитектура како резултат на прогласувањето на христијанството како државна религија.

Учебникот, претставува основа од која студентите ќе ги стекнат првите сознанија за архитектурата во античкиот период, како и информативен прирачник за сите љубители на античката архитектура.

**Научни и стручни трудови во меѓународни списанија**

**Евалуација на научен труд (реден број 1 )**

1. ***Nacev Trajce,***2015***,*** Fortification of the Medieval Fort Isar – Stip, Folia Archaeologica Balkanica, 3. pp. 455-476. ISSN 1857-5307.

Средновековната тврдина Исар, која никнува врз урнатините на античкиот град Астибо, лоцирана е на едно доминантно возвишение помеѓу реките Брегалница од север и запад и Отиња од југ, во централното градско јадро, со правец на протегање север – југ.

Најстарите траги за постоење на живот на овој локалитет потекнуваат од енеолитскиот и од класичниот период, откриени во секторот Стара Кланица кај средновековната црква Св.Власие.

Најстарите остатоци за постоење на фортификација на Исарот припаѓаат на античкиот Астибо.

Фортификацијата на средновековната тврдина Штип го затвора просторот на највисокиот утврден акрополен дел (фрурион) и надворешен град – подградие (амборија). Просторот во рамките на целата фортификација зафаќа површина од околу 17000 м2, а само утврдениот акрополен простор зафаќа површина од околу 1700 м2.

Начинот на градење на одбранбените ѕидови и кулите на фортификацијата е, речиси, ист кај сите. Одбранбените ѕидови и кулите немаат субструкција, туку истите се фундирани на претходно зарамнета карпа. Суперструкцијата во долните партии кај одбранбените ѕидови е градена во опус инцертум без нагласени редови, од аморфни камења кои помеѓу себе биле поврзувани со варов малтер, а кај влезната партија на акрополот, исто така, се среќава градежната техника опус инцертум со нагласени хоризонтални редови од обработуван камен песочник кој помеѓу себе бил поврзуван со варов малтер. Во горните партии целата фортификација била градена во сантрач систем, со хоризонтални и вертикални дрвени греди кои помеѓу себе биле поврзувани со метални кланфи и клинци. Хоризонталните греди се појавуваат на различна висина, но не помалку од 1.50 од надворешната страна и на 1.20 м од внатрешната страна,назимено како појаси на секој 1.00 м. Просторот помеѓу гредите на надворешната и внатрешната фасада, исто така, е затворан во техника опус инцертум како во долните партии, а јадрото на ѕидовите било полнето со аморфни камења со различна големина и било заливано со варов малтер.

Тврдината била освоена од страна на Турците во 1385 година, кои продолжиле да ја користат сѐ до крајот на 16 век. Во тврдината постоел и тунел од акрополот сѐ до коритото

на река Брегалница,  за чие постоење пишува Евлија Челебија при посетата на Штип во 17 век. Тунелот е откриен при изградбата на колекторот кај место викано Чикичан Скала, а целосно е откриен во периодот од 2007 – 2009 година.

Евалуација на научен труд (реден број 2)

2. ***Нацев Трајче*** Веселинов Драгана (2015), *Потенцијални ризици и опасности врз археолошките локалитети во горниот тек на река Брегалница*, Зборник на трудови од Меѓународниот симпозиум „Денови на Јустиниан И“. ИССН ИСБН: 978-608-4714-13-2.

Одредувањето на потенцијалните ризици и опасности како и нивниот степен на загрозување врз археолошките локалитети во горниот тек на реката Брегалница е од стратешко значење за истите. Така со квантитативна и квалитативна анализа за профилот на потенцијалните опасности и елементите на ризик врз локалитетите ќе се придонесе до нивно спречување од унишување и оштетување. Кон сето ова додавајќи ги и капацитетите, комуникацијата и координацијата со субјектите од културата, заштитата и спасувањето, управувањето со кризи и други кои се инволвирани во оваа проблематика, со одговорно и ефикасно спроведување на потребните мерки за превенција и справување со проценетите ризици и опасности ќе се овозможи поефикасна заштита и спасување на археолошките локалитети во случај на појава од истите.

**Евалуација на научен труд (реден број 3)**

3. ***Нацев Трајче*** Веселинов Драгана (2015), *Загрозување на недвижното културно наследство во Република Македонија од елементарни непогоди и потребата од мапирање и елаборирање на критични места*, Knowledge - International Journal, 11.1. pp. 361-364. ISSN 1857-92

Во горниот тек на река Брегалница се наоѓаат археолошки локалитети кои датираат од различен временски период. Нивното присуство историски и културно го дефинира животот во овој регион што е од особено значење за нашето културно наследство. Меѓутоа, местополжбата и поставеноста кои ги имаат во местата каде се наоѓаат придонесува да бидат подложени на потенцијални ризици и опасности кои би придонеле до нивно загрозување и уништување. Со утврдување на потенцијалните ризици и опасности, кои ги загрозуваат археолошките локалитети во горниот тек на река Брегалница, ќе се овозможи преземање на потребните мерки и активности за нивна заштита и спасување во случај на појава од истите.

**Евалуација на научен труд (реден број 4)**

4. ***Нацев Трајче.,*** Веселинов Драган(2015), *Одбранбениот систем на градот Баргала*, *Гласник*, Институт за национална историја, 59 (1). p.p 27-34. ISSN 0583-4961.

Во одбранбениот систем на Баргала не влегуваат само двете откриени одбранбени линии (фоса и одбранбен ѕид), туку и помали утврдувања, распоредени  скоро на исто растојание, радијално околу градот.

Западно од градот, во непосредна близина на Долен Козјек, на еден благо зарамнет рид, има остатоци од една доцноантичка кула. Објектот не е истражен, а на површината се гледаат остатоци од ѕидови, кои формираат квадратна рамка со дим: 5 x 5 м, или површина од 25 м2.

Доцноантичкото утврдување Бандера е лоцирано северозападно од градот Баргала, на платото на ридот кој излегува од селото. На самото плато на ридот, при археолошки

истражувања изведени од В. Санев, се откриени остатоци од повеќе објекти и еден мал храм посветен на Зевс, а во подножјето монети на Констатнтин И (330 - 335) и Јован Цимиск (969 - 976). Ова утврдување Санев го сместува во раниот 4 век, а Б. Алексова на мислење е дека самата тврдина е дел од утврдувањата кои влегуваат во системот на одбраната на градот Баргала.

Утврдувањето Кула кај село Црвулево е сместено на еден висок рид на растојание од 3 до 4 км северно од градот Баргала. Ѕидовите од утврдувањето формираат неправилна форма со површина од околу 0.5 хектари. На самата површина на просторот, кој го зафаќа утврдувањето, има доцноантичка керамика.

Североисточно од Баргала, во Цвилиг, на самата површина на еден благо зарамнет рид, се откриени остатоци од ѕидови од една четвртаста кула. Врз основа на откриената доцноантичка керамика на платото на ридот ја сместуваме во доцноантичкиот период.

Доцноантичкото утврдување Кула се наоѓа на два км југозападно од село Калаузлија, и на 4 км југоисточно од Баргала. Раположено на еден издаден гребен, кој на западниот крај стрмо се издига над коритото на Козјачка Река, од нејзината десна страна. На врвот има зарамнето јазичесто плато опкружено со остатоци од темелна основа на фортификација.

На пониските коти под линијата на фортификацијата, регистриран е градежен материјал од објекти и, можеби, остатоци од уште еден одбранбен ѕид, што укажува на можно двојно утврдување.

На утврдувањето повеќе години наназад се изведуваат нелегални ископувања при што се откриени и оштетени неколку објекти меѓу кои и една цистерна, голем број гробни конструкции, како и еден сакрален објект лоциран во средишниот дел на зарамнетото плато.

Утврдувањето Сивлик е сместено на еден висок рид на растојание од 3 до 4 км јужно од Баргала и на 500 - 800 м источно од село Радање. На платото има остатоци од четвртаста кула со ѕидови градени со камен и малтер.

Сите споменати утврдување се лоцирани на 3 - 4 км. од Баргала. Утврдувањата се мали, со дефанзивна улога и во нив можело да се стационира само мал број војска, која само за кратко би можела да го задржи непријателот. Растојанието е мало од утврдувањето до градот, а времето на задржување доволно за да ја известат војската и населението од Баргала дека ѝ претстои опасност, за да може да ја организираат и подготват одбраната на градот.

Со двете одбранбени линии, надворешниот пропугнакулум и истурените радијално поставени утврдувања, градот Баргала влегува во категоријата на римски градови, со развиен систем на одбрана.

**Евалуација на научен труд (реден број 5)**

5. ***Нацев Трајче.,*** Веселинов Драган., (2015), *Трансформацција на доцноантичките во средновековни утврдувања во Брегалничкиот Басен*. Зборник на трудови од Меѓународниот симпозиум „Денови на Јустиниан I“. ISSN ISBN: 978-608-4714-13-2.

Крајот на 6 почетокот на 7 век, со аваро словенските напади сите доцноантички утврдувања биле уништени на целата територија на Балканскиот Полуостров. Поголем дел од нив во средниот век, посебно оние кои нудат подобри услови за заштита, биле населени и користени како заштита на наслението, патната инфраструктура и економијата. Трансформацијата на доцноантичките во средновековни утврдувања, со извесни модификации на фортификациите е резултат на развојот на борбените оружја.

**Евалуација на научен труд (реден број 6)**

6. ***Нацев Трајче.,*** Веселинов Драган., (2016), *Едукацијата на младата популација во*

*основното и средното образование за заштита на недвижното културно наследство*, Зборник на трудови - Состојби, предизвици и перспективи во воспитанието и образованието во Република Македонија. ISSN 978-608-242.

Запознавањето на младата популација со недвижното културно наследство во текот на основното и средното образование придонесува за зголемувањето на нивната перцепција кон културните општествени вредности. Но, од особено значење претставува едукацијата во делот на заштитата на културното недвижно наследство со цел за да се негуваат и зачуваат таквите вредности кај таквата популација. Оттука и фокусот на трудот е насочен кон актуелизирање на прашањето на воспитувањето и образованието на младите за заштита на недвижното културно наследство,односно понуда на еден научен пристап кон оваа проблематика.

**Евалуација на научен труд (реден број 7)**

7. ***Нацев Трајче.,*** Секулов П. Ване., (2016), The tumulus of the domina from Gaynov Dol, Institute for Protection of the Monuments of Culture and Museum StrumicaActa musei, Tiberiopoltani vol.1  Strumica pp. 27-34. ISSN 0583-4961.

Текстот го презентира проектот „Погребување под могили во долината река Крива Лакавица" во општина Конче, Република Македонија. Со посебен осврт на истражувањето на могилата на археолошкиот локалитет Гајнов Дол во близина на општинскиот центар Конче. Прикажана е методологијата на истражувањето на могилата, опис на гробот и анализа на гробниот прилог кој е оставен као вечен дар на покојничката. Во текстот е акцентрирана могилата како културолошки и култорноисториски феномен, симбол на моќта на погребаната, но и на целата заедница, врска со претците и со сопствената традиција. Потенциран е и социјалниот и економскиот статус на покојничката, но и на нејзиното семејство кое имало финансиска моќ да ги задоволи сите стандарди на аристократското општество

**Евалуација на научен труд (реден број 8)**

8. ***Nacev Trajce*** and Veselinov Dragan (2016), Protection of the economic places in the late antique period in the regions of the Malesevo and Pijanec, Review of the Institute of History and Archaeology RIHA. ISSN 2671-3144.

Во доцноантичкиот период постоеле стопански места со кои директно или индиректно се придонесувало за подобрување на условите за живот кај луѓето. Овие места како што се: рудници, гранични премини, патишта и слично имале голема економска важност во доцноантичкото општество. Затоа било неопходно да се заштити нивната вредност, односно истите се чувале и бранеле од непријателски дејствија. Воглавно, заштитата на стопанските места во доцната антика се изведувала преку изградба на утврдувања чии примери од овој период се среќаваат и во регионите на Малешевијата и Пијанец.

**Евалуација на научен труд (реден број 9)**

9. ***Нацев Трајче.,*** Веселинов Драган., (2016), *Неутврдени доцноантички населени места во Брегалничкиот Басен*, ИСТОРИЈА, год. L/LI, СКОПЈЕ, 2015/2016, бр.1, Здружение на историчарите на Република Македонија. ISSN 0579-0263.

Постојаните напади на Готите во 268 и 269 година ја принудиле Римската империја да преземе мерки со кои би се одбранила и заштитила од истите. Така, добар дел од населените места биле утврдени во целата држава со што бил опфатен и Брегалничкиот Басен чиј регион се наоѓал во источната половина од империјата. Населените места, кои не биле

утврдени, одбраната и заштитата им зависела од поблиските утврдени градови или, пак, воопшто и ја немале. И покрај ваквите карактеристики на неутврдените населени места, сепак тие егзистирале, а воедно и придонеле за континуитетот и развојот на животот на ова подрачје во доцноантичкиот период.

**Евалуација на научен труд (реден број 10)**

10. ***Нацев Трајче*** Веселинов Д. (2016), *Вински региони во провинција Македонија Втора*, Годишник на асоцијација „Онгъл". ISSN 1311-493X.

Брегалничкиот, Вардарскиот и Тиквешкиот Регион со одгледување на виновата лоза и со производство на вино, започнале уште од железното време (10 – 6 век пред н.е), што продолжило низ античкиот и средновековниот период. Денес овие региони ја продолжиле традицијата на одгледување на винова лоза. Во Брегалничкиот регион виновата лоза се одгледува во близина на градот Баргала и на локалитетот Горно Поле, потоа во атарот на селата: Горни и Долни Балван, Три Чешми и во селото Загорци, а продолжува и производството на вино во винариите: ЗИК „Црвена Ѕвезда",8 *Имако*, *Аневски* и *Езимит*. Во долината на средниот тек на река Вардар, каде главна егзистенција на населението е одгледувањето на виновата лоза, а, секако, и производтсвото на вино, меѓу најпознатите винарии ќе ги издвоиме *Повардарие, Бовин*, *Фонко, Вардарска долина и Попова Кула*. Во Тиквешкиот регион, исто така, продолжува одгледувањето на винова лоза и производтвсото на вино, а најпознати винарии се *Тиквеш* и *Чекорови*. Одгледувањето на виновата лоза и производството на вино низ вековите на територијата на Македонија и како резултат на колективната меморија на населението е и позната песна Винари Белограѓани која се векови се пеела во регионот на Тиквеш.

**Евалуација на научен труд (реден број 11)**

11. ***Нацев Трајче.,*** Веселинов Драган., (2016), *Културната историја на Штип во праисторијата*, Зборник на трудови, Прва меѓународна научна конференција ФИЛКО - филологија, култура и образование. ISSN ISBN 978-608-244-308-9.

Културната историја на градот Штип и неговата околина, благодарение на геоморфологијата на теренот, поволните климатски и географски услови, патните собраќајници кои поминувале и минуваат низ Штип, придонеле неговиот развој да започне од најдлабоката праисторија, односно од доцниот палеолит и во континуитет низ вековите да трае сè до денес. Во трудот ќе биде презентирана културната историја од палеолитот сè до крајот на железното време, преку движни археолошки наоди и остатоците од праисториските објекти кои се присутни на праисториските населби: Грнчарица, село Крупиште, Вршник, село Таринци, Барутница, село Анзабегово, Под Школо, село Стар Караорман, Богослов Камен и Градиште, Киево село, Горни Балван и сектор Стара Кланица на Исар Штип. Клучни зборови: историја, праисторија, архитектура, населби, објекти.

**Евалуација на научен труд (реден број 12)**

12. ***Нацев Трајче.,*** Веселинов Драган, (2016), *Потенцијални ризици и опасности од елементарни непогоди врз средновековните православни цркви во Штип*, Knowledge - International Journal, 12.1. pp. 417-420. ISSN 1857-92 .

Одредувањето на потенцијалните ризици и опасности како и нивниот степен на загрозување врз археолошките локалитети во горниот тек на реката Брегалница е од стратешко значење за истите. Така со квантитативна и квалитативна анализа за профилот

на потенцијалните опасности и елементите на ризик врз локалитетите ќе се придонесе до нивно спречување од унишување и оштетување. Кон сето ова, додавајќи ги и капацитетите, комуникацијата и координацијата со субјектите од културата, заштитата и спасувањето, управувањето со кризи и др., кои се инволвирани во оваа проблематика, со одговорно и ефикасно спроведување на потребните мерки за превенција и справување со проценетите ризици и опасности, ќе се овозможи поефикасна заштита и спасување на археолошките локалитети во случај на појава од истите.

**Евалуација на научен труд (реден број 13)**

13. ***Нацев Трајче.,*** Веселинов Драган, (2016), *Потребата, значењето и придонесот на Процената на загрозеноста на безбедноста од сите ризици и опасности кај недвижното културно наследство во Република Македонија*, Knowledge: International Journal Scientific Papers, 13.2. pp. 175-178. ISSN 1857-92.

Недвижното културно наследство претставува темелна вредност во Република Македонија. Тоа, како дел од нејзините материјални добра, е подложено на ризици и опасноти кои можат да предизвикаат негово оштетување или уништување. Затоа за негова заштита и спасување се преземаат мерки и активности врз основа на претходно изготвени проценки. Таквите проценки, кои се изготвуваат од надлежните органи на власта, се врз основа на искуства, истражувања, студии и анализи. Со помош на ова се овозможува соодветна превенција и справување со ризиците и опасностите во случај на загрозување на безбедноста на недвижното културно наследство. Поради тоа неминовна е потребата и големо е значењето од процена на загрозеноста на безбедноста од сите ризици и опасности кај недвижното културно наследство која придонесува негова поефикасна заштита. Клучни зборови: процена, недвижно културно наследство, Република Македонија.

**Евалуација на научен труд (реден број 14)**

14. ***Нацев Трајче.,*** Веселинов Драган, (2016), *Градежни техники во античкиот период во Брегалничкиот Басен*, Knowledge - International Journal, 14.2. pp. 720-723. ISSN 1857-92.

Темата го опфаќа перидот од раѓањето па сè до заоѓањето на антиката во Брегалничкиот Басен, односно периодот од 5 век пред н.е. па сè до крајот или првата деценија на 7 век, период кога со аваро словенските напади биле уништени и запалени сите доцноантички населби и утврдувања. Во рамките на античкиот период, покрај тоа што се употребуваат и усовршуват градежни техники од праисторијата (opus caementicum, opus incertum и други), се појавуваат и нови техники на ѕидање (opus guadratum, opus mixtum, opus testaceum, opus vitatum, opus emplektion, комбинирана техника на ѕидање во која се вклучени две или три градежни техники). Во трудот ќе бидат обработени градежните техники кои се констатирани на археолошките локалитети по пат на рекогносцирање или археолошки истражувања во долината на река Брегалница, со акцент на градежните техники на одбранбените ѕидови од фортфикициите, сакралните и профаните градби на Виничко Кале и градот Баргала.

**Евалуација на научен труд (реден број 15)**

15. ***Нацев Трајче.,*** Веселинов Драган, (2016), *Одбранбени елементи кај доцноантичките утврдувања во Брегалничкиот Басен, Гласник*, Институт за национална историја, 60 (1). pp. 71-80. ISSN 0583-4961.

Во доцната антика во Брегалничкиот Басен населените места се утврдувале за

одбрана и заштитата од непријателски напади. Некои од нив претставувале новоизградени утврдувања, додека, пак, други биле обновени во текот на овој период. Сите тие располагале со одбранбени елементи кои овозможувале поефикасна одбрана и заштита на луѓето и материјалните добра кои се наоѓале во нив.

**Евалуација на научен труд (реден број 16)**

**16.** Stojanovski Darko, and Trajce Nacev and Marta Arzarelo (2014), Pottery typology and the monochrome Neolithic phase in the Republic of Macedonia, 28 The Neolithic and Eneolithicin Southeast Europenew Approaches to Datring and Cultural Dynamisc in the 6th to 4th Milennium BC,28.pp 9-19. ISSN 0723 – 172.

Зачетокот на неолитот, како нов начин на живот на Балканот, е општо прифатен како повеќестран и комплициран процес, донесен, иницирaн или под влијание на повеќе од еден надворешен извор. Неговата разнобразност е тема на повеќе научни дебати. Оваа статија се стреми да придонесе во овие дискусии преку презентирање на типолошкиот профил на керамиката од Грнчарица (неолитска населба во Македонија), профил кој не соодветствува на добиените 14C дати. Овде нудиме неколку можни објаснувања и предлагаме ревизија на постоечката хронолошка рамка на неолитот на Балканот, воспоставена пред половина век.

**Евалуација на научен труд (реден број 17)**

***17.*** ***Нацев Трајче.,*** Веселинов Драган., (2017), Possible risks and dangers on archaeological sites along the lower flow of the river Bregalnitsa, Зборник на трудови од Четвртиот меѓународен симпозиум „Денови на Јустинијан I“. ISSN ISBN: 978-608-4714-17-0.

Одредувањето на потенцијалните ризици и опасности како и нивниот степен на загрозување врз археолошките локалитети во горниот тек на реката Брегалница е од стратешко значење за истите. Така со квантитативна и квалитативна анализа за профилот на потенцијалните опасности и елементите на ризик врз локалитетите ќе се придонесе до нивно спречување од унишување и оштетување. Кон сето ова, додавајќи ги и капацитетите, комуникацијата и координацијата со субјектите од културата, заштитата и спасувањето, управувањето со кризи и други кои се инволвирани во оваа проблематика, со одговорно и ефикасно спроведување на потребните мерки за превенција и справување со проценетите ризици и опасности ќе се овозможи поефикасна заштита и спасување на археолошките локалитети во случај на појава од истите.

**Евалуација на научен труд (реден број 18)**

**18.** **Nacev Trajce** and Atanasova, Ilinka (2017), New findings regarding the economic part of Bargala, Review of the Institute of History and Archaeology RIHA. ISSN 2671-3144

Во трудот авторите ја презентираат економијата во доцноантичкиот град Баргала, врз основа на досегашните резултати добиени од систематските археолошки истражувања кои се изведени во периодот од 1967 до 2010 година со акцент на последните систематски археолошки истражувања во периодот од 2007 до 2010 година. Од економијата, посебно место заземаат грнчарството, сточарството и земјоделството, потоа ловот, металургијата, а од осбено значење било производтсвот на вино.

**Евалуација на научен труд (реден број 19)**

***19.*** ***Нацев Trajче.,*** Д.Стојановски (2017), *Градот Баргала од 7 до 12 век*, Годишник на асоцијација „Онгъл”.том.15 год.XI 2017, ISSN 1311-493X.

Доцноантичкиот и средновековниот град Баргала е лоциран на 17 км североисточно од градот Штип, во подножјето на планината Плачковица, на десниот брег на Козјачка Река и на одалеченост од околу 3 км јужно од денешното село Долен Козјак. Од средината на 6 век, сѐ повеќе зачестуваат аваро словенските напади, од кои не е поштеден и овој град, така после половина век, кон крајот на 6 почетокот на 7 век, градот бил потполно разорен и запален од страна на аваро словените. Најраните докази за постоењето на живот во средниот век во Баргала се движните археолошки предмети откриени при археолошки истражувања на средновековната словенска некропола, лоцирана кај црквата Св.Ѓорѓи. Од средновековната сакрална архитектура во градот со досегашните истражувања откриени се малата црква датирана во крајот на 7 почетокот на 8 век и црквата Св.Ѓорги изградена кон крајот на 9 почетокот на 10 век. Од профаната архитектура откриени се неколку објекти и тоа во Епископиумот и во новата културна содржина во централниот дел на градот.

**Евалуација на научен труд (реден број 20)**

20. ***Нацев Трајче.,*** Веселинов Драган, (2017), *Праисториски и раноантички утврдени места во Брегалничкиот Басен*, *Гласник*, Институт за национална историја, год 61, бр.1. ISSN 0583-4961.

Праисторијата и раната антика, претставуваат долг временски период, посебно во делот на постоењето и развојот на утврдените места во Брегалничкиот Басен. Но, врз основа на она што е наведено во овој труд, може да се согледа нивната генеза во споменатиот временски период во оваа област. Од енеолитот, па сѐ до почетокот на доцната антика, во Брегалничкиот Басен се присутни утврдувањата. Од досегашните истражувања е утврдено дека во праисторијата нивниот број е различен во зависност од периодот кога се подигнати. Дали тоа се должи на моменталните научни откритија, така што, теоретски кажано, бројот на утврдувањата би можел да биде поголем, или пак, тогашните околности, потребата и способноста на населението наметнале тие да бидат онолку за колку што денес имаме податоци. Покрај разликите и сличностите, кои се јавувале кај карактеристиките на утврдувањата од праисторијата и од раната антика, сепак тие имале една единствена цел да овозможат одбрана и заштита на луѓето и на материјалните добра кои се наоѓале кај нив.

**Евалуација на научен труд (реден број 21)**

21. Атанасова. Илинка, ***Нацев Трајче,*** (2017), *Новооткриена работилница за стакло во Баргала*, Balcanoslavica,46. ISSN 2545-4358

Со археолошките истражувања во рамките на капиталниот проект Баргала 2007 – 2011 година, во рамките на Епископиумот на градот Баргала, дополнета е сликата за економијата на овој доцноантички град со откривањето на работилницата за стакло. Оваа работилница откриена е во кула 7 од фортификацијата на градот Баргала. Во кулата откриена е печката за производсвто на стакло со димензии 1.90 X 1.60 м. Печката можеме да ја поделиме на два дела: долен дел ложиште и горен дел изграден од тули . Врз основа на откриените монети во Епископиумот, целата економија во Епискоиумот (винаријата, производството на железо), па и работилницата за стакло, најверојатно, биле користени во периодот на големите аваро – словенски напади почнувајќи од Јустинијан I (527-565 па сѐ до првата деценија на 7 век односно до Маврикиј Тибериј (582-602).

**Евалуација на научен труд (реден број 22)**

22. ***Нацев Трајче.,*** Веселинов Драган., (2017), *Одбраната и заштитата во Македонија од антиката до Првата светска војна*, Годишник на асоцијација „Онгъл". Том.15, год.XI. ISSN 1311-493X.

Одбраната и заштитата кај човекот е присутна уште од почетокот на неговото постоење. Но, во зависност од опасностите и загрозувањата кои биле карактеристични за историскиот период така и се организирала. И на територијата која денес ја сочинува Македонија низ историјата се бележат примери на организирање и функционирање на одбраната и заштитата. Од античкиот период сѐ до Првата светска војна таа го менувала својот облик и начин на функционирање, пред сѐ прилагодувајќи се на тогашните актуелни опасности и загрозувања со кои населението се соочувало. За наведениот временски период во трудот е презентиран начинот на организација и функционирање на одбраната и заштитата во Македонија.

**Евалуација на научен труд (реден број 23)**

23. ***Нацев Трајче,*** (2017), *Конзерваторско-реставраторски работи на објект Стоа, на археолошкиот локалитет Вардарски Рид – Гевгелија*, Balcanoslavica, 45 (1-2). ISSN 2545-4358.

Во трудот се презентирани конзерваторско-реставраторските работи со делумна реконструкција на објектот Стоа, од класичниот период на археолошкиот локалитет Вардараски Рид – Гевглија. Конзерваторско реставраторските работи се изведени во 2001, 2002 и 2008 година, врз основа на претходно изработени два Елабората за конзервација, реставрација и реконструкција во 2001 и 2008 година.

**Евалуација на научен труд (реден број 24)**

24. ***Нацев Трајче.,*** Звонимир Николовски, Веселинов Драган., (2018), *Античката патната комуникација Астибо – Визианум, Гласник*,год.62, бр.1 и 2. ISSN 0583-4961.

Патната комуникација има голема улога во развојот на градовите и на населбите, зашто особено брз економски развој имаат градовите каде што се вкрстуваат повеќе патишта, токму какви што се и нашите центри Астибо и Визианум. Античката патна комуникација Астибо – Визианум влегува во втората категорија патишта кои поврзуваат два регионални центри. Патот е колски, ист како и магистралните патишта. За регионот на Овче Поле, за разлика од територијата на Куманово, постои уште една варијанта, која е многу послoжена во однос на претходната. Оваа траса би била истата до Мустафино, од каде што патот се протега кон Буриловци, потоа кон Немањци, Орел, па сѐ до селото Стањевци или Долно Ѓуѓанци, од каде што по истата траса ќе продолжи сѐ до Визианум.

**Евалуација на научен труд (реден број 25)**

25. ***Нацев Трајче.,*** Веселинов Драган, (2018), *Ризици и опасности од елементарни непогоди кај објектите и местата прогласени за културно наследство на територијата на Источниот Регион*. Зборник на трудови од Петтиот меѓународен симпозиум „Денови на Јустинијан I". ISSN 978-608-4714-99-6.

Речиси кај сите споменици од османлискиот период кои се наоѓаат во Источниот регион, пожарите претставуваат потенцијална опасност која би предизвикала нивно оштетување или уништување. Исклучок се оние кои се руинирани и не подлежат на

процена на загрозеност од елементарни непогоди како и Ќучук Емир Султановиот мост каде како потенцијална опасност се јавува единствено поплавата. Останатите видови на елементарни непогоди не можат да предизвикаат штети кај ова материјално добро. Иако ваквите процени, односно видот на опасноста и степенот на загрозеност од истата кај спомениците се врз основа на Процените на загрозеност на подрачјата на општините од Источниот регион, сепак потребен е поинаков концепт и пристап кон сето ова. Пред сè, се мисли на вклучување институции и стручни лица од повеќе области кои имаат директи или индиректини врски со заштитата на материјалното добро за да се извршат детални анализи што ќе дадат соодветна процена на загрозеност од елементарни непогоди кај спомениците од османлискиот период. Со тоа ќе се овозможи навремено и ефикасно спроведување на мерки и активности како и рационално искористување на силите и средствата за заштита и спасување на овие споменици.

**Евалуација на научен труд (реден број 26)**

*26.* ***Нацев Трајче.,*** Веселинов Драган., (2018), *Културната историја на градот Штип од антиката до доаѓањето на Османлиите*, Годишник на асоцијација „Онгъл", 12 (16). ISSN 1311-493X, Годишник на асоцијација "Онгъл", Том.16. год.XII. ISSN 1311-493X.

Животот во градот Штип започнува на средновековната тврдина Исар која никнува врз урнатините на античкиот град Астибо. Лоцирана е  на едно доминантно возвишение помеѓу реките Брегалница од север и запад и Отиња од југ, во централното градско јадро, со правец на протегање  север – југ.

Најстарите траги за постоење на живот потекнуваат од енеолитскиот и од класичниот период (фрагментирана садова керамика) откриени во секторот Стара Кланица кај средновековната црква Св.Власие и некрополата Марков Камен кај црквата Св.Тројца или уште позната како Чепреганова Црква. Постои размислување дека на Исарот била населбата од класичниот период, додека некрополата на населбата била лоцирана на локацијата Марков Камен, на растојание од околу 500 м, западно од црквата Св.Тројца позната кај штипјани како Чепреганова црква. Римскиот, доцноантичкиот и средновековниот културен хоризонт, досега се откриени на акрополот и источната падина на тврдината Исар и на неколку локалитети во непосредна близина на Исарот.

**Евалуација на научен труд (реден број 27)**

**27.** Petrova, Svetla and **Nacev, Trajce** (2019), The Sarcophagus with Amazonomachy from Bargala, Folia Archaeologica Balkanica,IV.. ISSN 1857-5307.

Саркофагот бил откриен при редовни археолошки ископувања во текот на 2010 г. Но два други фрагмента биле откриени уште за време на ископувањата во 1971 г, коишто ги дополнуваат сознанијата за неговата декорација. Зачувани се само релјефите во долниот дел на една од подолгите страни, како и на левата кратка страна. Релјефите на пократката страна биле исчукани и ѕидот бил грубо замазнет уште во христијанскиот период кога коритото на саркофагот било преупотребено. Авторите не ја исклучуваат можноста и десната кратка страна да била декорирана со релјеф. Втората долга страна не била декорирана и токму таа била свртена кон набљудувачот, кога саркофагот бил пренаменет како корито за чешма. Претставена е Амазономахијата, една од епизодите на Тројанската војна, многу популарен мотив во декорацијата на римските саркофази во текот на II-III век. Најверојатно како централна сцена била претставена, но не е зачувана, битката меѓу Ахил и Пентесилаја, царицата на Амазонките. Зачувани се делови од телата на други парови учесници, амазонки и грчки војници. Аглите меѓу оваа долга страна и двете кратки

се декорирани со исправена фигура на Нике/Викторија со венец во рацете. Начинот на распределување на некои сцени и претстави и неукрасената втора долга страна се белези на римските центри на производство на саркофази. Но, други паралели за целосната композиција и за иконографијата и стилот на одделни фигури демонстрира силно влијание на центрите од Атика, кое достигнувало на север до Тесалоника и на југ и југоисток до Мала Азија и Палестина. Поради користењето на локален мермер од рудникот Сивец, саркофагот од Баргала може да се смета како дело на патувачки мајстор од Атика или за локална имитација на атичка продукција, изработен за истакнат граѓанин на Баргала. Авторите врз основа на техничките и стилските црти го определуваат овој споменик кон првата четвртина на III век.

**Евалуација на научен труд (реден број 28)**

28. ***Нацев Трајче.,*** Веселинов Драган., (2019), *Влијанијата и последиците од елементарните непогоди кај спомениците од османлискиот период во Источниот Регион*, Меѓународен симпозиум „Денови на Јустинијан“, Зборник на трудови од Шестиот меѓународен симпозиум „Денови на Јустинијан I“. ISSN 978-608-4714-99-6.

Во овој труд презентирани се спомениците од османлискиот приод кои се наоѓаат на територијата на Источниот Регион. Во рамките на овој Регион влегуваат општините: Берово, Пехчево, Делчево, Македонска Каменица, Виница, Зрновци, Кочани, Чешиново-Облешево, Пробиштип, Карбинци и Штип. Меѓутоа во некои општини од овој Регион немаме споменици од османлискиот период поради што понатаму во текстот истите ќе бидат иземени. За оние, пак, каде има османлиски споменици, наведени се видовите на елементарни непогоди кои би можеле да нанесат некави оштетувања кај ова материјално добро или, пак, да го уништат истото. Покрај ова ќе се потенцира и степенот на ризик од елементарни непогоди кај спомениците од османлискиот период. Така ќе се создаде можност да се увидат потребите за заштита и спасување на овие споменици во случај на појава на елеменетарни непогоди. Во Источниот Регион можат да се сретнат следните видови на споменици од османлискиот период: џамии, безистен, мост, кули и теќиња. Во некои општини од Регионот можат да се најдат сите овие споменици, во други само некои од нив, а во трети, како што и претходно е напоменато, нема споменици од османлискиот период.

**Евалуација на научен труд (реден број 29)**

29. ***Нацев Трајче.,*** Веселинов Драган., (2019) *Заштита на стопанските места во доцноантичкиот период во виничкиот, кочанскиот, штипскиот и светиниколскиот регион,* Годишник на асоцијација „Онгъл”. Том.17, год. XIII. ISSN 1311-493X.

Рудниците, патиштата и граничните премини во доцноантичкиот период претставувале места кои биле од големо значење за развојот на стопанството во едно општество. Поради ваквото значење овие стопански места во доцната антика биле заштитувани со цел да се одбранат од разни непријателски дејствија. Заштитата на стопанските места во овој период се изведувала преку изградба на утврдувања. Вакви видови на утврдувања од доцноантичкиот период се наоѓаат и во виничкиот, кочанскиот, штипскиот и светиниколскиот регион.

**Научни трудови со импакт фактор**

**Евалуација на научен труд (реден број 30)**

**30.** Stojanovski, Darko and Arzarello, Marta and ***Nacev, Trajce*** , Middle Palaeolithic stone-tool technology from the Central Balkans: The site of Uzun Mera (eastern Republic of Macedonia), Quaternary International, 476. pp. 63-69. ISSN 10406182.

Балканскиот Полуостров, дали служел како прибежиште, транзитна зона или и двете, во секој случај одиграл клучна улога во популационата динамика во Европа во праисторијата. Сепак, Балканот е многу малку застапен во податоците од европската археологија. Во оваа статија е презентирана колекцијата новооткриени камени орудија од средниот палеолит од локалитетот Узун Мера во Источна Македонија. По спроведеното теренско истражување, кое вклучува различни методи на рекогносцирање и ископување, како и техно-економска и тафономска проценка на откриените камени орудија, Узун Мера се определува како типична среднопалеолитска колекција од артефакти, која се вклопува во моделот на мошне варијабилниот Балкански комплекс. Квалитетот на суровината го одразува селективниот пристап на праисторискиот мајстор, кој резултирал со релативно ниска литолошка варијабилност, каде што мали блокови од суровината којашто била користена за обработка сѐ уште се присутни на теренот. Нашите резултати придонесуваат за подобро разбирање на палеолитот на Балканот и даваат информација за процесот на популација во регион во кој претходно многу малку истражувања се вршени.

**Објавени трудови во периодот од 2015 до 2019 година, во домашни научни списанија или публикации (со реден број од 31 до 36)**

**Евалуација на научен труд (реден број 31)**

***31. Нацев Трајче*** (2017) *Конзерваторско реставраторски работи на објект Мала терма на археолошкиот локалитет Баргала*, *Археолошки информатор* бр.1. ISSN 2545-4536.

Конзерваторско реставраторските работи се изведени на хипокаустичниот под, хипокустичните столбци, на кадата, внатрешното лице на малата терма и на фурниумот со конзерваторско - реставраторските работи и со делумната реконструкција на објектот е постигната целта, а тоа е максимална кознервација, со што е спречено понатамошното пропаѓање на објектот и тој е доведен во фаза на презентација пред поширокатa научна и културна јавност.

**Евалуација на научен труд (реден број 32)**

***32. Нацев Трајче***., Секулов П. Ване (2017) *Археолошки истражувања на Могила „На Манастир“ с. Габревци општина Конче, Археолошки информатор* бр. 1. ISSN 2545-4536

Општина Конче се наоѓа во Југоисточна Македонија, помеѓу општините Штип, Радовиш и Струмица. Се простира на површина од 223 км 2 во правец југоисток – северозапад, врамена со масивите на планините Смрдеш од североисток и Градец и Конечка планина од југозапад, на надморска височина од 400 до 800 м. Со рекогносцирањето на таа територија во 2008 година се регистрираа 10 могили1, две повеќе од рекогносцирањето изведено 1976 година од страна на стручна екипа на РЗЗСК. Локалитетот Манастир се наоѓа околу 2 км северозападно од с.Габревци, 300 м североисточно од локалниот пат кој води кон селото. Могилата, особено нејзиниот врв, е вонредно доминантен во својата

местополжба со надморска височина од 462 м. Од врвот на могилата има визуелен контакт со целата долина на Крива Лакавица со околните планини. Во 2006 година, од страна на месното население беше пријавено нелегално копање на локалитетот Манстир, село Габревци. По пријавата беше известена Управата за заштита на културното наследство - Скопје. Поради презафатеност да изврши увид, а поради итноста, Управата ја овласти НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј - Штип, да изврши увид на локалитетот. Увидот беше извршен и за него беше поднесен извештај до Управата за заштита на културното наследство на Р Македонија 2. Заштитните археолошки истражувања на Могилата се изведени во 2008 година 3. како резултат на увидот направен во 2006 година.

**Евалуација на научен труд (реден број 33)**

33. ***Нацев Трајче*** (2018) *Конзерваторско реставраторски работи на подот во малата црква на археолошкиот локалитет Баргала село Горен Козјак.* Археол. Информатор, 2***. pp. 165-172, ISSN 2545-4536***

Конзерваторски-реставраторски работи: Наос Затворањето на просторот каде е вршено конзерваторско-археолошкото истражување е изведено соназименични слоеви на камен и земја и со полевање на вода сѐ до висинската кота каде треба да биде поставена бетонската подлога. По затворањето е извршено нивелирање на просторот на наосот и на презвитериумот, водејќи сметка дека презвитериумот е за 0.15 м повисок во однос на наосот. Надѕидување на супструкцијата, а потоа монтирање на основата на кацелот, на иста висинска кота како пред демонтажата и надѕидувањето на амвонот. По завршувањето на сите подготвителни работи, е поставена бетонска подлога со дебелина од 0.07 – 0.09 м, по целата површина на наосот и во презвитериумот. Потоа е поставена патеката од тули од влез. Врз бетонската подлога е поставен слој од жолтеникава ризла со дебелина на тулите Нартекс: Поради појавата на подот од камени плочи, кој временски одговара на втората градежна фаза на епископската базилика, е одлучено прво да се изврши целосно истражување на просторот во нартексот. Презентацијата на подот да биде на втората градежна фаза со под од камени плочи, кои ќе одговараат на објектот со профан карактер, кој бил во функција како економски дел на епископската базилика од нејзината втора градежна фаза.

**Евалуација на научен труд (реден број 34)**

34. ***Нацев Трајче.,*** Стојановски Дарко (2018) *Археолошките истражувања на локалитетот Киселичка Пештера, с.Киселица, Делчево*, Археол. Инф, 2. pp. 27-34. ISSN 2545-4536.

Археолошките истражувања во Киселичка Пештера, авторитети реализираат во рамките на проектот Пајонски утврдувања и населби по долината на река Брегалница. Во Пештерата досега не се вршени археолошки истражувања. Во трудот се презентирани резултатите од сондажните археолошки истражувања во внатрешноста на Пештерата, реализирани во 2017 година.

**Евалуација на научен труд (реден број 35)**

35. ***Nacev, Trajce*** and Angelovski, Bosko (2019) *Атриуми во ранохристијанските епископски центри во Република Македонија*, Зборник на трудови Струмица.

Атриумите во 4 и 5 век на целата територија во источното и западното римско царство имаат иста улога. Тие претставуваат место од каде тргнува целата поворка кон базиликата, без разлика дали прво тргнува првосвештенството или верниците и во нив

остануваат само непокрстените христијани од каде можат да ја слушаат литургијата. Во 6 век, како резултат на сѐ поголемиот број на христијани, улогата на атриумите е променета и тие сега не се место, строго определно само за непокрстените, туку и за покрстените христијани од каде можат да ја следат литургијата. На територијата на Р.Македонија, во рамките на археолошките истражувања, атриуми, откриени се во епикоспките центри: Стоби, Хераклеја, Скупи, Лихнид и Баргала.

**Евалуација на научен труд (реден број 36)**

***36.*** Atanasova, Ilinka and Nacev, Trajce (2019) *Нови сознанија за стопанско-економскиот дел во Баргала*, Macedoniae acta archeological,21. ISSN 0350-1639.

Реализираните истражувања во периодот 2007-2011 год. ги дополнуваат и делумно ги заокружуваат досегашните сознанија за секторот Епископиум. Со дефинирањето на дел од новооткриените содржини сѐ поочигледна е и намената на објектите прилепени кај обѕидието на просторот од аголната или кулата 6, па сѐ до североисточниот влез. Според карактерот на објектите, целиот споменат простор го вбројуваме во стопанско-економски простор кој бил во функција на епископскиот центар. Од досегашните сознанија, засновани врз извлечените заклучоци при истражувањето на целиот овој простор, видливи се две хронолошки издвоени градежни фази.

**Стручно – апликативна и организационо – развојна дејност**

Кандидатот вонр.проф. д-р Трајче Нацев, учествува во стручно – апликативната и организационо – развојната дејност на Универзитетот во периодот од 2015 до 2020 година:

- раководител на институтот за Историја и археологија, на Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
- член на Универзитетски сенат;
- рецензент на научната книга *Таор*, од автор Киро Ристов;
- Член на уредувачки одбор на:
  1. Зборник на трудови од меѓународниот симпозиум во организација на Факултет за образовни науки при Универзитет Гоце Делчев Штип;
  2. Зборник на трудови од мегународниот научен симпозум, во организација на научното друштво за етнологија, фолкористика и антропологија *ОНГЛ, Самоков, Р.Бугарија*;
- член на Комисија за рецензија и одбрана на докторски труд на Институтот за историја на уметноста со археологија при Универзитет „Кирил и Методи“ – Скопје на м-р Душко Цветанов;
- коментор на еден магистерски труд одбранет на Конзорциум универзитети (Италија, Шпанија, Португалија) на м-р Андреј Мачкоски;
- член во комисија за одбрана на 20 дипломски труда.

Во истиот период вонр.проф.д-р Трајче Нацев раководи со следните проекти:

1. Палеолитот во Источна Македонија.
2. Пајонски утврдувања и некрополи по долината на река Брегалница.
3. Конзерваторско реставраторски работи на објект Скена на археолошки локалитет Скупи.
4. Конзерваторско реставраторски работи на објект театар на археолошки локалитет Скупи.
5. Конзерваторско реставраторски работи на римски театар на археолошкиот локалитет

Стоби.

6. Конзерваторско реставраторски работи на објект Скена на археолошки локалитет Стоби.
7. Конзерваторско реставраторски работи објект на Кула 1 на археолошкиот локалитет „Кале - Стрезов Град” с.Челевец, Демир Капија.
8. Конзерваторско реставраторски работи на полукружен плоштад Виа Сакра на археолошкиот локалитет Стоби.
9. Конзерваторско реставраторски работи на бедемот на централниот комплекс на локалитетот Вардарски Рид, Гевгелија.

Вонр.проф.д-р Трајче Нацев е раководител и кораководител при изработка на основни проекти за конзервација, реставрација и реконструкција:

1. Основен проект за конзервација, реставрација и реконструкција на сценската зграда на театарот во Скупи.
2. Основен проект за конзерваторско реставраторски работи на палатата на археолкошкиот локалитет Кале.
3. Основен проект за конзерваторско реставраторски работи на преградните бедеми на археолошкиот локалитет Кале – Скопје.
4. Основен проект за конзервација и реставрација на бедемот на централниот комплекс на локалитетот Вардарски Рид, Гевгелија
5. Основен проект за конзервација и реставрација на Кула 1 на археолошкиот локалитет „Кале - Стрезов Град” с.Челевец, Демир Капија.
6. вонр.проф.д-р Трајче Нацев е учесник и во проектот: Праисторијата во централна Македонија, (сондажни археолошки истражувања во Топла Пештера клисура Бабуна).

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на детално извршениот преглед на поднесената документација од кандидатот за биографските податоци, наставно – образовната, научноистражувачката и апликативна дејност, Рецензентската комисија констатира дека вонр.проф. д-р Трајче Нацев има високи наставни, научни, стручни и професионални достигнувања и покажува темелна посветеноист во извршувањето на работните и професионални активности.

Во периодот од 2015 до 2020 година вонр.проф. д-р Трајче Нацев има постигнато одлични резултати, кој зад себе остави бројни оригинални научни публикации, раководи и учествува во научноистражувачки проекти и електронски изданија на учебни помогала.

Согласно Законот за високо образование, Правилникот за критериуми и постапката за избор на на наставно – научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип и распишаниот конкурс, вонр.проф.д-р Трајче Нацев во целост ги исполнува сите услови да биде избран во звање **редовен професор во наставно научната област Класична археологија: грчка и римска култура; римска провинциска култура,** на Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ Штип и за целокупната активност во извештајниот период има остварено (НО+НИ+САОР)= **513** поена.

Имајќи ги предвид сите факти што се наведени во овој извештај, како и освоените поени од неговата активност од наставно – образовната, научноистражувачката и стручно – апликативната дејност, Рецензенската комисија му предлага на **Наставно научниот совет на Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ Шти да го избере вонр.проф.д-р Трајче Нацев во звање редовен професор во наставно научната област Класична археологија: грчка и римска култура; римска провинциска култура.**

### РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

**проф.д-р Виктор Лилчиќ Адамсен**, редовен професор, претседател, с.р.
**проф.д-р Елица Манева**, редовен професор, член, с.р.
**Бошко Ангеловски**, редовен професор, член, с.р.

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**

| **Р. бр.** | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјата | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| | Избор во звање вонр.проф. | 1 | 40 | | | 40 |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | ВКУПНО | | | | | 40 |
| **Р. бр.** | Научноистражувачка дејност и стручно уметнички активности | Поени | | | | |
| | | Во земјата | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| | | | | | | |
| **1.** | Научен труд објавен во списание со ИФ (прв автор, втор автор, останати)<br>останати:<br>научен труд со реден бр.30 | | | 1 | 5 | 5 |
| **2.** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор, останати)<br><br>прв автор: научен труд со реден бр. 1,2,3,4,,7,8,9,10,12,13,14, 15,18,19,20,22,23,24,26,28,и 29.<br><br>втор автор: научен труд со реден бр. 16,21, и 27 | 15<br><br>3 | 9<br><br>6 | 6 | 9 | 189 X 1.3 = 245<br><br>18 X 1 = 18 |
| **3.** | Научен труд со оргинални научни резултати, објавени во зборник од трудови (со меѓународен уредувачки одбор) на научен собир научен труд со реден бр.5,6,11,17 и 25 | 5 | 9 | | | 45 X 1.3 = 58 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **4.** | Објавени научни трудови во научни списанија или публикации со реден број од 31 до 36<br>прв автор: научен труд со реден бр:31,32,33,34 и 35<br>втор автор: научен труд со реден бр. 36 | 5<br>1 | 2<br>1 | | | 12 |
| **5.** | Одржано предавање по покана на научна институција:<br><br>1.Факултет за историја при Универзитет „Кирил и Методи“, Велико Трново, Република Бугарија | | | 2 | 3 | 6 |
| **6.** | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјава и во странство<br>Воземјата со реден бр. :1,2,3,4,6.7.10,11, 13,14,15,16 и 17<br>Во странство со реден бр:5,8,9,12 и 18. | 13 | 1 | 5 | 2 | 23 |
| **7.** | Раководител на научен проект | 9 | 4 | | | 36 |
| **8.** | Учесник во научен проект | 1 | 2 | | | 2 |
| **9.** | Член на уредувачки одбор на научно списание (СЦИ/ЦА/ останати) | 1 | 2 | 1 | 3 | 5 |
| **10.** | Член на организациски или научен собир | | | 1 | 2 | 2 |
| **11.** | Рецензент на научен труд (СЦИ/ЦА/останати)<br>Книга 1 | 1 | 2 | | | 2 |
| | ВКУПНО | | | | | 414 |
| | | | | | | |

| **Р. бр.** | Стручно апликативна дејност и организационо развојна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјата | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| **1.** | Книга/учебник<br>Киги со реден бр.1,2,3 и 4<br>Учебник со реден бр. 5 | 4<br>1 | 40<br>10 | | | 50 |
| **2.** | Раководител на Институт | 1 | 4 | | | 4 |
| **3.** | Член на универзитетски или владини тела | 1 | 5 | | | 5 |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | ВКУПНО | | | | | 59 |
| | ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ | | | | | 513 |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ ИСТОРИЈА НА МАКЕДОНИЈА И НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА НА XIX ВЕК ДО 1918 ГОД. НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.1602-54/11 од 11.3.2020 година донесена на 143 седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки одржана на 11.3.2020 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научните области Историја на Македонија и Национална историја на XIX век до 1918 год**.** на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ од 18.2.2020 година и во предвидениот рок се пријави:

- Д-р Верица Јосимовска, доцент

Поднесената пријава од страна на кандидатката д-р Верица Јосимовска е комплетна и навремено доставена.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно - научниот совет на Факултетот за образовни науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Д-р Верица Јосимовска е родена на 9 февруари 1969 година во Штип. Основно и средно гимназиско образование завршува во Штип. Интересот кон предметот историја е главниот мотив што се одлучува да го одбере за своја идна професија. Образованието го продолжува на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на Филозофскиот факултет, Институт за историја како редовен студент. Студиите ги завршува во 1992 година како дипломиран професор по историја. За време на студирањето е стипендист на Фондацијата „Петар Стаматов“.

Во 2010 година успешно ги завршува постдипломските студии на Институтот за национална историја во Скопје каде магистрира на темата „Руската имиграција во Штип меѓу двете светски војни“ и се здоби со академски степен магистер по историски науки.

На Институтот за национална историја во Скопје во 2013 година ја одбрани и докторската дисертација на тема „Историскиот развој на медицината во Вардарска Македонија 1913-1944“ и се стекна со научен степен доктор по историски науки.

Во периодот од 1995 до 2014 година работи како наставник по историја и граѓанско образование во ООУ „Ванчо Прке“ во Штип.

Професионалниот развој го продолжува на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип од септември 2014 година, најпрво како лаборант, а од 19.8.2015 год. и како наставник, кога е избрана во наставно-научно звање доцент на Факултетот за образовни науки.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор***

1. Доцент од научната област Историја на Македонија и Национална историја на XIX век до 1918 год**.** Наставно – научниот совет на Факултетот за образовни науки на

својата 79 седница на 19.8.2015 год. донесе одлука бр. 1602-194/11, д-р Верица Јосимовска да се избере во звање доцент за наставно-научните области Историја на Македонија и Национална историја на XIX век до 1918 год.

2. Кандидатката има објавено околу 50 труда во меѓународни списанија, односно зборници од меѓународни научни конференции. Од изборот во доцент до денес кандидатката има објавено повеќе трудови. Од нив ги издвојуваме:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Josimovska, Verica, Knezevic, Z. | Македонија и Македонците во извештаите на британската разузнавачка служба 1942 – 1945 година | Journal of History, LIII (1). pp. 137-156. ISSN 0579-0263 | 2018 |
| 2 | Josimovska, Verica, Josimovska, E. | Реконструкција на бомбашкиот атентат во Штип од 1911 година. | Гласник, 62 (1-2). pp. 86-100. ISSN 0583-4961 | 2018 |
| 3 | Josimovska, Verica | Hospitals on the territory of Vardar Macedonia as part of Serbia during the Kingdom of Serbs, Croats and Slovenes/ Yugoslavia (1918–1941) | Vojnosanitetski pregled, 74 (10). pp. 997-1003. ISSN 0042-8450<br><br>меѓународно списание индексирано во Web od Science<br>Impact Factor: 0,405 | 2017 |
| 4 | Stojkov, S., Josimovska, Verica | Идеите за етногенеза на македонскиот народ пред 1944 | Review of the Institute of History and Archaeology, RIHA, 4 (1). pp. 80-93. ISSN 2671-3144 eISSN: 2671-3152 | 2017 |
| 5 | Josimovska, Verica | Социјално-здравствената заштита на децата во вардарскиот дел на Македонија во периодот меѓу двете светски војни | *Гласник*, Институт за национална историја, 61 (1). pp. 159-168. ISSN 0583-4961 | 2017 |
| 6 | Josimovska, Verica and Stojkov, Stojko | Organization of illegal sanitation service in Macedonia during the WWII | Review of the Institute of History and Archaeology, RIHA, 3 (1). pp. 117-131. ISSN 2671-3144 eISSN: 2671-3152 | 2016<br><br>10 години |
| 7 | Josimovska, Verica | Руските имигранти и културните настани во Штип во периодот 1923 – 1927 година | *Гласник* на Институтот за национална историја, 60 (1). pp. 199-208. ISSN 0583-4961 | 2016 |
| 8 | Josimovska, Verica | Militiry hospitals in the Vardar Region of Macedonia from the Ottoman Period. | Medicus 21 (1). pp. 112-115. ISSN 1409-6366 | 2016 |
| 9 | Josimovska, Verica | Volunteer medical mission “American women’s hospitals” in Macedonia and Kosovo during and immediately the Great War | “Medicus”, 20 (2) (308). pp. 291-302. ISSN 1409-6366 | 2015 |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

**Доц. д-р Верица Јосимовска** во периодот од 1995 до 2014 година работи како наставник по историја и граѓанско образование во ООУ„Ванчо Прке“ во Штип. Долгогодишното искуство како наставник го збогатува со бројни обуки и тренинзи во интерес на модернизација и зголемена ефективност на наставниот процес. Доцент д-р Верица Јосимовска како долгогодишен наставник по историја во училиштето има работено на повеќе проекти, посетено семинари, обуки и работилници, активен член во повеќе комисии, како и ментор на ученици кои учествувале на државни натпревари по историја. Од друга страна, активно учествува во работата на бројни училишни тела и комисии заради промоција на училиштето и унапредување на животот и работата на институцијата во целост. Професионалниот и кариерен развој доцент д-р Верица Јосимовска го продолжува на Факултетот за образовни науки, на катедрата Историја и археологија. Искуството и ентузијазмот, но и професионалниот однос продолжува и во работата со студентите во наставата и вонnаставни активности по предметите од историската област, но и од аспект на континуирано унапредување на курикулумите. На својата 79 седница од 19.8.2015, Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки донесе одлука бр. 1602-194/11 и ја избра во звањето доцент за наставно-научните области Историја на Македонија и Национална историја на XIX век до 1918.

**Доцент д-р Верица Јосимовска** е ангажирана во наставата на прв циклус на студии на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ Штип на студиските програми Историја и Историја-наставна насока со предметни дисциплини: Нов век XVI-XIX век, Преродбата и културните процеси во Македонија во XIX и XX век, Македонските градови во XIX и XX век, Македонците во рамките на Кралството на СХС/Југославија, Грција и Бугарија 1919-1939, Самостојна и независна Македонија.

**<u>Учество на научни, стручни и научно-практични конференции и конгреси до изборот за доцент, (2015)</u>**

**<u>Презентации:</u>**

1. **Јосимовска, В.**, Јосимовска, Е. (2014). *Судбината на еврејското маало по депортацијата на Евреите*, Меѓународна научна конференција: „Евреите во Македонија:историја, традиција, култура, јазик и религија“, Скопје, 18-19 декември.
2. **Јосимовска, В**., Цацков, О. (2014). *Ново Село како сликарска инспирација*, Прв научен собир: Улогата на штипско Ново Село во македонската историја, Штип, 17 октомври
3. Ефтимова, Б., **Јосимовска, В.** (2014). *Службата за анестезиологија во Штип од почетоците до денес(1974-2014)*, V Конгрес на анестезиолозите (со меѓународно учество), Прилози кон историјата на македонската анестезиологија, Охрид-Скопје, 2 – 5 Октомври.
4. **Јосимовска, В.,** Ефтимова, Б. (2014). *Почетоците на развојот на штипската анестезија*, V Конгрес на анестезиолозите (со меѓународно учество), Прилози кон историјата на македонската анестезиологија, Охрид-Скопје, 2 – 5 Октомври.
5. Гацова, М., **Јосимовска, В.,** Закоска, М. (2014). *Педијатрија на подручју Македоније између два светска рата*, VI Научен стручен собир: „Историја на медицината, фармацијата, ветерината и народната здравствена култура“, Заечар (Србија), 2-3 октомври.
6. **Јосимовска, В.,** Јосимовска, Е. (2014).*Жене које су пружиле медицинску помоћ Србији (у делу Македоније) у Првом светском рату*, VI Научен стручен собир: „Историја на медицината, фармацијата, ветерината и народната здравствена култура“, Заечар (Србија), 2-3 октомври

7. **Josimovska, V.,** Cackov, O., Josimovska, E. (2013). *„Life in Shtip after Bucharest Peace Treaty"*, International Scientific Conference, Peace Treaty of Bucharest, Macedonia and the Balkans, Skopje, 31 October and 1 November.
8. **Јосимовска, Е., Јосимовска, В.** (2103). *Социјално-здравствена заштита деце на територији данашње Македоније у годинама непосредно иза Великог рата*, V Научен стручен собир: „Историја на медицината, фармацијата, ветерината и народната здравствена култура, Зајечар (Србија), 1 ноември.
9. **Јосимовска, Е., Јосимовска, В.** (2013). *Значајни личности од еврејската заедница во Штип*, Научна трибина: „70 Годишнина од депортацијата на Евреите од Македонија", МАНУ, Скопје, 12 март.
10. **Јосимовска, В.,** Цацков, О. (2013). *Културата и просветата во Штип во време на Балканските војни*, IV Меѓународна научна конференција, Меѓународен дијалог Исток-Запад, Свети Николе, 20 април.
11. **Јосимовска, В.,** Јосимовска, Е. (2013). *Здравствената служба во Македонија во Втората светска војна*, Четврти конгрес на МАИМ (со меѓународно учество), Скопје, 18-19 април.
12. **Јосимовска, Е., Јосимовска, В.** (2012). *Сведоштва за Брегалничката епидемија во 1913 година*, Научен собир: „Сто години од Балканските војни", МАНУ, Скопје, 3-4 декември
13. **Јосимовска, В.** (2010). *Украинската емиграција во Штип меѓу двете светски војни*, Македонско- Украинска научна конференција, во организација на МАНУ и Универзитетот „Гоце Делчев"-Штип, Штип, 1-3 октомври.
14. **Јосимовска, В**. (2010). *Делата на Јосиф Ковачев и времето во кое ги создаваше*, Научен симпозиум „Јосиф Ковачев и неговото време" во организација на Универзитетот „Гоце Делчев"-Штип, 29 октомври.
15. **Јосимовска, В.,** Јосимовски, Ј. (2005). *Лекари на работа во Струмица од турскиот период до Втората светска војна*, Втор конгрес на МАИМ, (со меѓународно учество), Струмица, 3-5 ноември.
16. **Јосимовски, Ј., Јосимовска, В.** (2005). *Анета Јанакиева Томчова, прва жена лекар во Струмица*, Втор конгрес на МАИМ, (со меѓународно учество), Струмица, 3-5 ноември.
17. **Јосимовска, Е., Јосимовска, В.** (2002). *Бошначкото маало во Штип до и по Балканските војни*, Меѓународен научен симпозиум: Бошнаците на Балканот, Скопје, 13-14 септември.
18. **Јосимовска, В.,** (2001). *Воени рапорти од Македонија во Првата светска војна*, V Национален конгрес по историја на медицината, Благоевград, (Бугарија) 19-20 октомври.
19. **Јосимовска, В.** (2001). *Колерата во 1913 година во Брегалничкиот регион*, Прв македонски конгрес за историја на медицината, (со меѓународно учество), Штип, 7-8 јуни.
20. **Јосимовска, В.** (2000). *Страотниот помор на населението од колера 1913 година во долината на реката Брегалница во време на Втората балканска војна*, Меѓународен научен собир за медицинска географија во Софија, (Бугарија) 5-7 октомври.

**Учество на научни, стручни и научно-практични конференции и конгреси во изборниот период 2015-2020**

**Презентации:**

1. **Josimovska, Verica** (2019) *Professional development of the teacher-historian.* In: Седма международна научна конференция "Съвременното образование - условия,

предизвикателства и перспективи”, 14-16 June 2019, Blagoevgrad, Bulgaria.

2. **Josimovska, Verica** (2018) *Извештаите на воените претставници на Австро-Унгарија за спроведувањето на мирцштегските реформи во Македонија.* In: Меѓународен научен симпозиум „Почетоците на австриската дипломатија во Македонија со посебен осврт кон Австро-Унгарскиот конзулат во Битола/Монастир 1851-1919 , 14-15 Nov 2018, Bitola, R. Macedonia.
3. **Josimovska, Verica** (2017) *Штип и штипско во весникот Политика (1919-1941).* In: VII Меѓународен научен собир „Врските меѓу Р.Македонија и Р.Србија низ вековите и денес“ во организација на Конзулатот на Р.Србија во Р. Македонија, 19-21 May 2017, Bitola, Macedonia.
4. **Јосимовска, Верица** (2017) *Стручното усовршување на наставникот по историја*, Петта научно-стручна конференција со меѓународен карактер -„Современото воспитание и образование-состојби, предизвици и перспективи“, Штип, 17.5.2017.
5. **Јосимовска, Верица**, *Наставата по историја надвор од училницата*, Петта научно-стручна трибина „Да се биде учител...“, Факултет за образовни науки, Штип, 6.10.2017.
6. **Josimovska, Verica** (2016) *Книжевноста како сведок на историјата.* Меѓународна научна конференција, ФИЛКО - Филологија, култура и образование, Универзитет „Гоце Делчев“ Штип, Воронешки државен универзитет, 18-19 March 2016, Stip, Macedonia.
7. **Јосимовска, Верица** (2016) *Застапеноста на интеркултуралните вредности во системот на современото образование и воспитание*, Четврта научно-стручна конференција со меѓународен карактер „Современото воспитание и образование - состојби, предизвици и перспективи- зборник на трудови“, Штип, 18.5.2016.
8. **Јосимовска, Верица** (2016) *Иновативни методи во учењето и проучувањето на чувствителни и контроверзни историски теми*, Научно-стручна трибина „Предизвиците и перспективите на учителската професија“, 7.10. 2016, Штип
9. **Josimovska, Verica** (2015) *Higher education in the period of transition.* In: International scientific conference: Education in XXI century – conditions and perspectives –, 24-25 Sept 2015, Stip, Macedonia.
10. **Josimovska, Verica** and Josimovska, Elena (2015), *Ратни дневници и рапорти лекара за рад у Македонији у Првом светском рату.* In: VII научно-стручни скуп Историја медицине, фармације, ветерине и народна здравствена култура’ , 15–16 Oct 2015, Zajecar, Serbia.
11. **Josimovska, Verica** (2015) *Основни облици на илегална санитетска служба за време на Втората светска војна.* In: Научен собир - Македонија во Втората светска војна и потоа – 70 години од победата над фашизмот, 19 Oct 2015, Skopje, Macedonia.
12. **Josimovska, Verica** (2015) *Кабинетот по историја- учителка на животот.* In: Научно - стручна трибина – „Учителот и средината за учење и развој“, 2 Oct 2015, Stip, Macedonia.
13. **Josimovska, Verica** and Josimovska, Elena (2015) *Образовни институции во Штип на српски наставен јазик во периодот 1913-1941 година.* Шести меѓународен научен симпозиум „Афирмација, продлабочување и проширување, на вековните културни врски меѓу Р. Македонија и Р. Србија“, 30 Oct-1 Nov 2015, Bitola, Macedonia.
14. **Јосимовска, Верица** (2015), учесник и говорник на трибината на тема „Предизвици и перспективи на Македонија од Букурешкиот договор до денес“ на Факултетот за образовни науки, Штип, 16 ноември 2015 год..

**СПИСОК**
**на објавени стручни и научни трудови**

**Објавени стручни и научни трудови до изборот за доцент, 2015 год.**

**I. Објавени монографии:**

1. **Јосимовска, В.,** *Епидемиите во Вардарскиот дел на Македонија и борбата со нив за време на војните (1912-1918), Штип, 2014.*(ISBN 978-608-4662-21-1).
2. **Јосимовска, В.,** *Руската колонија во Штип меѓу двете светски војни*, Штип, 2015. (ISBN 978-608-4662-34-1).
3. **Јосимовска, В.,** *Странските санитетски мисии во служба на детската заштита во Вардарскиот дел на Македонија (1917-1926),* Штип, 2015. (ISBN 978-608-4662-35-8).

**II. Објавени стручни и научни трудови :**

1. **Јосимовска, В., Јосимовски, Ј., Глигоров, И.(2000).** *Долината на реката Брегалница - како место на катастрофална епидемија од колера во 1913 година*, Зборник на трудови од Втор конгрес на географите на Македонија, Охрид, 3-5 ноември. (pp. 385-388).
2. **Јосимовски, Ј., Јосимовска, В. (2001)**. *Колерата во 1913 година во Брегалничкиот регион*, Зборник на трудови од прв македонски конгрес за историја на медицината (МАИМ), Штип, 2001. (ISBN 9989-2122-2-8 pp. 91-96).
3. **Јосимовска, Е., Јосимовски, Ј., Јосимовска, В. (2003).** *Бошначкото маало во Штип до и по Балканските војни*, Зборник на трудови од меѓународен научен симпозиум-Бошнаците на Балканот. (ISBN 9989-2039-1-1 pp.179-182).
4. **Јосимовски, Ј., Јосимовска, В., (2005),** *Анета Јанакиева Томчова, прва жена лекар во Струмица*, Зборник на трудови од втор конгрес на МАИМ со меѓународно учество, Струмица, 3-5 ноември. (ISBN 9989-2122-3-6 pp.55-58)
5. **Јосимовска, В., Јосимовски, Ј., (2005)**. *Лекари на работа во Струмица од турскиот период до Втората светска војна*, Зборник на трудови од втор конгрес на МАИМ со меѓународно учество, Струмица, 3-5 ноември, 2005. (ISBN 9989-2122-3-6 pp.85-87).
6. **Јосимовска, В., (2010).** *Добродетелот Хаџи Костадин од Штип*, Годишен зборник, година 1, 2010, Институт за историја и археологија, Универзитет „Гоце Делчев"-Штип (ISSN:1857-7342 UDC: 929 pp.117-119).
7. **Јосимовска, В., (2011).** *Делата на Јосиф Ковачев и времето во кое ги создаваше*, Годишен зборник, година 2, 2011, Институт за историја и археологија, УГД - Штип (ISSN:1857-7342 UDC: 37.014.3(497.7) „18" pp. 175-178).
8. **Јосимовска, В**., Јосимовска, Е., **(2013)**. *Здравствената служба во Македонија во Втората светска војна*, Зборник на апстракти од Четврти конгрес на МАИМ (со меѓународно учество), Скопје, 18-19 април. (pp. 29-30).
9. **Јосимовска, Е., Јосимовска, В.,(2013),** *Сведоштва за Брегалничката епидемија во 1913 година*, Прилози од научен собир „Сто години од Балканските војни", МАНУ, Скопје, 3-4 декември 2012. (ISBN 978-608-203-100-2 pp. 495-510).
10. **Јосимовска, В**., Цацков, О., **(2013),** *Културата и просветата во Штип во време на Балканските војни*, Зборник на научни трудови IV Меѓународна научна конференција, „Меѓународен дијалог Исток-Запад", Свети Николе, Р. Македонија- Тамбов, Руска Федерација, 20.4.2013. (ISBN 978-608-4689-04-1 pp.221-223).
11. **Paunovic, P., Josimovska**, V., **(2014),** *Prve zdravstvene ustanove na oslobođenoj teritoriji za vreme Solunskog fronta*, Timočki medicinski glasnik, br. 3, vol. 39, Zaječar, 2014. ISSN 0350-2899, pp.142-146.

12. **Јосимовска, Е., Јосимовска, В.,(2014),** *Социјално-здрвствена заштита деце на територији данашње Македоније у годинама непосредно иза Великог рата*, Зборник радова са V Научен стручен собир: „Историја на медицината, фармацијата, ветерината и народната здравствена култура“, Зајечар (Србија). (ISBN 978-86-84483-23-4 pp.219-226).
13. **Јосимовска, В.,** Цацков, О., **(2014)**. *Ново Село како сликарска инспирација*, Зборник на трудови од Прв научен собир: „Улогата на штипско Ново Село во македонската историја, Штип, (ISBN 978-608-4662-24-2 pp. 31-39).
14. **Јосимовска, В.,** Цацков, О., Јосимовска, Е., **(2014).** *Животот во Штип по Букурешкиот мировен договор*, Зборник на трудови од меѓународен научен собир: „Букурешкиот мировен договор, Македонија и Балканот“, МАНУ, Скопје. (ISBN 978-608-203-119-4 pp.299-306).
15. **Јосимовска, В.,** Јосимовска, Е.,(**2014).** *Придонесот на учениците и учителите од штипското образование низ историјата за афирмација на театарската традиција на Штип*, *Театарски гласник*, бр. 82/83, Скопје. (ISSN 0351-9600 pp. 96-101).
16. **Јосимовска, В.,** Ефтимова, Б., **(2014).** *Почетоците на развојот на штипската анестезија*, Зборник на апстракти од V Конгрес на македонските анестезиолози, Скопје. (ISBN 978-608-4596-63-9 pp.171--173).
17. **Josimovska, V., (2015)** *Volunteer medical mission ‘American Women’s Hospitals’ in Albania during and immediately the Great War*, Medical Journal Medicus, (ISSN 1409-6366 UDC 61 Vol · 20 (1) · 2015, pp. 98-105).
18. **Јосимовска, В**., Јосимовска, Е**.,(2015)** *Судбината на Еврејското маало во Штип по 11 Март 1943 година*, Меѓународна научна конференција „Евреите во Македонија: историја, традиција, култура, јазик и религија“, Еврејска заедница во Македонија, 19-20 декември, Скопје 2014 год.
19. **Јосимовска, В**., **(2015)** Болничко- превентивни установи во Вардарска Македонија (1941-1944), ( рецензиран труд *Гласник* на ИНИ , Скопје, год.59, бр.1).

**<u>Објавени стручни и научни трудови во изборниот период (2015-2020)</u>**

1. **Josimovska, Verica** (2019) *Professional development of the teacher-historian.* Седма международна научна конференция „Съвременното образование условия,предизвикателства и перспективи“. ЮЗУ „Неофит Рилски“, Благоевград, pp. 208-212. ISBN 978-954-00-0200-2.

Авторот во овој труд ја обработува улогата на наставниците во општеството, посебно на наставникот по историја. За да се оправда неговата улога, наставникот треба да биде професионалец или тој/таа треба да има професионален развој. Наставникот-историчар има задача во современата настава да пренесува знаење на учениците и во исто време да им овозможи активно учество во наставниот процес, особено во работата со документи и собирање извори на знаење.

2. **Josimovska, Verica** (2019) *Извештаите на воените претставници на Австро-Унгарија за спроведувањето на мирцштегските реформи во Македонија.* Меѓународен научен симпозиум „Почетоците на австриската дипломатија во Македонија со посебен осврт кон Австро-Унгарскиот конзулат во Битола/Монастир 1851-1919 , 14-15 Nov 2018, Bitola, R. Macedonia.

Трудот ги анализира заинтересираноста и активностите на големите сили во прв ред Австо-Унгарија и Русија, подготовка на програма со реформи во Мирцштег кои Османлиската држава требала да ги исполни за подобрување на положбата на христијанското население. Посебно се следи активноста на Австро–Унгарија во спроведувањето на реформите во Македонија преку бројните извештаи од теренот испратени од нејзините дипломатски и воени претставници .

3. **Josimovska, Verica and Josimovska, Elena** (2018) *Реконструкција на бомбашкиот атентат во Штип од 1911 година. Гласник*, 62 (1-2). pp. 86-100. ISSN 0583-4961.

Целта на овој труд е да направи реконструкцијата на првиот бомбашки напад во Штип од 1911 година преку бројни написи во тогашните дневни весници на Балканскиот Полуостров и дава информации за населението што е повредено во него. Клучни зборови: Штип, Отоманска империја, напади, весници.

4. **Josimovska, Verica, Knezevic, Z.** (2018) *Македонија и Македонците во извештаите на британската разузнавачка служба, 1942 – 1945 година.* Journal of History, LIII (1). pp. 137-156. ISSN 0579-0263.

Трудот ја опфаќа активноста на британските воени мисии на Балканот преку СЈО на територијата на Македонија за време на Втората светска војна. Мисиите преку бројни извештаи до нивните центри во Каиро и Лондон ја прикажуваат економската, политичката и воената состојба. Бројни се извештаите што ја отсликуваат популацијата во Македонија во однос на неговиот јазик и националните определби, како и нејзиното учество во движењето на отпорот.

5. **Josimovska, Verica** (2018) *Штип и Штипско во весникот „*Политика*" (1919-1941).* Зборник на трудови од Меѓународна научна конференција одржана на 19 и 20 мај 2017г. во Битола „Врските меѓу Р.Македонија и Р.Србија низ вековите и денес." Козулат на Република Србија во Република Македонија, pp. 515-524. ISBN 978-608-65122-7-9.

Трудот обработува написи во весникот „Политика" во периодот 1919-1941год. кои се однесуваат на Штип и околината. Написите се однесуваат на политичкиот, економскиот и културниот живот во градот и околината, како и содржини од секојдневието во градот.

6. **Josimovska, Verica** (2017) *Стручното усовршување на наставникот по историја.* Петта научно-стручна конференција со меѓународен карактер -„Современото воспитание и образование -состојби, предизвици и перспективи", Универзитет „Гоце Делчев" Штип, Штип, pp. 176-179. ISBN 978-608-244-472-7.

Целта на трудот е да ја потенцира потребата од континуиран професионален развој на наставниците, стекнување на знаења, вештини и компетенции кои ќе овозможат подобрување на квалитетот на работата, зајакнување на мотивацијата и развивање на системот за оценување и самоевалуација.

7. **Josimovska, Verica** (2017) *Hospitals on the territory of Vardar Macedonia as part of Serbia during the Kingdom of Serbs, Croats and Slovenes/Yugoslavia (1918–1941).* Vojnosanitetski pregled, 74 (10). pp. 997-1003. ISSN 0042-8450.

Во овој труд авторот го прикажува историјатот на болниците во Вардарскиот дел на Македонија помеѓу двете светски војни во рамките на Кралството на СХС/Југославија. Трудот го обработува решавањето на проблемот со недостиг од болници и активностите на Министерството за здравство за формирање на болници во местата каде што порано ги немало, како и изградба на нови болници. Во трудот е опфатен и болничкиот персонал кој бил ангажиран во нивното функционирање.

8. **Stojkov, Stojko and Josimovska, Verica** (2017) *Идеите за етногенеза на македонскиот народ пред 1944.* Review of the Institute of History and Archaeology, RIHA, 4 (1). pp. 80-93. ISSN 2671-3144 eISSN: 2671-3152.

Овој труд ги обработува клучните текстови напишани од Македонци, а настанати во времето пред 1944 г. кои ја третираат и аргументираат идејата за македонската нација, нејзината појава и развој од етнонационална позиција т.е. идејата за етногенезата на македонскиот народ и нација. Елаборирани се и условите и контекстот во кој овие идеи се појавуваат и се презентирани, а, пред сè, отсуство на надворешна поддршка, на сопствени национални институции и во услови на национална „агресија" од соседските национализми.

9. **Josimovska, Verica** (2017) *Социјално-здравствената заштита на децата во*

*вардарскиот дел на Македонија во периодот меѓу двете светски војни. Гласник*, Институт за национална историја, 61 (1). pp. 159-168. ISSN 0583-4961.

Трудот го прикажува спроведувањето на организирана здравствена заштита на мали деца и студенти во справувањето со големата смртност и присуството на заболувања на територијата на Вардарска Македонија во периодот меѓу двете светски војни во рамките на Кралството на СХС /Југославија. Опфатена е работата на лекарите, отворањето на диспанзери, поликлиники во училиштата, домови за децата и спроведувањето на постојаните медицински прегледи во подобрување на здравјето на младите.

10. **Josimovska, Verica and Josimovska, Elena** (2017) *Театарската дејност на соколските друштва во Македонија во периодот меѓу двете светски војни. Театарски гласник* (88/89). pp. 103-110. ISSN 0351-9600.

Историјата и активностите на дилетантските театри на Соколските друштва во периодот меѓу двете светски војни во рамките на Кралството на СХС/Југославија, кои во одредени периоди биле и единствените театри на овие простори, се предмет на обработка во овој труд.

11. **Josimovska, Elena and Josimovska, Verica** (2017) *Слепиот гуслар Филип Митре неисцрпен извор на „Кралски песни“ од XIX век.* Muzika, 20 (23). pp. 59-64. ISSN 1409-6579.

Овој труд ги обработува патувачките пејачи на епски песни, составен дел на сите панаѓури по црквите и манастирите низ Балканот. Прикажан е животот на Македонецот Филип Митре, патувачкиот слеп изведувач на „кралски песни“, човекот со ќемане, неисцрпен извор на епски песни од времето на 19 век.

12. **Josimovska, Verica** (2017) *Евлија Челеби во посета на Штип пред неколку векови и неговите впечатоци оставени во ракопис од 1662 ГОД.* In: *Годишен Зборник* на Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“ Штип, Штип, pp. 26-33. ISBN ISSN: 1409 – 9187.

Трудот претставува опис на градот Штип од средината на XVII век прикажано преку патописното раскажување на Евлија Челеби. Патописецот го опишал градот со сите негови карактеристични градби, со посебно внимание на џамиите, Исарот, фунционирањето на градската управа како и истакнувањето на повидните жители на градот.

13. **Josimovska, Verica** (2016) *Застапеноста на интеркултуралните вредности во системот на современото образование и воспитание.* In: *Современото воспитание и образование* - состојби, предизвици и перспективи- Зборник на трудови. НУ-УБ „Гоце Делчев“ Штип, Штип, pp. 37-40. ISBN 978-608-242-037-0.

Трудот ги обработува идеите за плурализам и интеркултурализам, како важна улога во воспитно-образовниот процес во мултикултурното окружување. Ја нагласува потребата од знаења, вештини и искуства со кои младите преку интеракција ќе бидат подготвени за самопочитување и почитување на другите и градење мостови кон припадниците на разни култури.

14. **Josimovska, Elena and Josimovska, Verica** (2016) *Образовни институции во Штип на српски наставен јазик во периодот 1913-1941 година.* In: *Афирмација, продлабочување и проширување на вековните културни врски меѓу Р.Македонија и Р.Србија* (Зборник на трудови од Меѓународниот научен собир, одржан на 30-ти и 31 октомври 2015 година во Битола), Конзулат на Р.Србија во Р. Македонија – Битола, Битола, pp. 667-674. ISBN 978-608-65122-5-5.

Во трудот станува збор за периодот на српските училишта во Штип кој започнал 1913 година и завршил со априлската војна 1941 година. Овој период се карактеризира со воведување на гимназиско образование опфатено со телесно-културни воншколски активности. Исто така, во овој период биле отворени и занаетчиски училишта кои давале можност за егзистенција на младата популација од Штип

15. **Josimovska, Verica** (2016) *Higher education in the period of transition.* In: Proceeding book of the International Scientific Conference -Education in XXI century – conditions and perspectives Stip, 24-25 Sept 2015. University ”Goce Delcev” - Stip, Faculty of Educational Science, Stip, pp. 353-355. ISBN 978-608-244-275-4.

Трудот се осврнува на потребата за промовирање на високото образование, академската слобода и универзитетската автономија во време на транзиција од еден социјален систем во друг. Ја нагласува потребата академската заедница и универзитетите да бидат активни учесници во креирањето на образовниот систем во земјата, а не само корисници на законите и правилата согласно со потпишаната Болоњската декларација.

16. **Josimovska, Verica and Stojkov, Stojko** (2016) *Organization of illegal sanitation service in Macedonia during the WWII.* Review of the Institute of History and Archaeology, RIHA, 3 (1). pp. 117-131. ISSN 2671-3144 eISSN: 2671-3152.

Трудот го опфаќа организирањето на здравствениот одред како основен облик на нелегалната санитарна служба во рамки на формираните народноослободителни единици во Македонија во текот на Втората светска војна.

17. **Josimovska, Verica** (2016) *Книжевноста како сведок на историјата.* Зборник на трудови од Прва меѓународна научна конференција ФИЛКО - Филологија, култра и образование. pp. 345-350. ISSN ISBN: 978-608-244-308-9.

Во трудот се обработуваат историски настани кои послужиле како инспирација за книжевно дело на тема - болест. Во овој труд се опфатени историските теми за големите епидемии на чума во средниот век и колерата во 19 век и големата смртност меѓу населението, што авторите во своите дела многу реално ја прикажале. Книжевноста описот на болестите го користи како историски доказ на животот и тродимензијалното опишување на ликовите и општеството.

18. **Josimovska, Verica** (2016) *Кабинетот по историја - учителка на животот.* Зборник на трудови од Научно - стручна трибина „Учителот и средината за учење и развој “, Факултет за образовни науки, Штип. pp. 21-24.

Целата на трудот е да го прикаже значењето на кабинетот - специјализирана училница во целокупниот наставен процес по историја. Опремен со наставни средства, од класичните средства па сè до најсовремените електронски уреди кои придонесуваат во градењето на критички ставови за појави и процеси од минатото.

19. **Josimovska, Verica** (2016), *Иновативни методи во учењето и проучувањето на чувствителни и контроверзни историски теми,* Зборник на трудови од Научно - стручна трибина „Предизвиците и перспективите на учителската професија“. pp. 62-66.

Трудот ја обработува пишаната историја, особено во земјите каде се цензурирани одредени настани и личности во изминатиот период. Посебно големо интересирање се јавува за историските факти презентирани преку конкретни историски сведоштва кои се понудени во почетокот на деведесеттите години поткрепени со усни сведоштва.

20. **Josimovska, Verica** (2016), *Руските имигранти и културните настани во Штип во периодот 1923 – 1927 година.* „Гласник” на Институтот за национална историја, 60 (1). pp. 199-208. ISSN 0583-4961.

Во овој труд се истражува многу интересен период од штипската историја кога во Штип се случиле многу значајни културни настани. Штип ги отворил вратите за руските имигранти кои внеле нова димензија во културно забавниот живот во градот. Успеале да создадат атмосфера во која ќе се зборува за театар, опера, хорски настапи, концерти, клубови за вежбање на телото и сл.

21. **Josimovska, Verica** (2016) *Конспиративно стационарно згрижување и лекување на територијата на Македонија во периодот 1941-1944.* Annual Miscellaneous Collection, 6. pp. 87-98. ISSN 1409-9187.

Целта на трудот е да го прикаже стационарното лекување на ранетите во НОБ во Македонија за време на Втората светска војна кое било поврзано со обемот на воените операции на теренот. Во таа насока се движел и развитокот партизанските болници во Македонија. Единствени неподвижни установи во партизанскиот санитет во Македонија биле корпусните болници и болницата на ГШ на НОВ и ПОМ во октомври 1944 година.

22. **Josimovska, Verica** (2016) *Militiry hospitals in the Vardar Region of Macedonia from the Ottoman Period.* Medicus, 21 (1). pp. 112-115. ISSN 1409-6366.

Во трудот се обработуваат почетоците на изградба на болнички установи во Вардарскиот дел од Македонија во 19 век во време на Османлиското владеење. Турската армија започнала со изградба на воени болници во Скопје, Битола, Штип, Велес , Дебар и Струмица. Сите овие болници поединечно се прикажани со податоци за нивната местоположба, година на изградба, болнички капацитети и структура на болничкиот персонал.

23. **Josimovska, Verica** (2015) *Volunteer medical mission "American women's hospitals" in Macedonia and Kosovo during and immediately the Great War.* "Medicus", 20 (2) (308). pp. 291-302. ISSN 1409-6366.

Целта на трудот е да го прикаже присуството меѓународните санитетски мисии во Кралството на Србија, на територијата на Македонија и Косово за време на Големата војна и по нејзиното завршување. Ја опфаќа активноста на мисиите во пружање помош за здравствено социјална заштита на населението на овие простори.

24. **Josimovska, Verica and Josimovska, Elena** (2015) *Девет децении од првата оперска сцена на репертоарот на штипскиот театар.* СУМ: Списание за уметност. pp. 121-137. ISSN 1409-6455.

Штипската историја забележала дека 29 август 1925 година е голем ден за штипската култура. Денот, како почеток на оперската сцена на репертоарот на штипскиот театар, а годината, како година на првата опера. Големината на овој настан може да се вреднува и според она што останало запишано во сеќавањата и во тогашниот печат кој, исто така, со акцент го нотирал настанот.

25. **Josimovska, Elena and Josimovska, Verica** (2015) *Војничките театри на Македонскиот фронт низ фотографскиот објектив (1916-1918). Театарски гласник* (84/85). pp. 139-144. ISSN 0351-9600.

Авторите ги прикажуваат театарските активности на македонскиот фронт. Според расположивите податоци: фотографии, театарски плакати, записи и сеќавања може да се констатира дека на македонскиот фронт се посветувало големо внимание на театарски и музички преставии. Театрите никнувале на фронтот, на борбените линии во затишјата помеѓу борбите, на борбените положби и во заробеничките логори.

26. **Josimovska, Verica** (2015) *Табу, време на страв и страдање, прогонувањето на Македонците во Бугарија во време на комунизмот (1944 -1989)од Стојко Стојков: рецензии-прикази. Гласник на Институтот за национална историја*, 59 (1-2). pp. 246-248. ISSN 0583-4961.

Приказот се однесува на книгата „Табу, време на страв и страдање, прогонувањето на Македонците во Бугарија во време на комунизмот (1944–1989)“ на авторот Стојко Стојков. Истата беше промовирана на 12 декември 2014 година во Штип на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“.

27. **Josimovska, Verica** (2015) *Medical assistance in Pirava 1931 trught images.* Medicus, 20 (3). pp. 424-426. ISSN 1409-6366.

Трудот низ фотографија и збор го прикажува времето по земјотресот од 7 март 1931 година во селото Пирава со посебен осврт на улогата на медицинските екипи во пружањето на медицинска помош на настраданото население кое останало без домови, без вода, храна и облека.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Доцент д-р Верица Јосимовска ја унапредува својата работа и преку други активности. Учествува во проект на Амбасадата на САД во Македонија, Помошта на САД во Првата светска војна за населението во Македонија, (Патека за Првата светска војна-Национален парк *Пелистер*) во јуни 2017 год.

Член-истражувач е во проектот Македонскиот национален идентитет во британската и американската дипломатска и известувачка кореспонденција 1919-1945, Тодор Чепреганов, Верица Јосимовска, Оливер Цацков, Соња Николова и Теон Џинго, (2017-2019) [Project- UGD].

Промотор е на изложбата „Русите во Македонија (1920-1940) " во организација на Универзитетот „Гоце Делчев"- Штип и Амбасадата на Руската федерација во Македонија. 13 март 2018 год. како и учесник и говорник на трибината на тема „Предизвици и перспективи на Македонија од Букурешкиот договор до денес" на Факултетот за образовни науки на 16 ноември 2015 год.

Професионалниот однос на доцент д-р Верица Јосимовска се изразува и во оценувањето и менторирањето на 35 дипломски труда.

Согласно критериумите за избор во наставно-научно звање (вонреден професор), д-р Верица Јосимовска има објавено рецензирана скрипта и рецензиран практикум од научните области за коишто се избира:

1. **Јосимовска, В., Чепреганов, Т.** (2020) „Македонците во рамките на балканските земји меѓу двете светски војни"- е скрипта ISBN 978-608-244-712-4.
2. **Јосимовска, В., Чепреганов, Т.** (2020) „Македонците во рамките на балканските земји меѓу двете светски војни"- е практикум ISBN 978-608-244-711-7.

Во однос на стручно-апликативната и организациско-развојната дејност д-р Верица Јосимовска била ангажирана:

- член на Конкурсна комисија и Комисија за проверка на психофизичките способности за запишување на нови студенти на прв циклус на студии на Факултетот за образовни науки за студиската 2016/2017 и 2019/2020 година;
- претседател на Комисија за спроведување на тајно гласање за избор на членови за Универзитетски сенат при УГД, 2.4.2019;
- член на Комисија за спроведување на тајно гласање за избор на ректор на УГД, 5.6.2019;
- член на Комисија за избор на продекан на Факултетот за образовни науки, 19.9.2019 год;
- претседател на Комисија за спроведување на тајно гласање за избор на раководител на Катедрата за историја и археологија, 29.05 2017 год;
- член во Пописната комисија на основни средства и ситен инвентар на Факултетот за образовни науки, 28.11.2019;
- член на Комисијата за самоевалуација на Факултетот за образовни науки, 13.04.2016 год.;
- член на работни групи за изработка на елаборати за студиските програми на прв циклус студии на ФОН во 2016 и во 2019 год.
- член на организационен одбор за Меѓународна научна конференција по повод 20 години Педагошки факултет/Факултет за образовни науки - Штип, 2015 год;
- член на организационен одбор на Научно-стручна конференција со меѓународен карактер на тема „Состојби, предизвици и перспективи во воспитанието и образованието во Република Македонија " во организација на ФОН –УГД- Штип и Совет на Општина Штип (2015, 2016, 2017);
- член на организационен одбор на Меѓународната научна конференција „Русите на

Балканот“, 2018 год.;

- член на уредувачкиот одбор на RIHA( Review of the Institute of History and Archaeology);
- член на уредувачкиот одбор на списанието на JAHA на Institute of cultural heritage and archaeology;
- член на меѓународниот научен и уредувачки одбор за VI – та Меѓународна научно – стручна конференција со наслов „Современото воспитание и образование – состојби, предизвици и перспективи“, 2017.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Согласно член 164 од Законот за високото образование на Република Македонија и членовите 7, 8, 9 и 10 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (*Универзитетски гласник* бр. 43 од 16.9.2019), по деталното разгледување на доставената документација, Рецензентската комисија констатира дека доцент д-р Верица Јосимовска значително го надминува вкупниот предвиден квантум (НО + НИ + СА) на поени за избор во звањето вонреден професор, остварувајќи вкупно 238,1 поени.

Врз основа на анализата и оценката на вкупната наставно-образовна, научноистражувачка и стручно апликативна и организациско развојна дејност на кандидатката д-р Верица Јосимовска може да се заклучи дека во сите наведени дејности таа постигнала мошне значајни резултати. Во наставно-образовната дејност таа како доцент потврдила дека може да се соочи со предизвикот на ангажирање на повеќе предметни програми. Во научноистражувачката и стручно-апликативната дејност и организациско-развојната дејност се афирмирала како солиден истражувач кој ја совладал методологијата на научното истражување како од теориски така и од практичен аспект. Анализата на објавените трудови и трудовите презентирани на стручно-научните собири во земјата и странство покажува дека кандидатката ја насочила својата истражувачка дејност кон сопствено надградување за реализација на наставата која треба да ѝ биде доверена и едновремено дала свој придонес за афирмација на историјата кај нас.

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија позитивно ја оценува целокупната работа на кандидатката и е на мислење дека таа ги исполнува условите за избор во наставно-научно звање. Затоа, чест ни е на **Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да му предложиме д-р Верица Јосимовска да ја избере во звањето вонреден професор за наставно-научните области Историја на Македонија и Национална историја на XIX век до 1918 год.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. **проф. д-р Тодор Чепреганов**, претседател, с.р.
2. **проф. д-р Ѓорѓи Чакарјаневски**, член, с.р.
3. **проф. д-р Снежана Мирасчиева**, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Избор во звање доцент | 30 |
| | **ВКУПНО** | **30** |

| Р. бр. | Научноистражувачка дејност и стручно уметнички активности | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | **Вкупно** |
| 1 | Научен труд објавен во списание со ИФ (прв автор, втор автор, останати автори)<br><br>*труд.7*<br>*поени: 1.3 x 15= 19,5* | 15/10/5 | | | | **19,5** |
| 2 | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори)<br><br>*Трудови: 3,4,8,9,16,20,22,23,26, 27*<br><br>*Поени: 9/9/6/11.7/7.8/11.7/11.7/11.7/11.7/ 11.7* | 9/6/3 | | | | **90,3** |
| 3 | Труд со оригинални научни резултати објавени во зборник од трудови на научен собир<br><br>*Во земјата: 5,6,12,13,14,15,17,21*<br>*Поени: 2,6/2,6/2,6/2,6/2/2,6/2,6/2,6*<br>*Во странство:1*<br>*Поени:3,9* | Во земјата | | Во странство | | **24,1** |
| | | Број | Поени | Број | Поени | |
| | | 1<br>7 | 2<br>2,6 | 1 | 3,9 | |
| 4 | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјата и во странство | Во земјата | | Во странство | | **15** |
| | | Број | Поени 1/1,5 | Број | Поени 1,5/2 | |
| | | 12 | 1 | 2 | 1,5 | |
| 5 | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) | Во земјата | | Во странство | | **2** |
| | | број | Поени 2 | број | Поени 3 | |
| | | 1 | 2 | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **6** | Член на уредувачки одбор на научно списание (СЦИ/ЦА/останати)<br><br>3 членства во останати | 4/2/1 | | | | **3** |
| **7** | Член на организациски или научен одбор на научен собир, фестивал | Во земјата | | Во странство | | **4** |
| | | 1 | | 2 | | |
| | | 4 | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | **157,9** |
| **Р. бр.** | **Стручно апликативна дејност и организационо развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **Поени 2** | **број** | **Поени 6** | Вкупно |
| **1** | Труд во стручно (научно – популарно) списание<br><br>*Трудови:10, 11, 18, 19,24,25*<br>*Поени 1x2/1x2/1.3x2/1.3x2/1x2/1x2* | | | | | **13,2** |
| **2** | Учесник во научен проект<br>(максимум во три проекти) | | 5 | | 8 | **5** |
| | | 1 | 5 | | | |
| **3** | Елаборати и експертизи | | 2 | | 4 | **4** |
| | | 2 | 2 | | | |
| **4** | Член на факултетски орган, комисија | 8x2 | | | | **16** |
| **5** | Член на институтски орган, комисија | 1x2 | | | | **2** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **40.2** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | 30 + 157,9 + 40,2 | | | | **238,1** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ ИСТОРИЈА НА МАКЕДОНИЈА И ОПШТА ИСТОРИЈА НА НОВИОТ ВЕК НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.1602-54/17 од 11.3.2020 година донесена на 143 седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки, одржана на 11.3.2020 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научните области Историја на Македонија и Општа историја на новиот век на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ од 18.2.2020 година и во предвидениот рок се пријави

Д-р Оливер Цацков, доцент

Поднесената пријава од страна на кандидатот д-р Оливер Цацков е комплетна и навремено доставена.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно - научниот совет на Факултетот за образовни науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Доц. д-р Оливер Цацков е роден на 16 јуни 1978 година во Штип. Основно и средно стручно (медицинско) образование завршува во Штип. Во учебната 1997/98 година се запишува на Педагошки факултет „Гоце Делчев“ Штип при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ -Скопје. Во 2002 година дипломира со просечен успех 9,38 и се стекнува со звање дипломиран професор по одделенска настава.

Во учебната 2002/2003 година се запишува на постдипломските студии на Институтот за национална историја при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Предвидените испити ги положил со просечен успех 8,50. Во јуни 2009 година го одбранил магистерскиот труд под наслов „Штип и Штипско за време на Балканските војни 1912-1913 година“ и се стекнува со академско звање магистер на историски науки.

Во 2009 година пријавува тема за изработка на докторска дисертација на Институтот за Национална историја при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје под менторство на проф. д-р Ѓорѓи Малковски, под наслов „Штип и Штипско за време на Првата светска војна 1914-1918 година.“ Во февруари 2015 година успешно ја одбранил докторската дисертација, со што се стекнува со академско звање доктор на историски науки.

Својата универзитетска кариера Оливер Цацков ја започнува како волонтер во ИНИСА, а од 1.9.2011 кога со Одлука бр.0402-17/50 на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Гоце Делчев“ во Штип, а по претходно објавен конкурс, е избран за помлад асистент на Катедрата за Историја со археологија. Со договорот за вработување бр.0402-7/53 од 9.9.2015 е избран во наставно-научно звање - доцент на Факултетот за образовни науки

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор***

1. Доцент од научните области Историја на Македонија и Општа историја на новиот век. Наставно – научниот совет на Факултетот за образовни науки на својата 79 седница на 19.8.2015 год. донесе одлука д-р Оливер Цацков да се избере во звање доцент за наставно-научните области Историја на Македонија и Општа историја на новиот век.
2. Кандидатот има објавено околу 50 труда во меѓународни списанија, односно зборници од меѓународни научни конференции. Од изборот во доцент до денес кандидатот има објавено околу 30 труда. Од нив ги издвојуваме:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Cackov, O. | Krivolak battle- example of a senseless human tragedy | Knowledge – International Journal Vol.34.5 pp.1401-1405.<br>ISSN 1857-923X (*Printed*)<br>ISSN 2545-4439 (*Online*)<br>EBSCO | 2019 год. |
| 2 | Cackov, O. | First battle line on Salonica front 1916-1918 | Teacher of the future. Knowledge - International Journal, Scientific papers.<br>ISSN 1857-923X (*Printed*)<br>ISSN 2545-4439 (*Online*)<br>Vol.31.5 ,pp.1573-1578<br>EBSCO | 2019 год. |
| 3 | Cackov, O.<br>., | Military activities of Bulgarian and Serbian army during the First World War in 1915 | Knowledge – without borders, International Journal, 30 (6). pp. 1441-1446.<br>ISSN1857-923X (*Printed*)<br>ISSN 2545-4439 (*Online*)<br>Vol.30. 6,pp.1441-1445<br>EBSCO | 2019 год. |
| 4. | Bardarova,S., Serafimova, M., Cackov,O. | The role of active employment policies and the economic effects on the unemployment of young people in Macedonia | Knowledge –International Journal<br>Vol. 28.5<br>ISSN1857-923X (*Printed*)<br>ISSN 2545-4439 (*Online*)<br>pp. 1467-1476<br>EBSCO | 2018 |
| 5 | Цацков, О. | Последните воени конфликти на крајот од Првата светска војна во Источниот Регион на Македонија гледано од историски аспект | Review of the Institute of History and Archaeology, RIHA, 4 (1). ISSN 2671-3144 eISSN: 2671-3152 Vol 4 No 1 pp. 100-108. | 2017 |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Во периодот 2010 / 2011 година, кандидатот доц. д-р Оливер Цацков започна со работа на Универзитетот„Гоце Делчев“- Штип како волонтер на ИНИСА. Со Одлука на Наставно-научниот совет на Факултет за образовни науки, УГД - Штип (бр. 2102-136/9 од 16.5.2014 година), д-р Оливер Цацков е избран за соработник во звање асистент во наставно-научната област Историја на Македонија и Општа историја на новиот век. Рефератот е објавен во *Универзитетски билтен* бр.122 од 15.4.2014. Со високо ниво на посветеност и одговорност ги реализира вежбите по наставата: Помошни историски науки, Вовед во историските студии и методологијата, Преродбата и создавањето на балканските нации, Светот и Европа од 18-20 век, Македонското национално движење 1878-1913 година, Источно Римско Царство Византија од 324 година до 10 век, Преродбата и културните процеси во 19 и 20 век во Македонија, Балканот и Македонија во рамките на Османлиската империја, Светот и Европа од X-XVIII век, Балканските војни и Првата светска војна, Македонците во рамките на Кралството Југославија, Бугарија и Грција 1919-1939 година, Историја на XX век, Теорија на методиката на наставата по историја на студиска програма Историја на Факултетот за образовни науки, доц-д-р Оливер Цацков е вклучен во реализирање на наставата по предметите: Балканските војни и Првата светска војна, Светот и Европа во 20 век, Македонија од крајот на XIV до крајот на XVIII век, Практична настава 1 и 2, Христијанството во Средновековна Македонија на студиската програма историја – наставна насока.

Кандидатот доц-д-р Оливер Цацков, освен на Катедрата за Историја и археологија, од учебната 2018/2019 година е вклучен и во реализација на наставата на студиската програма одделенска настава и предучилишно воспитание при Факултет за образовни науки на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, за предметот Историја.

Во академската 2016/2017 година е ангажиран и во реализација на часовите и практичните вежби за прв циклус на студии со следниве предмети: Аудио визуелна архивистика, Балканските војни и Првата светска војна, Архивистика, Историја на Европа XX век, Преродбата и создавањето на балканските нации.

Со одлука на 79-та седница на Наставно-научниот совет од 19.8.2015 е избран во наставно-научно звање доцент на Факултетот за образовни науки. Како доцент учествува во изведувањето на практичните и теоретските вежби по предметите: Аудио-визуелна архивистика, Архивистика, Преродбата и создавањето на балканските нации, Историја на Европа 20 век на студиската програма Историја како и Историја на студиските програми за предучилишно воспитување и одделенска настав на Факултет за образовни науки.

Ангажманот на доцент д-р Оливер Цацков се проширува и во реализирањето на универзитетскиот изборен предмет Национална историја. Исто така, е ангажиран и во менторирањето и јавните одбрани на завршните активности на студентите, односно во околу 30 дипломски работи.

Доцент д-р Оливер Цацков има објавено вкупно околу 50 публикации во земјата и во странство. Во изборниот период од 2015 до 2019 година е автор и коавтор на вкупно 28 научни и стручни публикации, претставени на меѓународни конференции, собири и советувања во земјата и во странство. Коавтор е на учебни помагала (рецензирани скрипта и практикум Европа во 20 век).

**<u>Учество на научни, стручни и научно-практични конференции и конгреси до изборот за доцент, (2015)</u>**

**<u>Презентации:</u>**

1. **Цацков, О**., Цацков, К., Белиќ, М. (2003). *Цвета Хаџи-Василева добитничка на меѓународното признание за сестринство*, Прв Балкански конгрес за историја на медицината, МАИМ, Охрид, 23-25 октомври.
2. **Цацков, О**. (2010). Постолова Б., *Везот–мост помеѓу минатото и иднината,* Меѓународен симпозиум на тема - Популаризација на етнолошкото културно наследство, Македонско етнолошко друштво, Штип, 21-22 септември 2010 година.
3. **Цацков, О.,** (2011). *Подготвеноста на наставниците за примената на компјутерот во одделенска настава*, VI Меѓународен Балкански конгрес за образование и наука на тема: Современото општество и образованието, Охрид, 30.9-01.10.
4. **Цацков О**. (2012). *Сергеј Михајлов – музички педагог, творец и реализатор на првата опера во Македонија „Пaљaчи" од Леон Кавалов*, V та Македонско-руска научна конференција, Охрид.
5. **Цацков, О**.(2012) *Активноста на македонскиот театар во српскиот печат по Втората светска војна*, Културе у дијалогу, Меѓународна научна конференција, 28-30 септември, Белград.
6. **Цацков, О.** (2013). *Вклученоста на децата од ромска националност во предучилишната установа*, IX Симпозијум са међународним учешће „ВАСПИТАЧ У 21. ВЕКУ", Висока школа за васпитаче струковних студија у Алексинцу, 29 – 30 март 2013, Сокобања.
7. Јосимовска, В., **Цацков, О.** (2013). *Културата и просветата во Штип во време на Балканските војни*, IV Меѓународна научна конференција, Меѓународен дијалог Исток-Запад, Свети Николе, 19-20 Април.
8. **Cackov, O. (2013).** Role of the game in the development of preschool child, LUMEN 2013 International Conference, Iasi, Romania, 10-13 April 2013.
9. **Цацков, О.** (2013) *Наставникот во одделенската настава како незаменлив фактор во реализирањето на содржини од здравственото воспитување во училницата*, IV - Македонски конгрес за историја на медицината со меѓународно учество, 18-19 април, Скопје.
10. Josimovska, V., **Cackov, O.,** Josimovska, E. (2013). *Life in Shtip after Bucharest Peace Treaty*, International Scientific Conference, Peace Treaty of Bucharest, Macedonia and the Balkans, Skopje, 31 October and 1 November.
11. **Цацков, О.** (2013). *Историјата како фактор за зближување и почитување на нациите*, 7. Цар-Шишманови дни, 4-6 октомври, Самоков, Бугарија.
12. Јосимовска, В., **Цацков, О.** (2014). *Ново Село како сликарска инспирација*, Прв научен собир: Улогата на штипско Ново Село во македонската историја, Штип, 17 октомври
13. **Цацков, О.** (2014). *Универзалноста и едукативноста на планинарското спортување*, Шеста международна научна конференция „Съвременни тенденции на физическото възпитание и спорта", 7-8 Nov 2014, Софийският Университет „Св. Климент Охридски", Департаментът по спорт, София, Бугарија.
14. **Цацков, О.** (2014). *Предизвикот на наставникот во новото време*, научно-стручна трибина „Компетенциите и професионалниот развој на учителот во 21 век", Факултет за образовни науки УГД, 3.10.2014, Штип.
15. **Цацков, О.** (2014) *Што учениците треба да научат од историја*, Осми Цар Шишманови дни в Самоков, Бугарија, 10-12.10.2014

**Учество на научни, стручни и научно-практични конференции и конгреси во изборниот период 2015-2020**

**Презентации:**

1. **Цацков, О. (2019).** *Првата борбена линија на Солунскиот фронт 1916 – 1918*. XXIII International Scientific Conference the Teacher of the future. Knowledge - International Journal, Scientific papers. 7 – 9 јуни 2019 год., Будва, Црна Гора.
2. **Cackov, O.** (2018) „*Планинарењето и велосипедизмот во наставата по историја.* In: Modern trends of physical education and sports, Sofia, Bulgaria.
3. **Cackov, O.,** Cackov, K. (2018) *Словенската писменост на светите браќа Кирил и Методиј континуитет што ги поврзува словенските народи.* In: Дванадесети Цар-Шишманови дни в Самоков тридесет и осми научни четения на асоциация за антропология, етнология и фолклористика „Онгъл“, Samokov, Bulgaria.
4. **Cackov, O.** (2018) *Историско културните односи на Македонија и Србија изразени преку творештвото на Тодор Маневиќз.* In: Меѓународна научна конференција за меѓународните и интеркултурните релации „Врските меѓу Р.Македонија и Р.Србија низ вековите и денес“, Bitola, Republic of Macedonia.
5. **Cackov, O.** (2018) *Method of demonstration in teaching history.* In: Contemporary education - condition, challenges and perspectives VI international scientific conference – proceeding book, 12 May 2018, Stip, Macedonia.
6. **Belcheva Yurieva, Y., Andreeva, T., Cackov, O**. (2017) *Йонизиращите лъчения през погледа на един клас и две науки- бинарен урок по физика и история в единадесети клас.* In: Гражданското образование в природните науки, 30 Sept - 1 Oct 2017, Plovdiv, Bulgaria.
7. **Cackov, K., Cackov, O**. (2017) *Мише Развигоров - революционерен деец учител и војвода.* In: Международен научен симпозиум: Митове – стереотипи – мистификации, 29 Sept - 1 Oct 2017, Samokov, Bulgria.
8. **Cackov, O.** (2017) *Историско културните односи на Македонија и Србија изразени преку творештвото на Тодор Маневиќ.* In: Врските меѓу Република Македонија и Република Србија низ вековите и денес, 19-20 May 2017, Bitola, Macedonia.
9. **Cackov, O**. (2017) *Историјата како фактор за зближување и почитување на нациите.* In: Международния научен симпозиум Вяра и Култ, 2–4 Oct 2015, Samokov, Bulgaria.
10. **Cackov, O.** (2016) *Иновации во историјата – процес со трајни и позитивни вредности.* In: Десети Цар-Шишманови дни в Самоков тридесет и шести научни четения на асоциация за антропология, етнология и фолклористика „Онгъл“, 2-3 Oct 2016, Samokov, Bulgaria.
11. **Цацков, О.,** Грегова, Т. (2015). *Ecology a necessary factor in teaching methods for nature and society studies for forming a responsible person.* Меѓународна научна конференција: Образованието во XXI век – состојби, предизвици и перспективи - . 24-25 септември 2015 год., Штип, Р Македонија
12. **Цацков, О. (2019).** *Воените активности на бугарската и српската армија за време на Првата светска војна во 1915 година.* XX Меѓународна научна конференција Knowledge – without borders. 29 – 31 март 2019 год., Врњачка Бања, Србија.

**СПИСОК**
**на објавени стручни и научни трудови**

**Објавени стручни и научни трудови до изборот за доцент, 2015 год.**

**I. Објавени монографии:**

1. Цацков, О. (2014). *Штип од 1900 до 1912 година*, Скопје: ОРОРМ

**II. Учебни помагала**

2. Цацков К., **Цацков, О**. (2015). *Балканските војни и Првата светска војна* – практикум, ISBN: 978-608-244-177-1, Штип: УГД
3. Цацков К., **Цацков, О**. (2015). *Балканските војни и Првата светска војна* – скрипта, ISBN: 978-608-244-178-8, Штип: УГД

**III. Објавени стручни и научни трудови**

1. **Aleksoski S., Aleksoski O., Cackov, O**. (2015). Exsternal migration in Macedonia during the transition until today. Mediterranean Journal of Social Sciences, Vol 6,No.3,pp.672-689
2. **Цацков, К., Цацков О.** (2014). *Сергеј Михајлов – музички педагог, творец и реализатор на првата опера во Македонија „Паљачи“ од Леон Кавалов*, Руско-македонски јазични, литературни у културни врски 5. Скопје. Филолошки факултет, стр.635-641
3. **Petrovska, S., Sivevska, D., Cackov, O**. (2013). Role of the game in the development of preschool child, Procedia Social and Behavioral Sciences 92, pp. 880-884, www.science-direct. com.
4. **Цацков, О.** (2013). *Активност македонског театра у српском печату измеџу два светска рата*. Cultures in dialogue, Communication and Cultural influences Book 4. Београд: Филолошки факултет Универзитета Београд. Стр.293-299
5. **Јосимовска, В., Цацков, О**.(2013). *Културата и просветата во Штип за време во Балканските војни*, Зборник на научни трудови од Четврта Меѓународна научна конференција „Меѓународен дијалог: Исток- Запад“ (култура, славјанство и економија), Св. Николе, Македонија – Тамбов, Руска Федерација. стр. 221-223. 37.014(497.731)”1912/13”
6. **Цацков К., Цацков. О**. (2010). *Неодминливото значење на монографијата ‘Балканските војни и Македонија’ на Ѓорѓи Абаџиев вреднувана од историски аспект*. XXXVII Научна конференција на XLIII Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, (Зборник). Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“. Охрид. стр-159-165.УДК.94(497.7) “1912/13”(049.3).
7. **Цацков, О.,** Цацков,К., Белиќ, М. (2003). *Цвета Хаџи-Василева добитничка на меѓународното признание за сестринство*, Прв балкански конгрес за историја на медицината, МАИМ, Охрид, 23-25 октомври (книга на апстракти).
8. **Цацков О.** (2010). *Гимназиското образование во Штип меѓу двете светски војни*, Годишен зборник на Институтот за историја и археологија при Универзитет „Гоце Делчев“, бр.1, стр.65-70. UDK:373.5(497.731)„1793)1939.
9. **Цацков О.,** (2011). *Јосиф Ковачев ученик и учител*, Годишен зборник Институт за историја и археологија. Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, год.2, ISSN 1857-7342, УДК: 37.011.1-051. стр. 151-153.
10. **Цацков О.** (2013). *Последиците од Првата балканска војна во Брегалничко-струмичкиот регион*. Зборник Струмица и Струмичко во времето на Балканските

војни и Букурешкиот мировен договор, Струмица.Завод за заштита на спомениците на културата и музеј - Струмица, ISBN 978-608-203-100-2. стр179-184.

11. **Сивевска, Д., Цацков О.** (2013). *Улогата на воспитувачот во реализирањето на воспитно-образовната дејност во предучилишната установа*. Наше стварање Зборник радова са деветог симпозијума „Васпитач у 21 веку". Алексинац: Висока школа за васпитаче струковних студија у Алексинцу. УДК 371.135:373.23. стр 55-61.
12. **Бочварова, Ј., Сивевска Д., Цацков О.** (2013). *Вклученоста на децата од ромска националност во предучилишната установа*, Књига резимеа IX Симпозијум са међународним учешћем „Васпитач у 21 веку", Висока школа за васпитаче струковних студија у Алексинцу.
13. ***Цацков О**. (2013). Воените, економските и политичките последици од Првата балканска војна врз животот на народот во Штип и Штипско*, 100 години од Балканските војни, прилози од научниот собир одржан на 3-4 декември 2012 година, Скопје: МАНУ. ISBN 978-608-203-100-2. стр 487-494.
14. **Цацков, О.,** Цацков, К., (2013) *Наставникот во одделенската настава како незаменлив фактор во реализирањето на содржини од здравственото воспитување во училницата*, IV - Македонски конгрес за историја на медицината со меѓународно учество, 18-19 април, Скопје (книга на апстракти).
15. **Јосимовска, В., Цацков, О.,** Јосимовска, Е. (2013). *Животот во Штип по Букурешкиот мировен договор, Букурешкиот мировен договор*, Македонија и Балканот, Меѓународен научен собир по повод 100-годишнината од потпишувањето на Букурешкиот мировен договор, 31 октомври и 1 ноември 2013 година, Скопје: МАНУ стр.299-304.
16. **Цацков, О** (2013). *Штип и Штипско во воените планови на завојуваните страни пред почетокот на Првата светска војна*, Годишен зборник на Факултетот за образовни науки при УГД – Штип, УДК 94:355.1(494.731)"1912/18". Стр.113-117.
17. **Јосимовска, В., Цацков, О**. (2014). *Ново Село како сликарска инспирација*. Улогата на штипско Ново Село во македонската историја, Штип: МАИМ. стр.31-18.
18. **Цацков, О**. (2014). *Универзалноста и едукативноста на планинарското спортување*, Шеста международна научна конференция "Съвременни тенденции на физическото възпитание и спорта", Софийският Университет „Св. Климент Охридски", Департаментът по спорт, София: УИ „Св.Климент Охридски", стр.365-358 III.Книги 1.

**Објавени стручни и научни трудови во изборниот период (2015-2020)**

1. **Цацков, О., Грегова, Т.** (2015). *Ecology a necessary factor in teaching methods for nature and society studies for forming a responsible person.* Меѓународна научна конференција: Образованието во XXI век – состојби, предизвици и перспективи, 24-25 септември 2015 год., Штип, Македонија.

Ако речеме дека иднината им припаѓа на младите, дали е потребно младите да чекаат другите да размислуваат за својата иднина? Еколошко образование значи фаворизирање на нов животен стил, нови етничко-културни вредности, нова слобода, како и одговорна личност. Овој труд се занимава со еколошки содржини што се прилагодени на интересите и можностите на учениците за модернизирање на наставата со новоколошко знаење. Еколошкото образование се очекува да биде долготраен процес и важен фактор во натамошните научни истражувања од областа на екологијата, опфаќајќи вистински подобрувања во учењето на учениците што ќе се користат во текот на целиот живот. Исто така, ги содржи целите и задачите на еколошката едукација и поттикнување на еколошка свест, однесување и начин на живот поврзан со животната средина. Затоа, еколошкото

образование опфаќа четири главни компоненти: когнитивен домен, ефективен домен, одговорно еколошко однесување и лична одговорност. Значи, како педагошки истражувачи најмногу треба да се интересираме за промените што се случуваат кај студентите како резултат на настава и учење.

2. **Цацков, О. (2015).** *Познавањето на локалната историја е незаменлива компонента во едукацијата на ученикот во наставниот процес*. IX Цар – Шишманови денови во Самоков. 2–4 октомври 2015 год. Самоков, Бугарија.

Познавањето на локалната историја е неопходно на секој ученик не само како составен дел од општото образование и воспитание, туку и како услов за да може да ги реализира своите права и да ги исполнува своите обврски како субјект во една определена општествена средина. Тоа значи дека локалната историја треба да биде задолжителен дел од едукацијата, но во исто време и дел од човековото живеење. Во темата е даден доволен простор зошто треба да се изучува оваа област како дел од историјата. Таа ќе помогне да се поттикне интерес на ученикот за изучување на историја и да го познава минатото на својата најблска околина. Преку изучување на оваа историја на ученикот му се обезбедува знаење, вештини, можност за дијалог и дискусија, комуникација и формирање на етички и морални норми. Тоа значи дека локалната историја треба да се вклопи во националната и општата по своето време, простор и значење.

3. **Цацков, О.** (2015). *Историјата како фактор за зближување и почитување на нациите* .Меѓународен научен симпозиум Вера и Култ. 2 – 4 октомври 2015 год., Самоков, Бугарија.

Наставата по историја во демократска Европа треба да зазема клучно место во изградбата на одговорни и активни граѓани и во изградбата на почитување на сите видови разлики. Во трудот е дадено дека историјата треба да игра важна улога во промовирањето на фундаменталните вредности, како што се, толеранцијата, заемното разбирање, човековите права и демократија. Историјата треба да биде дел од образовната политика којашто директно ќе влијае врз развојот и напредокот на младите луѓе. Со нивното активно учество во градењето на Европа, како и мирољубивиот развој на општествата во една глобална перспектива, во духот на разбирањето и довербата. Историјата како таква не смее да биде инструмент на идеолошка манипулација, пропаганда и слично. Преку историјата треба да се овозможи балканските народи да го издигнат својот индивидуален и колективен идентитет преку познавање на сопственото историско наследство во локални, регионални, национални, европски и глобални димензии. Таа треба да е инструмент за спречување на злосторствата на човештвото.

4. **Цацков, О. (2016).** *Штип и штипско за време на Првата светска војна 1914 – 1918 година.* ОРО, Скопје, Р Македонија. ISBN 978-9989-2112-4-9

Со книгата „Штип и Штипско за време на Првата светска војна 1914-1918 година“се прави обид за ретроспектива на настаните од четиригодишната крвава војна од која штипското население претрпело големи последици. Во тие четири години штипскиот регион бил претворен во едно боиште, заедничка гробница на повеќе војски. Освен Штип и сите македонските градови и села биле изложени на постојано бомбардирање и од Антанатата и од Централните сили во зависност од тоа која војска се наоѓала во нив. Има примери каде цели градови и села биле толку разурнати што повеќе не постоеле на географската карта. Во Штип цели маала биле до темел разурнати од што биле создадени голем број бездомни семејства. Населението од штипскиот регион секојдневно било искористувано за принудна работа, принудна мобилизација и реквизиција на сè што може да се реквизира (храна, стока, предмети од домаќинството и друго). Поради болестите што ги носеле војските страдало и цивилното население од што подоцна имало многу инавалиди, а многу членови во семејствата починале. Младинците од штипскиот регион биле регрутирани било во бугарската, било во српската војска. Од тоа останале многу

инвалиди. По завршувањето на војната луѓето останале да живеат во разурнатите домови со уништената покуќнина без храна и средства за живот. Првата светска војна, освен тоа што нанела големи срадања, не го решила проблемот за кој започнала. По дваесетина години се случило нејзино продолжение - Втората светска војна.

5. **Цацков, О. (2016)**. *Учењето по пат на откривање незаменлива компонента во наставата по историја.* Зборник, IV Научно стручна конференција со меѓународен карактер на тема: Современото воспитание и образование – состојби, предизвици и перспективи - . 18 мај 2016 год., Штип, Р.С Македонија.

Современата состојба на која било држава не може да се разбере без осврт за нејзиниот претходен развој - за минатото. Човек кој ништо не знае за она што се наоѓа околу него, нема да знае ништо и за она што го очекува. Тоа е подрачјето со кое се занимава историјата како наука. Во поново време многу е актуелен и често се применува модулот учење по пат на историја. Смислата на овој начин на учење, во принцип, е заснован врз познатите педагошко-психолошки и логички барања и претпоставки кои доаѓаат до израз и во педагошкото учење.

6. **Цацков, О.,** Кротева, М., (**2016**). *The tourism attraction and language competences for promotion touristic resources.1st International Scientific Conference "Tourism in function of Development of the Republic of Serbia – Spa tourism in Serbia and experiences of other countries". 2 – 4 јуни 2016 год., Врњачка Бања, Србија.*

Иако Штип е богат со природни и историски туристички ресурси, во потполност капацитетите остануваат неискористени, како и непознати и неафирмирани како туристички атракции. Првиот дел од трудот дава вовед во градскиот профил со посебен аспект на природното и историското богатство на регионот и неговите обележја. Вториот дел од трудот дава педагошки пристап кон реформите во образованието и градењето на трансверзални вештини на торооситските работници во однос на јазичните компетенции. Таа ја потенцира важноста за познавање странски јазик и ги претставува англискиот јазик за специфични цели во областа на туризмот.

7. **Цацков, О. (2016).** *Универзалноста на Климентовото дело – неизгаслива светлина на сесловенските народи.* Меѓународна научна конференција Климентово дело . 23 -24 јуни 2016 год., УГД – Штип, Р.С Македонија.

Насловот на темата не е случаен, туку, напротив, многу спонтан, може да се каже и единствен, затоа што и наследството што го оставил Климент е единствено од таков вид. Она што го оставил Климент за идните генерации во себе содржи, исто така, неодминливост и универзалност. Климент на овие простори ги поставил темелите на сесловенската писменост и духот. Целта на овој труд е да се одбележи Климент како словенски и како македонски писател, поет, беседник, просветител и преведувач.

8. **Цацков, О. (2016).** *Учителот личност што треба да се следи и почитува*. Зборник, Научно – стручна трибина „Предизвиците и перспективите на учителската професија ". 7 октомври 2016 год., Факултет за образовни науки, УГД – Штип, Р. Македонија.

Учителите кои се свесни за својата исклучителна и голема улога знаат да ја ценат дадената можност и чест, се гордеат со резултатите на својот труд и се радуват на успесите на своите учиници што ги допреле со својот професионален и личен авторитет. Покрај родителите, учителот е највлијателната личност во годините кога се формира личноста на ученикот. Главниот успех во изборот на неговата работа се состои во начинот како ќе им се доближи на учениците, како со нив ќе постапува и каков ќе биде неговиот однос кон нив. Тој го постигнува тоа ако искрено ја сака својата професија и учениците. Треба да се каже и тоа дека не може да се замисли добар учител без неговите лични карактеристики и морални вредности. Само таков учител може да стекне доверба и да изгради авторитет меѓу учениците, родителите и пошироката околина.

9. **Цацков, О. (2016).** *Зградата на Ректоратот во Штип, објект што ги поврзува*

*минатото, сегашноста и иднината.* Годишен зборник 2015 / 2016 год., Факултет за образовни науки, УГД – Штип, Р. Македонија.

Зградата на Ректоратот од секогаш преставувала не само јадро околу кое се случувале многу значајни настани, туку и зграда во која поминале и плејада на истакнати македонски личности. Богатата историја на ова најпрво училиште, па касарна, болница и повторно училиште, ја заокружи денешната негова улога на Ректорат на Универзитетот „Гоце Делчев“. Во текстот е поместена хронологијата на и најзначајните моменти од постоењето на ова здание.

10. **Цацков, О. (2017).** *Позитивната педагошка комуникација на наставникот по историја –знаењата се трајни и корисни.* V Научно стручна конференција со меѓународен карактер: Современото воспитание и образование – состојби, предизвици и перспективи. 17 мај 2017 год., Штип, Р. Македонија.

Наставата како најсистематски и најорганизиран облик на воспитанието и образованието овозможува организирање на успешна квалитета педагошка и образовна социјална комуникација. Комуникацијата и соработката е многу важна за заедничките ученички активности, па затоа процесот на планирањето треба примерно да се насочи на осмислувањето и организирањето на активностите и задачите на начинот што овозможува највисоко ниво на директна интеракција. Преку позитивната комуникација на наставникот по историја учениците можат да се идентификуваат за знаењето и важноста на основните поими за концептот одговорност и авторитет и да го истакнат своето мислење.

11. **Цацков, О.,** Белчева, Ј., Андреева, Т**., (2017).** *Йонизиращите лъчения през погледа на един клас и две науки- бинарен урок по физика и история в единадесети клас. Национална научна конференција: Граѓанското образование во природните науки. 30 септември – 1 октомври 2017 год., Пловдив, Бугарија.*

Интердисциплинарната обука се состои во проучување на два или повеќе предмета во исто време, кои можат да имаат мала или никаква формална врска. Оваа обука бара интеграција директно помеѓу дисциплините, на пример, заедничка студија за одредена тема.

12. ***Цацков, О., Цацков, К., (2017). Мише Развигоров – револуционерен деец, учител и војвода.*** *Меѓународен научен симпозиум: Митови – стереотипи – мистификации. 29 септември – 1 октомври 2017 год., Самоков, Бугарија*

Многу е тешко да се опише, поточно да се наслика портретот на истакнатиот македонски револуционерен деец, учител и војвода Мише Развигоров. Развигоров целиот свој живот ќе го посвети на за него највважните идеали, Револуцијата, од една страна, и работата со неговите ученици, од друга страна. Во трудот голем простор е даден на неговата активност како војвода и за односот на турската власт кон него. Развигоров како војвода се грижел и за социјалните и економски прашања на сограѓаните со што знаел да го навлече гневот на турската власт. Осврт е даден и на неговиот придонес како делегат на Организацијата на советувањето во 1904 и 1905 година, на конгресот на Скопскиот револуционерен округ.

13. ***Мирасчиева, С., Цацков, О., (2017). Зошто да се биде учител – причини, предизвици и перспективи. Зборник, V Научно стручна трибина „Да се биде учител “. 6 октомври 2017 год., Факултет за образовни науки, УГД – Штип, Р. Македонија.***

Технолошката инвазија во просторот на образование и воспитание пред учителот, меѓу другото, поставува барање за обликување на процесот на учење. Соочен со одговорност и задачи, нужност од почитување на другите и тимска работа, со квалитативно стручно усовршување, сензибилност за доверба и грижа за учениците, современи стратегии за учење и поучување, истражување и саморазвој станува свесен за потребата од промени. Тие, пак, од своја страна, се силен предизвик за учителот, но во исто време го трасираат патот на перспективниот развој на професијата учител.

14. **Цацков, О., (2017). Музеите во наставата по историја.** *Зборник, V Научно стручна трибина „Да се биде учител ". 6 октомври 2017 год., Факултет за образовни науки, УГД – Штип, Р. Македонија.*

Наставата по историја е заснована врз изучување на историските остатоци која таа систематски ги открива, класифицира и истражува врз основа на нив и ги утврдува основните факти од кои произлегуват историските настани, појави и процеси. Музејот е совршено место за промовирање и поддржување на свест за природното, историското, археолошкото, културното и уметничко наследство.

15. **Цацков, О. (2017). Револуционерното дело на Ванчо Прков. Годишен зборник,** *Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев" Штип, Р. Македонија.*

Ванчо Прков е народен херој чие револуционерно движење оставило длабоки траги во Штипско и пошироко во Македонија. Со неговиот интелект и харизма успеал да анимира голем број на младиници како политичка и револуционерна сила. Неговото богато револуционерно искуство било искористено со негово ангажирање за создавање и формирање на месни комитети и партизански одреди низ Македонија. Иако неговото револуционерно дејствување било многу кратко, Прков ќе биде пример на идните генерации и секогаш ќе служи за поттик и инспирација за сè што е човечко и слободољубиво.

16. **Цацков, О. (2017). Влијанието на странските пропаганди врз книжевното творештво на Миладиновци.** *Зборник, Музејски летопис. Национална установа Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Струмица.*

Периодот од втората половина на 18 век до првата половина на 20 век е најтешкиот во историјата на македонскиот народ, кога покрај турскиот, економски неподнослив режим македонското население било изложено на засилени акции од страна на пропагандите на соседните балкански држави - Бугарија, Србија и Грција, како и римокатоличката и романсковлашката пропаганда. Тргнувајќи од своите интереси, балканските држави развиле огромна пропагандна активност сè со цел да го запрат историскиот развој на македонскиот човек, односно да го насочат кон сопствените интереси. При спроведувањето на своите пропаганди уфрлувале свои чети, сè со цел да се наметне, на еден перфиден начин, дека во Македонија живее нивен народ, а преку ова и заграбување на земјата да го наметне своето образование, култура, религија, политичко влијание, предизвикувајќи делби и братоубиствени конфронтации.

17. **Цацков, О. (2018). Планирањето и велосипедизмот во наставата по историја.** Modern trends of physical education and sports. IX Меѓународна научна конференција: Современите тенденции на физичкото воспитание и спортот. 19 април 2018 год., Софија, Бугарија.

Во наставата по историја се користат голем број објекти, средства, познати места од културното и историско минато кои можат преку некоја спортска активност да послужат и да бидат непосреден избор на податоци и информации. Во темата се прикажани конкретни примери од планинарењето и велосипедизмот како спортски дисциплини кои можат да се користат во наставата по историја. Преку овие активности се добиваат промени кои поттикнуваат осовременување на наставата, креативност, едукативност, иновативност и развивање на физичките моторни способности.

18. **Цацков, О. (2018).** *Метод на демонстрирање во наставата по историја.* Зборник, VI Меѓународна научна конференција: Современото воспитание и образование – состојби, предизвици и перспективи. 12 мај 2018 год., Штип, Р Македонија.

Во трудот е даден посебен осврт за методот за демонстрирање во наставата по историја. Преку овој метод учениците ја развиваат интелектуалната мисла, вештини, самостојно творештво и проширување на одредени знаења. Многу дидактичари овој метод го сметаат за еден од главните и најмногу употребувани во методиката во наставата по историја. Во трудот се зборува за активностите кои треба да се реализираат за да се добие

очекуваниот успех. Се очекува методот на демонстрација да биде поттик за понатамошни научни истражувања.

19. **Цацков, О. (2018).** *Историско културните односи меѓу Македонија и Србија изразени преку творештвото на Тодор Мановиќ.* VII Меѓународна конференција на тема: Врските помеѓу Р.Македонија и Р.Србија низ вековите и денес, Зборник, 2018 год., Битола, Р.Македонија.

Блискоста меѓу македонскиот и српскиот народ има многу постари корени отколку што е познато во историјата и тоа во сите сфери на животот како економскиот, културно-просветниот, книжевниот и духовниот.

20. **Цацков, О.,** Цацков, К., **(2018).** *Словенската писменост на светите браќа Кирил и Методиј континуитет што ги поврзува словенските народи.* Меѓународен научен симпозиум, XX Цар – Шишманови денови во Самоков. 5 – 7 октомври 2018 год., Самоков, Бугарија.

Целта на овој труд е да се потенцира епхалното значење на словенските правоучители, творци на првата словенска азбука, мисионери, неуморни проповедници светите браќа Кирил и Методиј. Во темата е прикажан посебниот придонес на нивната Моравска мисија пресудна за словенската писменост и важна за иднината на сите словенски народи. Кирил и Методиј и нивните ученици се најдобра гаранција за идните генерации како треба да се чува духот на сесловенстовото. Од какво значење е создавањето на словенската азбука и писменост особено го потврдуват сегашните актуелни културно-просветни и духовни потреби.

21. **Цацков, О. (2019).** *Доне штипјанчето – симбол на храброст и издржливост вграден во животите на сегашноста и иднината,* XIII Цар – Шишманови денови во Самоков. Асоциация за антропология, етнология и фолклористика „Онгъл“. 4 – 6 октомври 2019 год., Самоков, Бугарија.

Во трудот се осветлува ликот на македонскиот револуционер, куририот Доне Тоше Стојанов, познат во народот како Дончо Штипјанчето, име кое ќе стане симбол на храброст, издржливост и непокор. Во темата се опишува првата македонска афера која можела да заврши со катастрофални последици по Битолскиот и Штипскиот Регион ако тој пред полицијата не се држел како вистински херој. Опфатен е и неговиот престој во затворот во Битола, за неговата цврстина во големите страдања. Оттука ликовите како Доне никогаш не треба да се заборават бидејќи тие се вградени во нашата сегашност и иднина. Во темата е прикажан и останатиот период од неговиот живот поминат во градот Ќустендил, Бугарија

22. **Цацков, О. (2019).** *Душан Будимировиќ и Сергеј Михајлов основоположници на театарскиот и музичкиот живот во Штип помеѓу двете светски војни.* „ФИЛКО “ – филологија, култура и образование. Воронешки државен универзитет ( Русија ), УГД – Штип (Македонија ). 23-25 мај, Voronezh State University

Во трудот посебен акцент е даден на исклучителниот придонес на режисерот и драматург Будимировиќ-основач на прввиот штипски театер и неговата интензивна театарска активност во Штип помеѓу двете светски војни. Исто така, простор е даден и на Михајлов, музичкиот педагог и композитор заслужен за развојот на музичката култура на Штип. Сергеј Михајлов, како руски мигрант дојден во Штип, својот творечки врв го достигнал со поставувањето на првата опера во Македонија. Исто така, тој оспособил и многу генерации музички уметници кои дури и денес оставаат белег од она што тој го поставил како музичка основа. Посебно место е дадено на плејадата млади штипјани кои со целата сила на својот талент и уште поголема љубов создадоа театарски и музички живот во Штип помеѓу двете светски војни.

23. **Цацков, О.** ***(2017).*** *The latest military conflicts in Eastern Macedonia at the end of The First World War from a historical point of view.* Review of the Institute of History and Ar-

chaeology RIHA, ISSN: 2671-3144 eISSN: 2671-3152, *Факултет за образовни науки,* Vol 4 No 1 *стр.100- 108, УДК* 2671-3144 / 2671-3152

Во темата се опишани и обработени економските и политичките состојби и нивните последици. Прикажани се грабежите на населението како од градовите така и од селата од овој регион. Исто така, дадена е и тактиката и борбените дејства на Антатнтата врз позициите што ги држела бугарската и германската војска. Дадени се извештаите на српската армија до Врховната команда за положбата и активноста на нивните за последните воени конфликти.

24. **Cackov, O. (2019).** *First battle line on Salonica Front 1916-1918.* Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 23 (3). ISSN 2545-4439

Во трудот се обработува трагедијата на градовите и населението и планинските височини кои се наоѓале на првата борбена линија на македонскиот фронт со огромни разурнувања и опустошувања од секојдневните артилериски и авионски напади.

25. **Cackov, O. (2019).** *Krivolak battle- example of a senseless human tragedy.* Knowledge – International Journal Vol.34.5 pp.1401-1405.

Во трудот е опишана битката на Криволак која е пример за безумна човекова трагедија која се одвивала за време на Првата светска војна, а се одвивала во централниот дел на Македонија. Оваа битка ја покажала целата бесмисленост, апсурдност и залудната трагедија на учесниците во неа. Во него е прикажан распоредот и воените операции на бугарските и француските војници, збогатен со географски и топографски податоци. Исто така, опишани се и неподносливата положба во која се нашле војниците од обете страни, суровата дисциплина и специфичната и психичка состојба која резултирала од долгиот престој во рововите.

26. **Cackov, O. (2019)** *Military activities of Bulgarian and Serbian army during the First World War in 1915.* Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 30 (6). pp. 1441-1446. ISSN 2545-4439

Во темата е даден доволен простор за воените операции на бугарската и српска армија, економско политичкиот, здравствениот живот како и духовниот во овој период и нивните последици. Трудот е збогатен со податоци за многу географски и топографски поими кои детално ја опишуваат положбата и движењето на бугарската армија во периодот од септември и октомври 1915 година.

27. **Bardarova,S., Serafimova, M., Cackov,O. (2018).** *The role of active employment policies and the economic effects on the unemployment of young people in Macedonia.* Knowledge –International Journal, Vol. 28.5, pp. 1467-1476

Трудот има одредена историска димензија, опфаќа период од една деценија и го третира прашањето на невработеноста како една од карактеристиките на македонското општество.

**I. Објавени монографии:**

1. **Цацков, О. (2016).** *Штип и Штипско за време на Првата светска војна 1914 – 1918 година*. Монографија, ОРО, Скопје, Р Македонија. ISBN 978-9989-2112-4-9

**II. Учебни помагала**

1. **Цацков, О. (2020).** *Историја на Европа во XX век*, скрипта, ISBN: 978-608-244-713-1, Штип: УГД
2. **Цацков, О. (2020).** *Историја на Европа во XX век*, практикум, ISBN: 978-608-244-714-8, Штип: УГД

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Доцент д-р Оливер Цацков ја унапредува својата работа и преку други активности. Во контекст на стручно - апликативната и организациско - развојна дејност д-р Оливер Цацков е ангажиран и активно се вклучува во бројни универзитетски и факултетски органи и комисии:

- член на факултетска Комисија за избор на декан на Факултетот за образовни науки (2019) година,
- член на Комисија за изработка на елаборати за студиските програми од прв циклус на студии за студиската програма Историја и археологија на Факултетот за образовни науки ( 2016, 2019),
- член на Конкурсна комисија за запишување на студенти во прва година на прв циклус на студии (2017, 2018),
- член на Комисија за проверка на психофизички способности (2017, 2018),
- член на меѓународниот научен и уредувачки одбор на меѓународна научна-стручна конференција со наслов *Современо воспитание и образование – состојба, предизвици и перспективи* (2017, 2018),
- член на Комисија за попис на основни средства и ситен инвентар (2017),
- модератор на трибината *Идентитетот низ историјата,* организирана и реализирана на Факултет за образовни науки, Штип, 18.05.2017,
- член на Организициски одбор при Универзитет „Гоце Делчев“ за организирање на трката „Со велосипед на факултет“, Штип, март 2016 и март 2017 година,
- водител и уредник на емисијата *Гледај радио* и емисијата *Музика мундана* на УГД-ФМ,
- член на Организицискиот одбор на меѓународната научна конференција „Образованието во XX век “, Штип, Факултет за образовни науки, 24-25 септември 2015 год.,
- член на Уредувачкиот одбор на RIHA ( Review of the Institute of History and Archeology),
- член-истражувач е во проектот *Македонскиот национален идентитет во британската и американската дипломатска и обавештајна кореспонденција 1919-1945,* Тодор Чепреганов, Верица Јосимовска, Оливер Цацков, Соња Николова и Теон Џинго (2017-2019) [Project- UGD].

Професионалниот однос на доцент д-р Оливер Цацков се изразува и во оценувањето и менторирањето на бројни дипломски трудови.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Согласно член 164 од Законот за високото образование на Република Македонија и членовите 7, 8, 9 и 10 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставнонаучни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (*Универзитетски гласник* бр. 43 од 16.09.2019), по деталното разгледување на доставената документација, Рецензентската комисија констатира дека доцент д-р Оливер Цацков значително го надминува вкупниот предвиден квантум (НО + НИ + СА) на поени за избор во звањето вонреден професор, остварувајќи вкупно 175,7 поена.

Врз основа на анализата и оценката на вкупната наставно-образовна, научноистражувачка и стручно апликативна и организациско развојна дејност на кандидатот д-р Оливер Цацков може да се заклучи дека во сите наведени дејности постигнал мошне значајни резултати. Во наставно-образовната дејност како доцент потврдил дека може да се соочи со предизвикот за ангажирање на повеќе предметни програми. Во научноистражувачката и стручно-апликативната дејност и организациско развојната дејност се афирмирал како солиден истражувач кој ја совладал методологијата на научното истражување како од теориски така и од практичен аспект. Анализата на објавените трудови и трудовите презентирани на стручно-научните собири во земјата и странство покажува дека кандидатот ја насочил својата истражувачка дејност кон сопствено надградување за реализација на наставата која треба да му биде доверена, но едновремено дал свој придонес за афирмација на историјата кај нас.

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија позитивно ја оценува целокупната работа на кандидатот и е на мислење дека тој ги исполнува условите за избор во наставно-научно звање. Затоа, чест ни е на **Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да му предложиме д-р Оливер Цацков да го избере во звањето вонреден професор за наставно-научните области Историја на Македонија и Општа историја на нов век**.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**проф. д-р Ѓорѓи Малковски,** претседател, с.р.
**проф. д-р Александар Трајановски,** член, с.р.
**проф. д-р Снежана Мирасчиева,** член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Избор во звање доцент | 30 | | | | |
| | **ВКУПНО** | **30** | | | | |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | **Вкупно** |
| | | **10** | | **15** | | |
| **1** | Монографија или научна книга<br>*труд.4* | 1 | | | | **10** |
| **2** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори)<br>*Трудови: 18,19,26,27,28,29*<br>*Поени: 9x1.3/1x3/9x1.3//9x1.3/ /9x1.3/9x1.3/* | 9/6/3 | | | | **61,5** |
| **3** | Труд со оригинални научни резултати објавени во зборник од трудови на научен собир<br>*Во земјата:1,5,7,9,10,12,15,16,17, 21, 23, Поени: 2x1.3/2x1.3/2x1.3/2x1.3/2x1.3/2x1. 3/1x2/1.3x2/1.3x2/1.3x2/2x1.3*<br>*Во странство:2,3,6,13,14,20,22,24,25 Поени: 3x1.3/3x1.3/3x1.3/1x3/1.3x3/1.3x3/ 1.3x3/1.3x3/1.3x3* | Во земјата | | Во странство | | **34.2** |
| | | Број | Поени 2 | Број | Поени 3 | |
| | | | 11 | | 9 | |
| **4** | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјата и во странство | Во земјата | | Во странство | | **12** |
| | | Број | Поени 1/1,5 | Број | Поени 1,5/2 | |
| | | 8 | 1 | 4 | 1,5 | |
| **7** | Член на организациски или научен одбор на научен собир, фестивал | Во земјата | | Во странство | | **5** |
| | | 1 | | 2 | | |
| | | 5 | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | **122,7** |

| **Р. бр.** | **Стручно апликативна дејност и организационо развојна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Поени** | | **Поени** | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | Вкупно |
| **1** | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) | 5 | | 8 | | **5** |
| | | 1 | | | | |
| **3** | Елаборати и експертизи | 2 | | | | **4** |
| | | 2 | 2 | | | |
| **4** | Член на факултетски орган, комисија | 7x2 | | | | **14** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **23** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | **30+122,7+23** | | | | **175,7** |